ДИРЕКТИВА 2014/24/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ

од 26 февруари 2014 година

за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ

(Текст со важност за ЕЕО)

ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската унија, а особено член 53(1), член 62 и член 114 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Европската комисија,

по проследувањето на нацрт-законодавниот акт до националните парламенти,

имајќи го предвид мислењето на Европскиот економски и социјален комитет[1],

имајќи го предвид мислењето на Комитетот на регионите[2],

постапувајќи во согласност со вообичаената законодавна постапка[3],

со оглед на тоа што:

(1) Доделувањето на јавни договори од страна или во име на властите на земјите-членки треба да е во согласност со начелата од Договорот за функционирање на Европската унија (ДФЕУ), а особено со начелата за слободно движење на стоки, слобода за основање и слобода за давање на услуги, како и на начелата кои произлегуваат од нив, како што се еднаков третман, недискриминација, меѓусебно признавање, пропорционалност и транспарентност. Сепак, за јавни договори над одредена вредност треба да се подготват постапки за координација на националните постапки за јавни набавки, така што да се обезбеди дека начелата се применуваат во пракса и дека при јавните набавки има конкуренција.

(2) Јавните набавки играат клучна улога во стратегијата Европа 2020, утврдена во Соопштението на Комисијата од 3 март 2010 година, со наслов „Европа 2020, стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст“ како еден од пазарните инструменти кои треба да се користат за постигнување на паметен, одржлив и инклузивен раст и истовремено гарантирање на најефикасна употреба на јавните средства. За таа цел, правилата за јавни набавки, донесени во согласност со Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[4] и Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[5], треба да се ревидираат и ажурираат за да се зголеми ефикасноста на јавните трошоци, да се олесни особено учеството на малите и средните претпријатија (МСП) во јавните набавки и да им се овозможи на набавувачите подобро да ги користат јавните набавки во поддршка на заеднички цели

[1] Сл. весник С 191, 29.6.2012 година, стр. 84.
[2] Сл. весник С 391, 18.12.2012 година, стр. 49.
[3] Став на Европскиот парламент од 15 јануари 2014 година (сè уште необјавен во Службениот весник) и одлука на Советот од 11 февруари 2014 година.
[4] Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година за координирање на постапките за набавки на субјектите кои дејствуваат во секторите за вода, енергетика, транспорт и за поштенски услуги(Сл. весник L 134, 30.4.2004 година, стр. 1).
[5] Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година за усогласување на постапките за доделување договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги (Сл. весник L 134, 30.4.2004 година, стр. 114).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

од јавен карактер. Постои и потреба од разјаснување на основните поими и концепти за да се обезбеди правна сигурност и за да се вклучат одредени аспекти на утврдена судска пракса на Судот на правдата на Европската унија во оваа област.

(3) При примената на оваа директива треба да се земе предвид Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност[1], особено во врска со изборот на средствата за комуникација, техничките спецификации, критериумите за доделување и условите за извршување на договорот.

(4) Сè поразновидните форми на јавна дејност ја воведоа потребата од појасно одредување на самиот поим „набавка“. Ова појаснување, сепак, не треба да го прошири опсегот на оваа директива во споредба со опсегот на Директива 2004/18/ЕЗ. Правилата на Унијата за јавни набавки немаат за цел да ги опфатат сите форми на трошење на јавните средства, туку само оние наменети за стекнување на работи, добра или услуги за надомест врз основа на договор за јавна набавка. Треба да се прецизира дека стекнувањето на работи, добра или услуги треба да се регулира со оваа директива, без разлика дали тоа настанува преку купување, закуп или други форми на договори.

Поимот „стекнување“ треба да се сфати во поширока смисла како добивање на придобивките од работите, добрата или услугите за кои не е задолжително да се бара пренесување на сопственоста на договорните органи. Освен тоа, самото финансирање на одредена активност, особено преку обезбедување на грантови што често е поврзано со обврската за наплата на добиените суми, кога тие не се користат за планираната намена, не спаѓа во опсегот на правилата за јавни набавки. Слично на тоа, ситуаци во кои сите оператори кои исполнуваат одредени услови се овластени да извршат одредена задача, без можност за избор, како што се системите за избор на корисникот и за ваучери за услуги, не треба да се сметаат за набавки, туку за едноставни шеми за одобрување (на пример лиценци за лекови или медицински услуги).

(5) Треба да се запомни дека ниту една одредба од оваа директива не ги обврзува земјите-членки да склучуваат договори или да изразуваат обезбедување на услуги кои сакаат самите да ги обезбедат или да ги организираат поинаку, а не преку јавни договори во рамките на значењето на оваа директива. Не е опфатено обезбедувањето на услуги врз основа на закони, регулативи или договори за работа. Во некои земји-членки ова може да се однесува на одредени административни услуги и услуги обезбедени од органите на централната власт, како на пример услуги на извршната и законодавната власт, или обезбедување на одредени услуги на населението, на пример услуги во областа на надворешните работи или правда или услуги за задолжително социјално осигурување.

(6) Соодветно е, исто така, да се потсети дека оваа директива не треба да влијае врз законите на земјите-членки во областа на социјалната сигурност. Таа не треба ниту да се справува со либерализација на услугите од општ економски интерес, ограничени за јавни или приватни субјекти, ниту со приватизација на јавни субјекти кои обезбедуваат услуги.

Исто така треба да се потсети дека земјите-членки имаат право да организираат обезбедување на задолжителни социјални услуги или други услуги, како на пример поштенски услуги, како услуги од општ економски интерес, како непрофитни услуги од општ интерес или како комбинација од двете. Соодветно е да се појасни дека

[1] Одобрена со Одлука 2010/48/ЕЗ на Советот од 26 ноември 2009 година во врска со заклучокот на Европската комисија за Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност (Сл. весник L 23, 27.1.2010 година, стр. 35).

непрофитните услуги од општ интерес не треба да припаѓаат во полето на примена на оваа директива.

(7) Треба да се потсети дека оваа директива не е во спротивност со слободата на националните, регионалните и локалните органи да ги утврдат, во согласност со правото на Унијата, услугите од општ економски интерес, нивното поле на примена, како и карактеристиките на услугата која треба да се обезбеди, вклучувајќи ги сите услови во однос на квалитетот на услугата, со цел постигнување на целите на нивната јавна политика. Исто така, оваа директива не треба да е во спротивност со овластувањата на националните, регионалните и локалните органи да обезбедат, да нарачаат спроведување и да финансираат услуги од општ економски интерес во согласност со член 14 од ДФЕУ и Протокол бр. 26 за услуги од општ интерес, приложен кон ДФЕУ и кон Договорот за Европската унија (ДЕУ). Освен тоа, оваа директива не се занимава со финансирањето на услуги од општ економски интерес или со системите за обезбедување на помош од земјите-членки, особено во социјалната област, во согласност со правилата на Унијата за конкуренција.

(8) Даден договор треба да се смета за договор за јавни работи само ако неговиот предмет категорично го опфаќа извршувањето на активностите наведени во Анекс II, дури и кога договорот опфаќа обезбедување други услуги потребни за спроведување на овие активности. Договорите за јавни услуги, особено во сферата на услуги за управување со имоти, во одредени околности, можат да вклучуваат работи. Сепак, доколку тие работи се споредна активност во однос на главниот предмет на договорот и можно е да има последица или прилог кон него, фактот дека тие работи се вклучени во договорот не дава причина договорот за јавни услуги да се дефинира како договор за јавни работи.

Сепак, со оглед на различноста на договорите за јавни работи, договорните органи треба да можат да предвидат можност договорите за осмислување и спроведување на работа да бидат доделувани или одвоено или заедно. Оваа директива нема за цел да предвидува заедничко или одделнододелување на договор.

(9) Остварувањето на работата која одговара на барањата утврдени од договорниот орган, бара предметниот орган да има преземено мерки за утврдување на видот на работата или најмалку да има одлучувачко влијание во однос на осмислувањето. Без разлика дали изведувачот ја остварува целата или дел од работата со сопствени средства или го обезбедува остварувањето на друг начин, класификацијата на договорот како договор за работа не треба да се менува, сè додека изведувачот презема директна или индиректна обврска што може да биде законски исполнета за да гарантира завршување на работата.

(10) Поимот за „договорни органи“, а одобено оној за „тела регулирани со јавно право“ постојано се разгледува во судската пракса на Судот на правда на Европската унија. За да се појасни дека опсегот на оваа директива *ratione personae* останува непроменет, соодветно е да се остават дефинициите на кои се заснова судот и да се вклучат одреден број на објаснувања според судската пракса како клуч за разбирање на самите дефиниции, без намера за промена на разбирањето на концептите како што беше објаснето со судската пракса. Затоа, треба да се разјасни дека телото кое дејствува во нормални пазарни услови, се стреми да оствари профит и ги поднесува загубите кои произлегуваат од вршење на неговата дејност, не треба да се смета за „тело регулирано со јавно право“, бидејќи потребите од општ интерес, кои се утврдени за него или кои треба да ги исполни, може да се смета дека имаат индустриска или комерцијална природа.

На сличен начин, условот поврзан со потеклото на финансирањето на соодветното тело се испитува според судската пракса и, меѓу другото, појаснува дека финансирањето „во поголем дел“ се однесува на повеќе од половина и дека таквото финансирање може да вклучува исплати од корисници кои се наметнуваат, пресметуваат и собираат во согласност со правилата на јавното право.

(11) Во случај на комбинирани договори, применливите правила треба да се утврдат во зависност од главниот предмет на договорот, доколку различни делови кои го сочинуваат објективно се неделиви. Поради тоа, треба да се појасни начинот на кој договорните органи треба да утврдат дали различните делови се неделиви. Ова појаснување треба да се заснова на соодветната судска пракса на Судот на правдата на Европската унија.

Утврдувањето треба да се изврши во поединечни случаи во кои изразените или наводните намери на договорниот орган за разгледување на различните делови кои го сочинуваат комбинираниот договор како неделиви не треба да се доволни, додека треба да бидат поддржани со објективни докази кои можат да ги оправдаат нив и да ја оправдаат потребата од склучување на единствен договор. Слична оправдана потреба од склучување на договор би можела на пример да постои во случај на изградба на една зграда, од која еден дел ќе се користи директно од засегнатиот договорен орган, а друг дел ќе се дава под концесија, на пример за обезбедување на јавен паркинг. Треба да се појасни дека потребата за склучување на единствен договор може да се должи на причини како од техничка, така и од економска природа.

(12) Во комбинираните договори кои можат да бидат поделени, договорните органи секогаш можат да доделуваат поединечни договори за различните делови на комбиниран договор, и во тој случај одредбите применливи за секој одделен дел треба да се утврдат целосно во зависност од карактеристиките на конкретниот договор. Од друга страна, кога договорните органи одлучат да вклучат други елементи во договорот, основниот принцип треба да биде дека кога договорот треба да се додели во согласност со одредбите на оваа директива, ако се доделува самостојно, тогаш оваа директива треба да се применува и во однос на комбинираниот договор, без оглед на вредноста на дополнителните елементи и од правниот режим кој се применува за нив.

(13) Сепак, треба да се предвидат посебни одредби за комбинирани договори, вклучувајќи аспекти поврзани со одбраната или безбедноста, или делови надвор од полето на примена на ДФЕУ. Во такви случаи треба да биде можно оваа директива да не се применува под услов доделувањето на единствен договор да е оправдано од објективни причини и одлуката за доделување на единствен договор да не е донесена со цел исклучување на договорот од примената на оваа директива или на Директива 2009/81/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1]. Треба да се појасни дека договорните органи треба да имаат можност да ја применуваат оваа директива за одредени комбинирани договори наместо Директива 2009/81/ЕЗ.

(14) Треба да се појасни дека терминот „економски оператори“ треба да се толкува на поширок начин, така што во него да бидат вклучени сите лица и/или субјекти кои нудат извршување на работи, понудата на производи или обезбедувањето на услуги на пазарот, во каква било правна форма според која одбрале да ја вршат својата дејност. Како резултат на тоа, фирмите, филијалите, подружниците, здруженијата,

[1] Директива 2009/81/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година за координирање на постапките за доделување на договори за одредени работи, договори за набавки и договори за услуги од договорните органи или субјекти во областа на одбраната и безбедноста и за изменување на Директиви 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ (Сл. весник L 216, 20.8.2009 година, стр. 76).

кооперативните здруженија, компаниите со ограничена одговорност, универзитетите, јавни или приватни, и другите форми на субјекти кои не се физички лица треба да спаѓаат во опсегот на поимот „економски оператор“, независно од тоа дали се „правни лица“ во сите околности.

(15) Треба да се појасни дека групите на економски оператори, вклучувајќи и ако овие оператори се групирале во привремено здружение, можат да учествуваат во постапките за доделување, без да е потребно да преземат посебна правна форма. Доколку тоа е неопходно, на пример кога се бара заедничка и поединечна одговорност, може да е потребна посебна форма кога договорот се доделува на такви групи.

Исто така, треба да се појасни дека договорните органи треба да можат експлицитно да го наведат начинот на кој групите на економски оператори ќе ги исполнат барањата поврзани со економската и финансиската состојба, како што е утврдено во оваа директива, или критериумите во врска со техничките и професионалните способности што треба да ги поседуваат економските оператори кои учествуваат самостојно.

Спроведувањето на договорите од страна на групи на економски оператори може да бара утврдување на услови кои не се воведени за индивидуалните учесници. Овие услови, кои треба да се оправдани со објективни причини и да се пропорционални, можат, на пример, да вклучуваат барање за именување на заеднички претставник или водечки партнер за целите на постапката за набавка или барање за обезбедување информации за нивната структура.

(16) Договорните органи треба да ги користат сите можни средства со кои располагаат во согласност со националното право за да ги спречат нарушувањата во постапките за јавни набавки кои произлегуваат од судири на интереси. Ова може да вклучува постапки за откривање, спречување и отстранување на судирите на интереси.

(17) Со Одлука 94/800/ЕЗ на Советот[1] особено е одобрен Договорот за владина набавка на Светската трговска организација („ГПА“). Целта на ГПА е да воспостави мултилатерална рамка за урамнотежени права и обврски во однос на јавните набавки со цел постигнување на либерализација и експанзија на светската трговија. За договорите што спаѓаат во опсегот на анекси 1, 2, 4 и 5 и Општите забелешки кон Додаток I на Европската унија кон ГПА, како и во опсегот на други соодветни меѓународни договори со кои Унијата е обврзана, договорните органи треба да ги исполнуваат обврските според овие договори преку применување на оваа директива на економските оператори од трети земји - потписнички на договорите.

(18) ГПА се применува за договори над одредени прагови утврдени во ГПА и изразени во специјални права на влечење. Праговите утврдени со оваа директива треба да се усогласат за да се обезбеди дека се во согласност со еквивалентот во евра на праговите во ГПА. Исто така, треба да се предвиди периодичен преглед на праговите изразени во евра за да можат тие да се коригираат преку чисто математичка операција до можните отстапувања во вредноста на еврото во однос на специјалните права на влечење. Покрај овие периодични математички корекции, на следната рунда преговори за ГПА треба да се разгледа можноста да се зголемат утврдените прагови.

(19) Треба да се појасни дека за пресметување на вредноста на договорот треба да се земат предвид сите приходи, без оглед на тоа дали се добиени од договорниот орган или од трети страни. Исто така, треба да се појасни дека за целите на пресметување на

[1] Одлука 94/800/ЕЗ на Советот од 22 декември 1994 година во врска со одлуката во име на Европската заедница, во однос на прашања од својата надлежност, на договорите постигнати во Уругвајската рунда на мултилатерални преговори (1986-1994) (Сл. весник L 336, 23.12.1994 година, стр. 1).

праговите поимот „слични испораки“ треба да се смета како производи наменети за иста или слична употреба, на пример испораки на асортиман на храна или разновидни предмети од канцелариска опрема. Обично е можно економски оператор кој работи во соодветниот сектор да врши такви испораки како дел од вообичаен асортиман на производи.

(20) Заради пресметување на вредноста на набавката, треба да се појасни дека може да се дозволи проценката да се прави врз основа на поделбата на набавката само кога тоа е оправдано од објективни причини. На пример, може да е оправдано вредностите на договорите да се пресметуваат на ниво на одделните оперативни единици на договорниот орган, на пример училишта или градинки, под услов соодветната единица самостојно да ја сноси одговорноста за своите набавки. Ова може да се прифати во случаите кога посебната оперативна единица самостојно ги врши постапките за набавка и донесува одлуки за купување, располага со посебна буџетска ставка за соодветните набавки, самостојно го склучува договорот и го финансира од буџетот со кој располага. Поделбата не е оправдана кога договорниот орган само организира набавка на децентрализиран начин.

(21) Јавните договори кои се доделени од договорни органи кои работат во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги и кои спаѓаат во сферата на тие активности се вклучени во опсегот на Директива 2014/25/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1]. Сепак, договорите доделени од договорни органи во контекст на вршење на морски, крајбрежни или речни транспортни услуги, спаѓаат во доменот на оваа директива.

(22) Бидејќи се однесува на земјите-членки, оваа директива не се применува за набавки извршени од меѓународни организации во нивно име и за нивна сметка. Сепак, потребно е да се разјасни до кој степен оваа директива треба да се применува за набавки уредени со посебни меѓународни правила.

(23) Доделувањето на јавни договори за одредени аудио-визуелни и радио медиумски услуги од давателите на медиумски услуги треба да овозможува да се земат предвид аспектите со културно или општествено значење, кои ја прават несоодветна примената на правилата за набавка. Поради тие причини, треба да се предвиди исклучок за договори за јавни услуги доделени од самите даватели на медиумски услуги, за купување, развој, продукција или ко-продукција на стандардни емисии и други подготвителни услуги како што се услугите поврзани со сценарија или уметнички изведби потребни за продукција на програмата. Исто така, треба да се појасни дека овој исклучок треба да се применува еднакво и за медиумските услуги за емитување и за услугите на барање (нелинеарни услуги). Сепак, овој исклучок не треба да се применува за снабдувањето со техничка опрема неопходна за продукција, ко-продукција и радиодифузија на такви програми.

(24) Треба да се потсети дека арбитражата и услугите на порамнување, како и други слични алтернативни начини за решавање на споровите обично се обезбедуваат од страна на тела или физички лица за кои е постигнат договор или кои се избрани на начин кој не може да се управува според правилата за набавки. Треба да се појасни дека оваа директива не се применува за договори за услуги за обезбедување на такви услуги, независно од нивниот назив во согласност со националното право.

[1] Директива 2014/25/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за набавки од страна на субјектите кои дејствуваат во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги (види стр. 243 од овој Службен весник).

(25) Одреден број правни услуги се обезбедени од страна на давателите на услуги, идентификувани од страна на суд или трибунал на земјата-членка, вклучуваат застапување на клиенти во судски постапки од страна на адвокат, претставуваат услуги кои треба да бидат обезбедени од нотар или се поврзани со вршење службено овластување. Таквите правни услуги обично се обезбедуваат од страна на тела или поединци, именувани или избрани на начин кој не може да се управува според правилата за набавка, како на пример во случајот со назначување на јавниот обвинител во некои земји-членки. Затоа, тие правни услуги треба да бидат исклучени од полето на примена на оваа директива.

(26) Соодветно е да се прецизира дека поимот „финансиски инструменти“, како што е наведено во оваа директива, се користи со истото значење како во останатото законодавство во областа на внатрешниот пазар, и со оглед на неодамнешното основање на Европскиот фонд за финансиска стабилност и Европскиот механизам за стабилност треба да се наведе дека активностите извршени со овој фонд и овој механизам треба да бидат исклучени од полето на примена на оваа директива. На крајот, треба да се појасни дека заемите, без разлика дали се поврзани со издавање на хартии од вредност или други финансиски инструменти, или други активности поврзани со ова, треба да бидат исклучени од полето на примена на оваа директива.

(27) Треба да се потсети дека член 5(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 на Европскиот парламент и на Советот[1] изрично предвидува дека Директиви 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ соодветно се применуваат за договори за услуги и за јавни услуги за јавен превоз на патници со автобус или трамвај, додека Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 се применува за јавни концесии за услуги за јавен превоз на патници со автобус или трамвај. Освен тоа, треба да се потсети дека наведената регулатива продолжува да се применува за договори за јавни услуги, како и за концесии за јавни услуги за превоз на патници со железница или метро. За да се разјасни односот помеѓу оваа директива и Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007, треба експлицитно да се предвиди дека оваа директива не треба да се применува за договори за јавни услуги за обезбедување јавни услуги за превоз на патници со железница или метро чие доделување треба да продолжи да се регулира со споменатата регулатива. Доколку Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 дава можност националното право да отстапува од правилата утврдени во споменатата регулатива, земјите-членки треба да можат во своето национално право да продолжат да обезбедуваат договори за јавни услуги за јавен превоз на патници со железница или метро треба да се доделуваат по постапка за доделување на договор, следејќи ги општите правила за јавни набавки.

(28) Оваа директива не треба да се применува за одредени услуги во итни случаи кога тие се обезбедуваат од непрофитни организации или здруженија, бидејќи ќе биде тешко да се задржи посебната природа на овие организации, доколку давателите на услуги треба да бидат избрани во согласност со постапките утврдени во оваа директива. Сепак, исклучокот не треба да го надминува тоа што е строго потребно. Затоа, треба експлицитно да се утврди дека услугите за превоз на пациенти со брза помош не треба да бидат исклучени. Во тој контекст, освен тоа потребно да се појасни дека ОПЈН/CPV Група 601 „Патни транспортни услуги“, не ги опфаќа здравствените услугите, кои се опфатени од класа 8514 според ОПЈН/CPV. Затоа, треба да се појасни дека за услугите кои се опфатени со ОПЈН/CPV ознака 85143000-3, кои се состојат

[1] Регулатива (ЕЗ) бр.1370/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за услуги за јавен превоз на патници со железнички и патен сообраќај и за укинување на Регулативи (ЕЕЗ) бр.1191/69 и бр.1107/70 на Советот (Сл. весник L 315, 3.12.2007 година, стр.1).

само од амбулантни услуги за превоз на пациенти, треба да се применува специјалниот режим за социјални и други посебни услуги („олеснителен режим“). Поради тоа, за комбинираните договори за обезбедување на општи амбулантни услуги, исто така, ќе подлежи на олеснителен режим, доколку вредноста на амбулантни услугите за превоз на пациенти ја надминува вредноста на другите амбулантни услуги.

(29) Соодветно е да се потсети дека оваа директива се применува само за договорните органи од земјите-членки. Оттука, политичките партии, воопшто, кои не се договорни органи, не подлежат на тие одредби. Сепак, политичките партии во некои земји-членки може да припаднат во полето на примена на поимот за тела регулирани со јавно право.

Сепак, одредени услуги (како што се производство на пропаганден филм и видео ленти) се така неразделно поврзани со политичките ставови на давателот на услуги кога се обезбедуваат во рамките на изборна кампања, така што давателите на услуги обично се избираат на начин кој не може да се регулира со правилата за набавки.

Конечно, треба да се потсети дека во однос на статусот и финансирањето на европските политички партии и европските политички фондации се применуваат правила различни од оние утврдени во оваа директива.

(30) Во одредени случаи, договорен орган или здружение на договорни органи може да биде единствениот извор на одредена услуга, за чие обезбедување се користи исклучиво право според законите, регулативите или објавените административни одредби кои се во согласност со ДФЕУ. Треба да се појасни дека не е потребно оваа директива да се применува за доделување на договори за јавни услуги за тој договорен орган или здружение.

(31) Постои значителна правна несигурност за тоа до кој степен договорите склучени помеѓу субјекти во рамки на јавниот сектор треба да бидат опфатени од правилата за јавни набавки. Соодветната судска пракса на Судот на правда на Европската унија во оваа област се толкува поинаку од земјите-членки и дури од договорните органи. Затоа, потребно е да се појасни во кои случаи договорите склучени во рамки на јавниот сектор не подлежат на примената на правилата за јавни набавки.

Ова појаснување треба да се води во согласност со начелата утврдени во соодветната судска пракса на Судот на правдата на Европската унија. Фактот дека и двете страни на еден договор се всушност и јавни органи не ја исклучува примената на правилата за набавка. Сепак, примената на правилата за јавни набавки не треба да влијае врз слободата на јавните органи да ги вршат јавните задачи кои им се доделени со користење на нивни сопствени ресурси, кои ја вклучуваат можноста за соработка со други јавни органи.

Треба да се осигури дека која било изземена јавно-јавна соработка не води до нарушување на конкуренцијата во однос на приватни економски оператори, доколку става приватен давател на услуги во поповолна позиција во споредба со неговите конкуренти.

(32) Јавните договори доделени на контролирани правни лица не треба да подлежат на примена на постапките предвидени со оваа директива доколку договорниот орган врши контрола врз засегнатото правно лице, слично на контролата што ја врши врз сопствените структурни единици, под услов контролираното правно лице да врши повеќе од 80% од својата дејност при извршување на задачите доделени од страна на договорениот орган или од други правни лица контролирани од истиот договорен

орган, без оглед на корисникот на спроведувањето на договорот.

Исклучокот не треба да ги опфаќа случаите на директно учество на приватен економски оператор во капиталот на контролираното правно лице, бидејќи, под слични околности, доделувањето на јавен договор без конкурентна постапка би му обезбедило на приватниот економски оператор со капитал во контролираното правно лице неоправдана предност во однос на своите конкуренти. Меѓутоа, во однос на посебните карактеристики на јавните тела со задолжително членство, како што се организациите кои се одговорни за управувањето или спроведувањето на одредени јавни услуги, ова не треба да се применува во случаите кога учеството на посебни приватни економски оператори во капиталот на контролираното правно лице е задолжително, согласно одредба на националното законодавство во согласност со Договорите, доколку тоа учество нема функција на контрола или блокирање и не покаже решавачко влијание врз одлуките на контролираното правно лице. Во прилог треба да се појасни дека одлучувачкиот елемент е само директното приватно учество во контролираното правно лице. Затоа, кога има учество на приватен капитал во контролниот договорен орган или во контролните договорни органи, тоа не е пречка за доделување на јавни договори на контролираното правно лице, без да се применуваат постапките предвидени во оваа директива, бидејќи таквото учество не влијае негативно врз конкуренцијата помеѓу приватните економски оператори.

Исто така, треба да се појасни дека договорните органи како што се тела регулирани со јавното право, кои може да имаат учество на приватен капитал, треба да можат да имаат полза од исклучокот за хоризонтална соработка. Затоа, кога се исполнети сите други услови поврзани со хоризонталната соработка, исклучокот за хоризонтална соработка треба да се прошири и за овие договорни органи, кога договорот е склучен исклучиво помеѓу договорни органи.

(33) Договорните органи треба да се во можност да изберат заеднички да ги обезбедуваат нивните јавни услуги преку соработка, без да се бара да користат одредена правна форма. Оваа соработка може да ги опфаќа сите видови активности поврзани со спроведувањето на услуги и обврски доделени на или преземени од вклучените органи, како што се задолжителни или доброволни задачи на локалните или регионалните органи или услуги доделени на конкретни тела согласно јавното право. Услугите обезбедени од различните вклучени органи не мора нужно да се исти, тие можат и да се надополнуваат.

Договорите за заедничко обезбедување на јавни услуги не треба да подлежат на примена на правилата утврдени во оваа директива, доколку се склучени исклучиво помеѓу договорни органи, така што спроведувањето на оваа соработка се раководи исклучиво од причини поврзани со јавниот интерес и доколку ниту еден приватен давател на услуги не е ставен во поповолна позиција во однос на своите конкуренти.

За да ги исполнува овие услови, соработката треба да се заснова на концепт за соработка. Оваа соработка не налага сите вклучени органи да преземаат извршување на основните договорни обврски, сè додека постојат обврски за придонесување кон заедничкото извршување на предметната јавна услуга. Освен тоа, спроведувањето на соработката, вклучувајќи какви било финансиски трансфери меѓу вклучените договорни органи, треба да се раководи исклучиво од причини поврзани со јавниот интерес.

(34) Во одредени случаи даден правен субјект дејствува во согласност со соодветните одредби од националното право, како алатка или техничка служба на

одредени договорни органи, обврзан е да ги извршува наредбите на овие договорни органи и нема влијание врз исплатата за неговото извршување. Со оглед на природата на тој однос која не се заснова на договор, таков исклучиво административен однос не треба да биде вклучен во полето на примена на постапките за јавни набавки.

(35) Треба да се поттикнува кофинансирање на програми за истражување и развој (ИР) од индустриски извори. Во врска со тоа, треба да се појасни дека оваа директива се применува само кога постои такво кофинансирање и кога соодветниот договорен орган ги добива резултатите од ИР. Ова не треба да ја исклучи можноста давателот на услугата, кој ги врши овие активности, да објавува информации во врска со нив, под услов договорниот орган да го задржува ексклузивното право да ги користи резултатите од ИР при вршење на своите активности. Сепак, фиктивно споделување на резултатите од ИР и симболичното учество во исплатата на давателот на услугата не треба да ја попречуваат примената на оваа директива.

(36) Вработувањето и извршување на професија придонесуваат за социјална интеграција и се клучни елементи за гарантирање на еднакви можности за сите. Во врска со ова, заштитените работилници можат да играат значајна улога. Истото важи и за другите социјални претпријатија чија главна цел е да се поддржи социјалната и професионалната интеграција или повторна интеграција на лицата со инвалидност или обесправените лица, како невработените, членовите на малцинства во нерамноправна положба или социјано-маргинализираните групи поради други причини. Сепак, таквите работилници или претпријатија може да не успеат да добијат договори под нормални услови на конкуренција. Затоа е препорачливо да се предвиди можноста земјите-членки да го задржуваат правото на учество во постапки за доделување јавни договори или на одделни позиции од нив или да го задржат извршувањето договори во однос на создавање програми за заштитени работни места.

(37) Со цел соодветно интегрирање на барањата во еколошката, социјалната и трудовата област во постапките за јавни набавки особено е важно земјите-членки и договорните органи да преземат соодветни мерки за обезбедување на извршување на обврските во областа на еколошкото, социјалното и трудовото право кои се применуваат на местото на извршување на договорот или на давање на услугите и кои произлегуваат од закони, регулативи, укази или одлуки на национално ниво и на ниво на Унијата, како и од колективните договори, доколку тие правила и нивната примена се во согласност со правото на Унијата. Исто така, при извршување на договорот треба да се применат обврските кои произлегуваат од меѓународните договори кои се ратификувани од сите земји-членки и се наведени во Анекс Х. Сепак, ова не треба во никој случај да ја попречи примената на условите за вработување кои се поповолни за работниците.

Соодветните мерки треба да се применуваат во согласност со основните начела на правото на Унијата, особено со цел да се обезбеди еднаков третман. Овие мерки треба да се применуваат во согласност со Директива 96/71/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1] и на начин кој обезбедува еднаков третман и нема директна или индиректна дискриминација на економските оператори и работници од други земји-членки.

(38) Треба да се смета дека услугите се обезбедуваат на местото на извршување на нивните карактеристични елементи. Кога услугите се обезбедуваат од далечина, на пример од контакт-центри, треба да се смета дека услугите се обезбедуваат на местото

[1] Директива 96/71/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември1996 година за испраќањето работници во рамките на давањето услуги (Сл. весник L 18, 21.1.1997 година, стр. 1).

на нивното извршување, независно од местата и земјите-членки кон кои се насочени.

(39) Соодветните обврски би можеле да бидат предвидени во клаузулите на договорот. Освен тоа, треба да е можно во јавните договори да бидат вклучени клаузули кои гарантираат усогласеност со колективните договори во согласност со правото на Унијата. Неусогласеноста со соодветните обврски може да се смета за сериозно прекршување од страна на засегнатиот економски оператор, што може да доведе до негово исклучување од постапката за доделување на јавен договор.

(40) Контролата во однос на придржувањето кон одредбите на еколошкото, социјалното и трудовото право треба да се извршува на соодветните фази од постапката за набавка, кога се применуваат општите начела во врска со изборот на учесници и доделување договори, кога се применуваат критериумите за исклучување и начелата во врска со ненормално ниските тендери. За таа цел, треба да се прави потребната проверка во согласност со соодветните одредби од оваа директива, особено во врска со доказите и личните декларации.

(41) Ништо во оваа директива не ја попречува примената или спроведувањето на мерките потребни за заштита на јавната политика, јавниот морал, јавната безбедност, здравјето, човечкиот и животот на животните, зачувување на здравјето на растенијата или други еколошки мерки, особено со цел да се обезбеди одржлив развој, доколку овие мерки се во согласност со ДФЕУ.

(42) Особено е потребно договорните органи да располагаат со дополнителна флексибилност при изборот на постапка за доделување на договор која ќе овозможи преговарање. Поширокатa употреба на овие постапки би можела исто така да ја зголеми и прекуграничната трговија, бидејќи проценката покажува дека договорите доделени преку постапка на преговарање со претходно известување имаат особено голем успех во однос на поднесените прекугранични понуди. Земјите-членки треба да можат да предвидуваат користење на конкурентна постапка со преговарање или на конкурентен дијалог, во различни случаи во кои отворен или ограничен повик без преговарање по секоја веројатност не би довеле до задоволителни резултати од набавките. Треба да се потсети дека во последниве години значително се зголеми користењето на конкурентниот дијалог, изразено како вредност на договорите. Конкурентниот дијалог се покажува корисен во случаите во кои договорните органи не се во можност да ги утврдат средствата за задоволување на потребите или за оценување на тоа што пазарот може да понуди како технички, финансиски или правни решенија. Таква ситуација може да се појави особено при иновативни проекти, при спроведување на големи проекти за интегрирана транспортна инфраструктура, големи компјутерски мрежи или проекти кои вклучуваат комплексно и структурирана финансирање. Каде што е соодветно, договорните органи треба да се охрабруваат да одредат раководител на проектот кој ќе обезбедува добра соработка помеѓу економските оператори и договорниот орган во текот на постапката за доделување на договор.

(43) За договори за работа, таквиот случај вклучува работа што не е поврзана со стандардното градежништво или што вклучува проектирање или иновативни решенија. Употребата на конкурентната постапка со преговарање или конкурентен дијалог може да биде од корист при услуги или набавки кои бараат приспособување или проектирање. Напорите за приспособување или проектирање се особено потребни при комплексни набавки, вклучувајќи на пример високо-технолошки производи, интелектуални услуги, на пример определени консултантски, архитектонски или инженерски услуги или големи проекти во областа на информатичките и

комуникациските технологии (ИКТ). Во овие случаи може да е потребно преговарање за да се обезбеди дека предметната набавка или услуга одговара на потребите на договорниот орган. Конкурентната постапка со преговарање и конкурентниот дијалог не треба да се користат во однос на стандардни услуги или добра кои можат да бидат доставени од страна на бројни различни оператори на пазарот.

(44) Конкурентната постапка со преговарање треба да е достапна и во случаи во кои при спроведување на отворена или ограничена постапка се поднесени само неправилни или неприфатливи понуди. Во овие случаи договорните органи треба да имаат можност за преговарање со цел добивање на редовни и прифатливи понуди.

(45) Конкурентната постапка со преговарање треба да е придружена со соодветни заштитни механизми кои обезбедуваат почитување на начелата за еднаквост и транспарентност. Особено, договорните органи треба претходно да ги наведат минималните барања кои ја карактеризираат природата на договорот и кои не треба да се менуваат при преговарањето. За да се гарантира еднаков третман на сите економски оператори, критериумите за доделување на договор и нивниот коефициент треба да останат непроменети во текот на целата постапка и не треба да се предмет на преговарање. Целта на преговорите треба да биде подобрување на понудите што би им овозможило на договорните органи да купат работи, добра и услуги, целосно прилагодени кон нивните специфични потреби. Преговарањето може да влијае на сите карактеристики на купување работи, добра и услуги, вклучувајќи на пример квалитет, количини, комерцијални услови, како и социјални, еколошки и иновативни аспекти, сè додека тие не претставуваат минимални барања.

Треба да се појасни дека минималните барања кои мора да бидат идентификувани од страна на договорниот орган се условите и карактеристиките (особено физички, функционални и правни) кои секоја понуда треба да ги исполнува или да ги поседува за да му се овозможи на договорниот орган да го додели договорот во согласност со избраните критериуми за доделување. За да се обезбеди транспарентност и можност за следење на процесот, сите фази треба да бидат соодветно документирани. Освен тоа, за време на постапката сите понуди треба да бидат доставени во писмена форма.

(46) На договорните органи треба да им биде дозволено да намалуваат одредени рокови кои се применуваат за отворени и ограничени постапки и за конкурентни постапки со преговарање, кога почитувањето на овие рокови би било невозможно поради неодложни околности кои треба да бидат оправдани од страна на договорните органи. Треба да се појасни дека тоа не мора да се исклучително итни околности предизвикани од настани кои ниту можат да бидат предвидени ниту се должат на договорниот орган.

(47) Истражувањето и иновациите, вклучувајќи иновации од еколошка и социјална природа, се меѓу главните двигатели на идниот раст и се во центарот на стратегијата „Европа 2020“ за паметен, одржлив и инклузивен раст. Јавните органи треба да ги користат јавните набавки на најдобар стратешки начин за да ги поттикнат иновациите. Купувањето на иновативни производи, работи и услуги игра клучна улога во зголемување на ефикасноста и квалитетот на јавните услуги, а истовремено помага и во справувањето со сериозни општествени предизвици. Тоа придонесува за постигнување на најдобра вредност за јавните средства, како и за поширок економски, еколошки и општествени придобивки поврзани со појавата на нови идеи, нивното претворање во иновативни производи и услуги и оттаму - промоција на одржлив економски раст.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Треба да се потсети дека се посочени серии на модели за набавка во известувањето на Комисијата од 14 декември 2007 година, насловено како „Набавка на услуги за развој и истражување: Промовирање на иновации со цел обезбедување одржливост и високиот квалитет на јавните услуги во Европа“, кои се поврзани со набавката на услуги за истражување и развој кои не спаѓаат во полето на примена на оваа директива. Овие модели ќе продолжат да се применуваат, но оваа директива треба да придонесе и за полесни јавни набавки за иновации, како и да им помогне на земјите-членки да ги постигнат целите на Унијата на иновации.

(48) Поради важноста на иновацијата, договорните органи треба да се охрабруваат што е можно почесто да дозволуваат варијанти. Овие органи постојано треба да обрнуваат внимание на потребата да се утврдат минималните барања на кои овие варијанти треба да одговараат пред да се најави дека можат да бидат доставувани варијанти.

(49) Кога потребата од развој на иновативни производи, услуги или работи и последователното купување на добра, услуги или работи добиени како резултат на тоа не може да биде задоволено преку решенијата достапни на пазарот, договорните органи треба да имаат пристап до посебна постапка за доделување на договор во врска со договорите кои спаѓаат во полето на примена на оваа директива. Оваа специјална постапка треба да им овозможи на договорните органи да воспостават долгорочно партнерство за иновации со цел да се развие и подоцнежно купување на нов, иновативен производ, услуга или работа, под услов тој иновативен производ, услуга или работа да можат да бидат доставени при договорените нивоа на изведба и трошоци, без потреба од посебна постапка за набавка. Партнерството за иновации треба да се базира на процедуралните правила што се применуваат за конкурентната постапка со преговарање и договорите треба да се доделуваат единствено врз основа на најдобар сооднос квалитет/цена, што е најсоодветен критериум за споредување на понудите за иновативни решенија. Без разлика дали станува збор за исклучително големи проекти или за помали иновативни проекти, партнерството за иновации треба да се структурира на начин што го обезбедува потребното „привлекување на пазарот“, поттикнувајќи го развојот на иновативно решение без да се ограничува пазарот.

Затоа, договорните органи не треба да ги користат партнерствата за иновации на начин кој ја спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата. Во одредени случаи, сличен резултат би можел да се избегне преку создавање на партнерства за иновации со неколку партнери.

(50) Во поглед на неповолните последици за конкуренцијата, постапки со преговарање без претходно објавување на известување за договор треба да се користат само за особено исклучителни случаи. Овој исклучок треба да се ограничува до случаи кога објавувањето е невозможно поради исклучително итни околности предизвикани од настани кои ниту можат да бидат предвидени ниту се должат на договорниот орган, или кога е јасно дека објавувањето на известување нема да доведе до поголема конкуренција или до подобри резултати од набавката, особено бидејќи објективно постои само еден економски оператор кој може да го изврши договорот. Таков е случајот кај уметнички дела, кога идентитетот на уметникот природно го одредува уникатниот карактер и вредноста на самиот уметнички предмет. Исклучителноста може да се поврзе и со други случаи, но само случаите на објективна исклучителност можат да ја оправдаат употребата на постапката со преговарање без известување, ако оваа ситуација не е создадена од самиот договорен орган со оглед на идната постапка за набавка.

Договорните органи кои се повикуваат на овој исклучок треба да го оправдаат отсуството на разумни алтернативи или замени, како на пример користење на алтернативни дистрибутивни канали, дури и надвор од земјата-членка на договорниот орган или ги земаат предвид функционалните споредливи работи, добра и услуги.

Кога исклучителноста се должи на причини од техничка природа, тие треба да бидат строго дефинирани и оправдани за секој поединечен случај. Тие би можеле да вклучуваат, на пример, речиси целосна техничка неможност на друг економски оператор да го постигне потребното ниво на перформанси или потребата да се користат посебни вештини, алатки или средства со кои располага само еден економски оператор. Техничките причини можат, исто така, да произлегуваат од специфични барања за интероперабилност кои треба да бидат исполнети за да се обезбеди функционирање на работите, добрата или услугите кои треба да се набават.

Конечно, постапката за набавка не е корисна кога добрата се набавуваат директно на стоковиот пазар, вклучувајќи ги стоковите трговски платформи, како размена за земјоделски производи, суровини и енергија, при што регулирањето и контролирана мултилатерална трговска структура по правило гарантира пазарни цени.

(51) Треба да се појасни дека одредбите во врска со заштитата на доверливите информации на никаков начин не се пречка за јавно објавување на недоверливите делови од склучените договори, вклучувајќи ги сите последователни измени.

(52) Електронските средства за информирање и комуникација може значително да го поедностават објавувањето на договорите и да ги зголемат ефикасноста и транспарентноста на процесите за набавка. Тие можат да станат стандардни средства за комуникација и размена на информации во постапките за набавка, бидејќи суштински ги зголемуваат можностите на економските оператори да учествуваат во постапките за набавка во рамките на целиот внатрешен пазар. За таа цел, треба да станат задолжителни испраќањето на известувањата по електронски пат, претставувањето на документацијата за набавката во електронска форма и - по преодниот период од 30 месеци - целосниот премин кон електронски пораки, што значи комуникација со електронски средства во сите фази од постапката, вклучувајќи го поднесувањето на барања за учество, а особено поднесување на понудите (електронско поднесување). Земјите-членки и договорните органи треба да имаат избор, доколку сакаат, да бидат поактивни во тој поглед. Исто така, треба да се појасни дека задолжителното користење на електронски средства за комуникација во согласност со оваа директива не треба да ги обврзува договорните органи електронски да ги обработуваат понудите, ниту да наметне електронско оценување или автоматска обработка. Покрај тоа, во согласност со оваа директива, обврската за користење на електронски средства за комуникација не треба да опфати ниту еден елемент од процесот на јавна набавка по склучувањето на договорот, ниту внатрешна комуникација во рамките на договорниот орган.

(53) Освен во одредени ситуации, договорните органи треба да користат електронски средства за комуникација кои се недискриминаторни, општо достапни и интероперативни со ИКТ производите за широка употреба и кои не го ограничуваат пристапот на економски оператори до постапката за набавка. Освен тоа, при користењето на овие средства за комуникација треба да се земе предвид пристапноста за лицата со попреченост. Треба да се појасни дека обврската за користење на електронски средства во сите фази од постапката за јавна набавка не би била корисна кога употребата на електронски средства бара специјализирани алатки или формати на датотеки кои не се широко достапни, ниту кога соодветната комуникација може да се

оствари само со помош на специјализирана канцелариска опрема. Поради тоа, договорните органи не треба да бидат обврзани да бараат употреба на електронски средства за комуникација во процесот на поднесување на документите во одредени случаи, кои треба да се сеопфатно наведени. Во оваа директива треба да се посочи дека овие случаи треба да вклучуваат ситуации во кои се бара употреба на специјализирана канцелариска опрема што не е широко достапна за договорните органи, на пример мултифункционални печатачи. Можно е документацијата за набавка кај некои постапки за набавка да вклучува барање за поднесување на примероци или макети кои не можат да бидат испратени на договорните органи преку електронски средства. Во такви случаи, моделот треба да се испраќа до договорните органи по пошта или преку друга соодветна курирска служба.

Сепак, треба да се појасни дека употребата на други средства за комуникација мора да биде ограничена до овие елементи на понудата за кои не се бараат електронски средства за комуникација.

Соодветно е да се појасни дека од технички причини договорните органи треба да можат да утврдат максимално дозволен износ на поднесените датотеки.

(54) Можни се исклучителни случаи во кои на договорните органи треба да им се дозволи да не користат електронски средства за комуникација, кога некористењето на слични средства за комуникација е потребно за заштита на особено чувствителниот карактер на информациите. Треба да се појасни дека кога употребата на електронски средства кои не се општо достапни може да го обезбеди потребното ниво на заштита, овие електронски средства треба да се користат. Таков може да биде примерот во кој договорните органи бараат да се користат специјално создадени сигурни средства за комуникација до кои тие го обезбедуваат пристапот.

(55) Разликите во техничките формати или стандардите за процеси и пораки би можеле да создадат пречки за интероперабилност не само во рамките на одделните земји-членки, туку посебно и помеѓу земјите-членки. На пример, за да учествуваат во постапката за набавка, при што е дозволено или се бара употреба на електронски каталог кој претставува формат за претставување и организирање на информациите на сличен начин за сите вклучени понудувачи и подлежи на електронска обработка, во отсуство на стандардизација економските оператори ќе треба да ги приспособат своите каталози за секоја постапка за набавка, што ќе доведе до обезбедување на слични информации во различен формат во зависност од спецификациите на соодветниот договорен орган. Оттука, стандардизацијата на каталошки формати ќе го подигне степенот на интероперабилност, ќе ја зголеми ефикасноста и ќе го намали товарот за економските оператори.

(56) Кога се разгледува потребата од обезбедување или зголемување на интероперабилноста помеѓу различни технички формати или стандарди за процеси и пораки преку воведување на обврска за користење на одредени стандарди и при изборот на стандарди што треба да бидат наметнати, Комисијата најмногу треба да го земе предвид мислењето на заинтересираните страни. Исто така, треба да се има предвид степенот до кој даден стандард веќе се користи во пракса од економските оператори и договорните органи, и колку добро работи тој стандард. Пред да наметне обврска за примена на одреден технички стандард, Комисијата треба внимателно да ги разгледа и придружните трошоци, особено во однос на приспособување кон постојните решенија за електронски јавни набавки, вклучувајќи инфраструктура, процеси или софтвер. Кога соодветните стандарди не се развиени од меѓународна, европска или национална организација за стандардизација, тие треба да ги исполнуваат условите кои

се применуваат за стандардите во областа на ИКТ, како што е предвидено во Регулатива (ЕУ) бр. 1025/2012 на Европскиот парламент и на Советот[1].

(57) Пред да се наведе потребното ниво на безбедност на електронските средства за комуникација кои ќе се користат во различни фази од постапката за доделување, земјите-членки и договорните органи треба да ја проценат пропорционалноста помеѓу барањата за обезбедување точна и веродостојна идентификација на испраќачите на соодветно известување, како и интегритетот на содржината на пораката, од една страна, и од друга страна, ризикот од проблеми на пример во случаите кога пораките се испратени од испраќач, различен од наведениот. Под еднакви други услови, тоа значи дека потребното ниво на безбедност на пример на електронска порака, со кое се бара потврда на точната адреса на спроведување на информативна средба, нема да биде иста како за самата понуда која е обврзувачка за економскиот оператор. На ист начин, оценката на пропорционалноста може да доведе до барање за пониски нивоа на безбедност при повторното поднесување на електронски каталози или при поднесување на понуди во рамките на мали конкурентни постапки според рамковен договор или според пристапот до документацијата за набавката.

(58) Додека основните елементи на постапката за набавка, како документацијата за договорот, барањата за учество, потврдувањето на интерес и понудите треба секогаш да се поднесуваат во писмена форма, усната комуникација со економските оператори треба да остане можна, под услов нејзината содржина да е документирана во доволна мера. Ова е потребно за да се обезбеди доволно ниво на транспарентност, што овозможува проверка на почитувањето на принципот на еднаквост. Особено, исклучително е важно усната комуникација со понудувачите, која би можела да влијае врз содржината и проценката на понудите да биде документирана во доволна мера и со соодветни средства, како пишани или аудио записи, или резиме на главните елементи на комуникацијата.

(59) На пазарите на јавни набавки во целата Унија се појавува зголемена тенденција кон агрегација на побарувачката од страна на купувачите во јавниот сектор со цел постигнување на економии на обем, вклучувајќи пониски цени и трошоци при трансакции и постигнување на подобро и попрофесионално управување на набавките. Ова може да се постигне преку концентрирање на набавките по бројот на вклучени договорни органи или по обемот и вредноста во текот на времето. Сепак, агрегацијата и централизираното купување треба да се следат внимателно за да се избегне прекумерната концентрација на куповна моќ и тајните спогодби, како и за да се зачува транспарентноста, конкуренцијата и можностите за пристап до пазарот за малите и средни претпријатија.

(60) Инструментот на рамковните договори се користи широко и се смета за ефикасна техника за набавки во цела Европа. Затоа, тој во голема мера треба да остане непроменет. Сепак, некои аспекти треба да се разјаснат, особено рамковните договори не треба да се употребуваат од договорни органи кои не се наведени во нив. За таа цел, договорните органи кои се страна во одреден рамковен договор, од самиот почеток треба да се јасно наведени по име или на друг начин, на пример со наведување на одредена категорија на договорните органи во рамките на јасно одреден географски

[1] Регулатива (ЕУ) бр. 1025/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за европска стандардизација, за изменување на Директиви 89/686/ЕЕЗ и 93/15/ЕЕЗ на Советот и Директиви 94/9/ЕЗ, 94/25/ЕЗ, 95/16/ЕЗ, 97/23/ЕЗ, 98/34/ЕЗ, 2004/22/ЕЗ, 2007/23/ЕЗ, 2009/23/ЕЗ и 2009/105/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Одлука 87/95/ЕЕЗ на Советот и Одлука бр. 1673/2006/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 316, 14.11.2012 година, стр. 12).

регион, така што соодветните договорни органи да можат да бидат лесно и недвосмислено идентификувани. На ист начин, по склучувањето на рамковниот договор, тој не треба да биде отворен за учество на нови економски оператори. Тоа значи, на пример, дека кога централен орган за набавки користи општ регистар на договорните органи или на нивните категории, како што се локалните органи во одредена географска област, кои имаат право на пристап до рамковните договори кои ги склучуваат, дека централниот орган за набавки го прави тоа на начин кој овозможува да се провери не само кој е соодветниот договорен орган, туку и датумот од кој тој го стекнал правото да го користи рамковниот договор склучен од централниот орган за набавки, бидејќи тој датум одредува кои конкретни рамковни договори може да ги користи договорниот орган.

(61) Објективните услови за одредување на тоа кој од економските оператори - страни во рамковниот договор треба да исполни одредена задача, како испораки на стоки или услуги наменети за употреба од страна на поединци, може, во контекст на рамковни договори за одредување на сите услови, да ги вклучуваат потребите или изборот на субјектите.

Договорните органи треба да имаат дополнителна флексибилност при доделувањето договори според рамковни договори кои се склучени со повеќе од еден економски оператор и кои ги дефинираат сите услови.

Во овие случаи, договорните органи треба да можат да добијат конкретни работи, добра или услуги кои спаѓаат во доменот на рамковниот договор, ако ги побараат од некој од економските оператори, определен во согласност со објективни критериуми и кај веќе воспоставените услови, или ако доверат одреден договор за соодветни работи, добра или услуги, по спроведување на мала конкурентна постапка помеѓу економските оператори - страни во рамковниот договор. За да се обезбеди транспарентност и еднаков третман, договорните органи треба да ги наведат во документацијата за договорот во врска со рамковниот договор објективните критериуми кои ќе го раководат изборот помеѓу овие два метода за спроведување на рамковниот договор. Овие критериуми, на пример, може да се поврзани со количината, вредноста или карактеристиките на работите, добрата или услугите, вклучувајќи ја потребата од повисоко ниво на услугата или зголемено ниво на безбедност, или од промените во нивоата на цените во однос на предодредениот индекс на цените. Рамковните договори не треба да бидат несоодветно искористени или искористени на начин кој ја спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата. Договорните органи не треба да бидат обврзани со оваа директива да набавуваат работи, добра или услуги кои спаѓаат во доменот на рамковен договор, според условите на овој рамковен договор.

(62) Исто така, треба да се појасни дека иако договорите врз основа на рамковен договор треба да се доделуваат пред истекот на самиот рамковен договор, не е потребно рокот на поединечните договори врз основа на рамковен договор да се совпаѓа со времетраењето на рамковниот договор, а може, во зависност од случајот, да биде пократок или подолг. Особено, при определувањето на рокот на поединечните договори врз основа на рамковен договор, треба да е возможно да се земат предвид фактори како време потребно за нивно спроведување, каде што е вклучено одржување на опрема со очекувано време на користење со повеќе од четири години или кога е потребна поголема обука на персоналот со цел спроведување на договорот.

Освен тоа, треба да се појасни дека во исклучителни случаи треба да е возможно рокот на самите рамковни договори да надминува четири години. Такви случаи, кои треба да бидат оправдани, особено од предметот на рамковниот договор, можат да произлезат,

на пример, кога економските оператори треба да располагаат со опрема чиј рок на амортизација е над четири години и што треба да е на располагање во секое време во текот на целото времетраење на рамковниот договор.

(63) Во поглед на стекнатото искуство, постои потреба да се коригираат правилата за системи за динамично купување за да можат договорните органи целосно да ги искористат можностите обезбедени од овој инструмент. Системите треба да се поедностават; тие треба особено да се применуваат во форма на ограничена постапка, елиминирање на потребата од индикативни понуди - посочени како една од најсериозните препреки поврзани со системи за динамично купување. На овој начин, на секој економски оператор кој поднесува барање за учество и ги исполнува критериумите за селекција треба да му се дозволи да учествува во постапките за јавни набавки спроведени преку систем за динамично купување во рамките на периодот на негова важност. Оваа техника на купување му овозможува на договорниот орган да добие особено широк спектар на понуди и така да обезбеди оптимално користење на јавните средства преку зголемена конкуренција во однос на широко користени или стандардни производи, работи или услуги кои се достапни на пазарот.

(64) Разгледувањето на барањата за учество треба во принцип да се врши во рок од максимум 10 работни дена, под услов оценувањето на критериумите за избор да се прави врз основа на поедноставените барања за документација, утврдени во оваа директива. Сепак, при првичното воспоставување на систем за динамично купување, како одговор на првото објавување на известувањето за договорот или на повикот за потврдување на интерес, договорните органи може да добијат голем број на барања за учество, така што би им било потребно повеќе време за нивно разгледување. Ова е дозволиво доколку ниту една одредена набавка не започнува пред да бидат разгледани сите барања. Договорните органи треба да можат сами да одлучат како ќе ги разгледуваат барањата за учество, на пример така што ќе одлучат барањата да ги разгледуваат еднаш неделно, доколку се почитуваат роковите за разгледување на секое барање за прием.

(65) Во секое време во рамките на периодот на важење на системот за динамично купување, на договорните органи треба да им е дозволено да бараат од економските оператори да достават нова и ажурирана лична изјава за исполнување на критериумите за квалитативен избор, во рамките на соодветен рок. Треба да се потсети дека можноста предвидена во општите одредби од оваа директива во однос на доказите да се бара од економските оператори да ги достават придружните документи, како и обврската на понудувачот на кого ќе му биде доделен договорот да достави такви документи, се применуваат особено во контекст на системи за динамично купување.

(66) Со цел да се прошират можностите за учество на МСП во големи систем за динамично купување, на пример во систем управуван од централен орган за набавки, соодветниот договорен орган треба да може да го организира системот во согласност со објективно одредени категории на производи, работи или услуги. Овие категории треба да се утврдат врз основа на објективни фактори кои може, на пример, да го вклучуваат максималниот дозволен број на конкретни договори кои ќе бидат доделени во рамките на соодветната категорија или конкретен географски регион во кој ќе бидат реализирани конкретните договори. Кога системот за динамично купување е поделен на категории, договорниот орган треба да ги применува критериумите за избор кои се пропорционални на карактеристиките на соодветната категорија.

(67) Треба да се појасни дека електронските аукции во принцип не се погодни за одредени договори за јавни работи и за одредени договори за јавни услуги чии предмет

се интелектуални активности, на пример проектирање на работа, бидејќи само елементите кои се предмет на автоматска проценка со електронски средства без никаква интервенција или оценка на договорниот орган, имено елементите кои подлежат на квантитативно изразување во бројки или проценти, можат да бидат предмет на електронска аукција.

Освен тоа, треба да се појасни дека електронските аукции може да се користат во постапки за доделување на договор за купување на специјални права на интелектуална сопственост. Исто така, соодветно е да се потсети дека иако договорните органи можат да го намалат бројот на кандидатите или понудувачите пред почетокот на аукцијата, по започнувањето на аукцијата не треба да се дозволи понатамошно намалување на бројот на понудувачите кои учествуваат во електронската аукција.

(68) Постојано се развиваат нови техники за електронско купување, на пример електронски каталози. Електронските каталози претставуваат формат за претставување и организирање на информациите на начин кој е сличен за сите инволвирани понудувачи и кој е погоден за електронска обработка. Пример за ова се понудите претставени во табеларен формат. Договорните органи треба да можат да побараат електронски каталози кај сите достапни постапки со кои се бара употреба на електронски средства за комуникација. Електронските каталози помагаат при зголемување на конкуренцијата и рационализација на јавните набавки, особено од гледна точка на економичноста на време и пари. Сепак, треба да се воведат одредени правила за да се обезбеди дека користењето на новите техники е во согласност со оваа директива и со принципите на еднаквост, недискриминација и транспарентност. Затоа, употребата на електронски каталози за поднесување на понудите не треба да значи дека се дозволува можноста економските оператори да се ограничат до поднесување на општ каталог. Економските оператори треба сепак да ги приспособат општите каталози според конкретната постапка за набавка. Таквото приспособување обезбедува дека каталогот поднесен за одредена постапка за набавка содржи само производи, работи или услуги за кои економскиот оператор, по извршено истражување, проценил дека ги исполнуваат барањата на договорниот орган. Во тој случај, економските оператори треба да можат да ги умножуваат информациите содржани во општиот каталог, но не смеат да го поднесат каталогот како таков.

Покрај тоа, во случај да се обезбедени доволно гаранции за следење, еднаквост и предвидливост, договорните органи треба да имаат право да ги обновуваат понудите во однос на конкретни набавки врз основа на претходно испратени електронски каталози, особено кога некоја конкурентна постапка е обновена во согласност со рамковниот договор или кога се користи систем за динамично купување.

Кога договорниот орган собрал понуди, соодветниот економски оператор треба да има можност да провери дали понудата објавена од договорниот орган не содржи значајни грешки. Доколку постојат значителни грешки, економскиот оператор не треба да е обврзан со понудата добиена од договорниот орган, освен ако грешката не се исправи.

Во согласнст со барањата на правилата за електронски средства за комуникација, договорните органи треба да избегнуваат создавање на неосновани пречки за пристапот на економските оператори до постапките за набавка во кои понудите треба да се достават во форма на електронски каталози и кои гарантираат почитување на општите начела на недискриминација и еднаков третман.

(69) Во повеќето земји-членки сè почесто се користат техники за централизирано купување. Телата за централизирано купување се одговорни за набавки, управување на

системите за динамично купување или за доделување на јавни договори/рамковни договори за други договорни органи, со или без надомест. Договорните органи за кои е склучен рамковен договор треба да можат да го користат за единечни или повторливи купувања. Со оглед на големите набавки, овие техники може да придонесуваат за зголемување на конкуренцијата и за професионализирање на јавните набавки. Во врска со тоа треба да се предвидат одредби на ниво на Унијата за одредување на телата за централизирано купување кои работат со договорните органи и треба да се појасни дека централните органи за набавки работат на два различни начина.

Прво, тие треба да можат да дејствуваат како продавачи на големо кои купуваат, чуваат и препродаваат или, како второ, тие треба да можат да дејствуваат како посредници кои доделуваат договори, управуваат системи за динамично купување или склучуваат рамковни договори кои се користат од страна на договорните органи. Оваа посредничка улога може во некои случаи да се извршува преку независно спроведување на соодветните постапки за набавки без детални насоки од соодветните договорни органи, а во други случаи, преку спроведување на соодветните постапки за доделување на договор според упатствата на соодветните договорни органи, во нивно име и за нивна сметка.

Освен тоа, треба да се воведат правила за распределба на одговорноста за почитување на обврските според оваа директива помеѓу телото за централизирано купување и договорните органи кои купуваат од или преку него. Кога телото за централизирано купување ја сноси целата одговорност за спроведување на постапките за набавки, тој, исто така, треба да биде целосно и директно одговорен за нивната законитост. Кога договорен орган спроведува одредени делови од постапката, на пример обновување на конкурентната постапка во согласност со рамковниот договор или доделување на посебни договори врз основа на систем за динамично купување, тој треба да продолжи да ја сноси одговорноста за фазите кои ги спроведува.

(70) Договорните органи треба да можат да доделуваат договор за услуги поврзани со вршење на активности на централизирано купување на централниот орган за набавки, без да се применуваат постапките утврдени во оваа директива. Исто така, треба да е дозволено слични договори за јавни услуги да вклучуваат обезбедување на помошни активности за купување. Договорите за јавни услуги за обезбедување помошни активности за купување треба да се доделуваат во согласност со оваа директива, кога се извршуваат на начин различен од оној на телото за централизирано купување за соодветниот договорен орган. Исто така, треба да се потсети дека оваа директива не треба да се применува кога централизираните или помошните активности на купување се обезбедуваат на друг начин, а не преку договор за паричен интерес кој претставува набавка во рамките на значењето на оваа директива.

(71) Зајакнувањето на одредбите во врска со телата за централизирано купување не треба во никој случај да ги попречи тековните практики на единечни заеднички набавки, односно помалку институционализирани и систематски заеднички набавки или воспоставената практика на надоместок на давателите на услуги кои ги подготвуваат и управуваат постапките на набавка од името и за сметка на договорниот орган и според неговите инструкции. Напротив, некои елементи од заедничките договори треба да бидат појаснети поради важната улога што заедничките набавки можат да ја имаат, не само во случај на иновативни проекти.

Заедничките набавки може да бидат во различни форми, од координирани набавки преку изготвување на заедничка техничка спецификација за работи, добра или услуги кои ќе бидат набавени од неколку договорни органи, од кои секој спроведува посебна

постапка за набавка, до случаи во кои соодветните договорни органи заеднички спроведуваат постапки за набавка преку заедничко работење или преку задолжување на еден договорен орган со управувањето со постапката од името на сите договорни органи.

Кога неколку договорни органи спроведуваат заедничка постапка за набавка, тие треба да имаат заедничка одговорност за исполнувањето на своите обврски според оваа директива. Сепак, кога договорните органи спроведуваат само заеднички фази од постапката за набавка, заедничка одговорност треба да се носи само за оние фази од постапката кои се вршат заеднички. Секој договорен орган треба да е целосно одговорен во однос на постапки или фази од постапки кои ги спроведува сам, како на пример доделување на договор, склучување на рамковен договор, управување на систем за динамично купување, повторно отворање на конкурентна постапка во согласност со рамковниот договор или одредување на тоа кој од економските оператори - страни на рамковниот договор ќе исполни одредена задача.

(72) Електронските средства за комуникација се особено погодни за поддршка на практики и алатки за централизирано купување поради можностите кои ги нудат за повеќекратна употреба и автоматска обработка на податоци и за минимизирање на трошоците за информации и трошоците за трансакции. Поради тоа, како прв чекор, употребата на таквите електронски средства за комуникација треба да стане задолжителна за телата за централизирано купување, а истовремено да се олеснат и практиките на приближување во рамките на целата Унија. Ова треба да биде проследено со општа обврска за користење на електронски средства за комуникација во сите постапки за набавка по преодниот период од 30 месеци.

(73) Заедничкото доделување на договори за набавка од страна на договорни органи од различни земји-членки во моментов се соочува со конкретни правни проблеми поврзани со судир на националните закони. И покрај фактот дека во Директива 2004/18/ЕЗ имплицитно се дозволени прекуграничните заеднички набавки, договорните органи сè уште среќаваат значајни правни и практични проблеми при купувања од телата за централизирано купување во други земји-членки или при заедничкото доделување на јавни договори. За да им се овозможи на договорните органи да извлечат максимална корист од потенцијалот на внатрешниот пазар во однос на економиите на обем и споделувањето на придобивките и ризиците, помеѓу другото и за иновативни проекти со повисок степен на ризик од разумно прифатливиот ризик за посебен договорен орган, овие потешкотии треба да бидат отстранети. Затоа, треба да се воспостават нови правила за заедничките прекугранични набавки за да се олесни соработката помеѓу договорните органи и да се зголемат придобивките од внатрешниот пазар преку создавање на можности за прекугранична активност на давателите на стоки и услуги. Овие правила треба да ги утврдат условите за прекугранична работа со телата за централизирано купување и да го посочат применливото законодавство во областа на јавните набавки, вклучувајќи го применливото законодавство во врска со правните средства за заштита, во случај на прекугранични заеднички постапки за судир со законските одредби од Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот[1]. Покрај тоа, договорните органи од различни земји-членки треба да можат да создаваат заеднички субјекти основани според националното право или правото на Унијата. За такви форми на заеднички набавки треба да се пропишат посебни правила.

[1] Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за законите применливи за договорните обврски (Рим I) (Сл. весник L 177, 4.7.2008 година, стр.6).

Сепак, договорните органи не треба да ги искористат можностите за заеднички прекугранични набавки со цел да се заобиколат задолжителните правила на јавното право, во согласност со правото на Унијата, кои се применуваат за нив во земјата-членка во која се сместени. Овие правила може да вклучуваат, на пример одредби за транспарентноста и пристапот до документи или конкретни барања поврзани со можноста за следење на чувствителни испораки.

(74) Техничките спецификации подготвени од јавните купувачи треба да обезбедат јавната набавка да биде отворена за конкуренција, како и за постигнување на целите за одржливост. За таа цел, треба да биде можно поднесување на понуди кои ја одразуваат разновидноста на техничките решенија, стандарди и технички спецификации на пазарот, вклучувајќи ги и оние подготвени врз основа на критериуми за извршување поврзани со животниот циклус и одржливоста на производниот процес на работите, добрата и услугите.

Поради тоа, техничките спецификации треба да се подготви на таков начин што ќе се избегнува вештачко ограничување на конкуренцијата преку барања кои фаворизираат конкретен економски оператор преку одразување на клучни карактеристики на понудите, услугите или работите кои вообичаено ги нуди тој економски оператор. Подготвувањето на технички спецификации во однос на функционалните барања и барањата за работните карактеристики во принцип овозможува оваа цел да биде постигната на најдобар можен начин. Функционалните барања и барањата поврзани со извршувањето, исто така, се соодветно средство за поттикнување на иновациите во областа на јавните набавки и треба да добијат што е можно поширока примена. Кога се вклучува упатување на европски стандард или, во отсуство на таков - национален стандард, договорните органи треба да ги разгледуваат понуди врз основа на еднакви услови. Докажување на еквивалентност со потребната ознака треба да е обврска на економскиот оператор.

За да се докаже еквивалентноста треба да е возможно од понудувачите да се бара обезбедување на докази заверени од трето лице. Сепак, други соодветни докази како техничко досие на производителот, исто така, треба да се дозволени кога предметниот економски оператор нема пристап до слични сертификати или извештаи од испитувања или нема можност да ги добие во соодветните рокови, доколку заинтересираниот економски оператори докаже дека работите, добрата и услугите ги исполнуваат барањата или критериумите утврдени во техничките спецификации, критериумите за доделување или условите за извршување на договорот.

(75) Договорните органи кои сакаат да купат работи, добра или услуги со конкретни еколошки, социјални или други карактеристики треба да можат да се повикуваат на одредени ознаки, како на пример европската еколошка ознака, (повеќе-) националните ознаки или секоја друга ознака, доколку барањата за ознака се поврзани со предметот на договорот, како на пример опис на производот и негова презентација, вклучувајќи ги и барањата за пакување. Освен тоа, исклучително е важно овие барања да бидат изготвени и донесени врз основа на објективно проверливи критериуми со користење на постапка во која можат да учествуваат заинтересираните страни и владините тела, потрошувачите, производителите, дистрибутерите и еколошките организации, како и дека ознаката е достапна за сите заинтересирани страни. Треба да се појасни дека заинтересираните страни можат да бидат јавни органи или приватни организации, претпријатија или секој облик на невладина организација (организација која не е дел од влада и не е вообичаено деловно претпријатие).

Исто така, треба да се прецизира дека специјални национални или владини тела или

организации можат да бидат вклучени во одредувањето на барањата за поставување на ознаки кои можат да се користат во врска со набавките од јавните органи, без овие органи или организации да го изгубат статусот на трети лица.

Упатувањето на ознаки не треба да ги ограничува иновациите.

(76) За сите набавки наменети за употреба од страна на физички лица, без разлика дали станува збор за поширока јавност или за персоналот на договорниот орган, потребно е договорните органи да утврдат технички спецификации така што да бидат усогласени со критериумите за пристапност за лицата со посебни потреби или да бидат наменети за сите корисници, освен во оправдани случаи.

(77) При изготвувањето на технички спецификации договорните органи треба да ги земат предвид барањата кои произлегуваат од правото на Унијата во областа на заштитата на податоците, особено во врска со планот за обработката на личните податоци (заштита на податоците според план).

(78) Јавните набавки треба да се приспособат на потребите на МСП. Договорните органи треба да бидат поттикнати да го користат кодексот за најдобри практики, содржан во Работниот документ на Комисијата од 25 јуни 2008 година „Европски кодекс за најдобри практики кои го олеснуваат пристапот на МСП до договори за јавни набавки“, кој дава насоки како да се применува рамката за јавни набавки на начин со кој се овозможува учество на МСП. За таа цел и за зајакнувањето на конкуренцијата, договорните органи треба посебно да се поттикнат да ги поделат големите договори во посебни делови. Таква поделба би можело да се направи врз основа на квантитативни параметри, така што големината на одредени договори ќе одговара на капацитетот на МСП, или врз основа на квалитетни параметри, во согласност со соодветниот сектор и област на специјализација, за содржината на одделните договори потесно да се поврзе со специјализирани сектори на активност на МСП или со различните последователни фази на проектот.

Големината и предметот на деловите треба да се утврдат слободно од договорниот орган кој, во согласност со применливите правила за пресметување на проценетата вредност на набавката, треба исто така да може да доделува одредени делови без да ги применува постапките утврдени во оваа директива. Договорниот орган треба да биде обврзан да ја процени соодветноста на поделбата на договорите во делови, задржувајќи ја својата слобода да презема самостојни одлуки засновани на размислувања кои ги смета за соодветни, без да е подложен на административен или судски надзор. Кога договорниот орган одлучи дека не е соодветно договорот да се дели на посебни делови, во поединечниот извештај или во документацијата за договорот треба да се наведат главните причини за изборот на договорниот орган. Такви причини можат да бидат на пример стравувањата на договорниот орган дека постои ризик таквата поделба да ја ограничи конкуренцијата, ризик извршувањето на договорот прекумерно технички да се отежни или да поскапи, или дека потребата од координирање на различни изведувачи за деловите би можела сериозно да го загрози правилното извршување на договорот.

Земјите-членки треба да ја задржат можноста да преземаат дополнителни мерки за олеснување на учеството на МСП на пазарот на јавни набавки, преку проширување на опсегот на обврската да се процени соодветноста од поделба на договорите во делови од помали договори, така што од договорните органи ќе се бара да достават оправдување за својата одлука да не ги поделат договорите во посебни делови или така што ќе направат поделба во делови кои се задолжителни под одредени услови. Со

истата цел, земјите-членки треба да можат да предвидуваат механизми за директни плаќања на подизведувачи.

(79) Кога договорите се делат на делови, договорните органи треба да можат, на пример за да ја задржат конкуренцијата или за да се обезбеди сигурност на снабдувањето, да го ограничат бројот на делови за кои еден економски оператор може да поднесе понуди; тие треба, исто така, да имаат право да го ограничат бројот на делови кои можат да бидат доделени на посебен понудувач.

Сепак, постигнување на целта за олеснување на пристапот на МСП до јавни набавки може да биде отежнато ако договорните органи се обврзани да го доделат договорот по делови, дури и кога тоа може да доведе до обврска да се прифатат многу неповолни одлуки во споредба со доделување кое опфаќа неколку или ги опфаќа сите делови. Затоа, кога можноста за примена на овој метод е јасно означена однапред, договорните органи треба да можат да прават компаративна проценка на понудите за да утврдат дали понудите доставени од одреден понудувач за дадена комбинација од делови генерално ги исполнуваат критериумите за доделување утврдени во согласност со оваа директива за овие делови во споредба со понудите за делови кои се гледаат одвоено. Во таков случај, договорниот орган треба да може да му додели даден договор на соодветниот понудувач во кој се комбинираат предметните делови. Треба да се појасни дека договорните органи треба да прават слична компаративна проценка, утврдувајќи прво кои понуди најдобро ги исполнуваат критериумите за доделување утврдени за секој дел, а потоа да ги споредат со понудите доставени од даден понудувач за комбинација од делови кои се гледаат како целина.

(80) За да се забрзаат постапките и да се зголеми нивната ефикасност, роковите за учество во постапки за набавки треба да бидат максимално кратки, без да се создаваат непотребни пречки за пристап на економските оператори од целиот внатрешен пазар, а особено на МСП. Затоа, треба да се има предвид дека при утврдување на роковите за прием на понудите и барањата за учество договорните органи треба да ги земат предвид особено сложеноста на договорот и времето потребно за подготовка на понудите, дури и ако тоа наметнува утврдување на рокови кои се подолги од минималниот кој е предвиден во оваа директива. Од друга страна, употребата на електронски средства за информирање и комуникација, особено целосниот електронски пристап на економските оператори, понудувачите и кандидатите до целата документација за јавни набавки во електронска форма и електронското праќање пораки, доведува до поголема транспарентност и заштеда на време. Поради оваа причина, треба да се предвиди можност за намалување на минималните рокови во согласност со правилата утврдени во ГПА, под услов тие да се компатибилни со конкретниот начин на пренос предвиден на ниво на Унијата. Покрај тоа, договорните органи треба да можат дополнително да ги намалуваат роковите за прием на барања за учество и понуди во итни околности кои го прават невозможно спроведувањето на вообичаените рокови, но овозможуваат спроведување на редовна постапка со објавување. Само во случај на исклучителни околности, кога поради крајна итност предизвикана од настани кои не можат да бидат предвидени од договорниот орган и не се должат на него, не е можно спроведување на редовна постапка дури и при скратени рокови, договорните органи треба, во мера која е неопходна, да можат да го доделат договорот преку постапка со преговарање без претходно објавување. Таков може да е случајот при природни катастрофи кои бараат итна акција.

(81) Треба да се појасни дека потребата економските оператори да имаат доволно време за подготовка на понудите може да доведе до продолжување на првично

утврдените рокови. Таков особено би бил случајот кога се направени значителни промени во документацијата за набавка. Исто така, треба да се појасни дека во таков случај суштинските промени треба да се разберат како промени, особено за техничките спецификации, во кои на економските оператори им треба доволно време за да се запознаат со нив и да реагираат соодветно. Сепак, треба да се појасни дека овие промени не би требало да бидат толку значајни за да биде дозволено привлекување на дополнителни учесници во постапката за набавка, освен оние кои се првично селектирани. Таков би бил особено случајот кога промените на договорот или рамковниот договор стануваат значајно различни по својот карактер од првично наведените во документацијата за набавка.

(82) Треба да се појасни дека информациите за некои одлуки донесени во текот на постапката за набавка, вклучувајќи ја одлуката да не се набавува или да не се склучи рамковен договор, треба да бидат испратени од договорните органи, без да е потребно кандидатите или понудувачите да ги бараат тие информации. Исто така, треба да се потсети дека Директива 89/665/ЕЕЗ на Советот[1] предвидува обврска за договорните органи да им достават на заинтересираните кандидати или понудувачи, исто така без барање од нивна страна, резиме од причините за донесување на некои од најважните одлуки во текот на постапка за набавка. На крај, треба да се појасни дека кандидатите и понудувачите треба да имаат право да бараат подетални информации за тие причини, кои договорните органи треба да имаат обврска да ги обезбедат, освен кај многу сериозни причини за нивно необезбедување. Тие причини треба да бидат утврдени во оваа директива. За да се обезбеди потребната транспарентност во рамките на постапките за набавка, вклучувајќи преговарање и дијалог со понудувачите, понудувачите кои поднеле прифатлива понуда треба да можат да побараат информации за спроведувањето и напредокот на постапката, освен ако нема сериозни причини кои наметнуваат тоа не се изврши.

(83) Премногу сложените барања во однос на економскиот и финансискиот капацитет често претставуваат неоправдана пречка за учеството на МСП во јавните набавки. Сите слични барања треба да се поврзани со предметот на договорот и да се пропорционални на него. Особено, договорните органи не треба да имаат право да бараат од економските оператори да имаат одреден минимален обрт кој не е пропорционален на предметот на договорот; обично, барањето не треба двојно да ја надминува проценетата вредност на договорот. Сепак, во оправдани околности треба да можат да се применуваат повисоки барања. Таквите ситуации можат да бидат поврзани со високите ризици при спроведувањето на договорот или со фактот дека неговото точно и навремено извршување е од клучно значење, на пример ако претставува задолжителен предуслов за исполнување на други договори.

Во такви оправдани случаи, договорните органи треба да ја задржат слободата сами да одлучуваат дали барањата за повисок минимален обрт се соодветни и оправдани, без да подлежат на административен или судски надзор. Кога ќе се применуваат барањата за повисок минимален обрт, договорните органи треба да можат да го дефинираат неговото ниво, сè додека тој е поврзан со предметот на договорот и е пропорционален на него. Кога договорниот орган одлучи дека барањето за минимален обрт треба да биде на ниво кое е двапати повисоко од проценетата вредност на договорот, поединечниот извештај или документацијата за набавка треба да ги содржат главните

[1] Директива 89/665/ЕЕЗ на Советот од 21 декември 1989 година за координирање на закони, прописи и административни одредби во врска со примената на постапките за ревизија на доделувањата на договори за јавни набавки и јавни работи (Сл. весник L 395, 30.12.1989 година, стр. 33).

причини за изборот на договорниот орган.

Исто така, договорните органи треба да можат да побараат информации за односот, на пример, помеѓу активата и пасивата во годишните извештаи. Позитивниот сооднос, кој покажува дека висината на активата ја надминува пасивата, би обезбедил дополнителен доказ дека финансиската способност на економските оператори е доволна.

(84) Многу економски оператори, а особено МСП откриваат дека сериозна пречка за нивното учество во јавните набавки претставуваат административните тешкотии кои произлегуваат од потребата да поднесат значителен број сертификати или други документи поврзани со критериумите за исклучување и селекција. Ограничувањето на овие барања, на пример преку употребата на Единствен европски документ за набавка (ЕЕДН) кој се состои од ажурирани лична изјави, би можело да доведе до значително поедноставување, што е од корист за двата договорни органи и за економските оператори.

Од понудувачот на кој му е доделен договорот, сепак, треба да се бара да достави соодветни докази и договорните органи не треба да склучуваат договори со понудувачи кои не го направиле тоа. Исто така, договорните органи треба да можат да ги бараат сите или одредени придружни документи секогаш кога сметаат дека е потребно, со цел правилно спроведување на постапката. Таков би можел да биде случајот особено при двоетапни постапки - ограничени постапки, конкурентни постапки со преговарање, конкурентни дијалози и партнерства за иновации - во кои договорните органи ја користат можноста да го ограничат бројот на кандидати кои се повикани да поднесат понуда. Условот за поднесување на придружните документи во моментот на селекција на кандидатите кои ќе бидат повикани може да се смета за оправдан, со цел да се избегне ситуација во која договорните органи ги повикуваат кандидати кои потоа не се во можност да ги достават придружните документи во фазата на доделување и на тој начин другите квалификувани кандидати да бидат лишени од можноста за учество.

Треба јасно да се посочи дека во ЕЕДН треба да се обезбедат и соодветни информации за субјектите на чиј капацитет се потпира економскиот оператор, така што проверката на информациите во врска со овие субјекти да може да се изврши истовремено и под истите услови како проверката на главниот економски оператор.

(85) Важно е одлуките на договорниот орган да се базираат на актуелни информации, особено во однос на причините за исклучување, бидејќи многу брзо може да се случат значајни промени, на пример во случај на финансиски тешкотии кои би го направиле економскиот оператор несоодветен, или обратно, поради тоа што долгот за социјални придонеси е исплатен во меѓувреме. Затоа е подобро, кога е возможно, договорните органи да ги проверуваат овие информации преку пристапување до соодветните бази на податоци кои треба да се национални, што значи да се водени од јавни органи. Во таа фаза сè уште е можно тоа да не се случи поради технички причини. Затоа, Комисијата треба да ја разгледа можноста да се поттикнуваат мерки за олеснување на пристапот по електронски пат до најнови информации, на пример преку подобрување на средствата за обезбедување на пристап до виртуелните досиеја на компаниите или средства за олеснување на интероперабилноста помеѓу базите на податоци или други слични пропратни мерки.

Исто така, треба да се пропише дека договорните органи не треба да бараат документи кои сè уште се актуелни и кои веќе им се достапни од претходните постапки за

набавка. Сепак, во врска со ова, треба да се обезбеди дека договорните органи нема да се соочат со прекумерна тежина при архивирањето и документирањето. Затоа, исполнувањето на оваа обврска треба да е применливо само откако користењето на електронски средства за комуникација ќе стане задолжително, бидејќи електронското управување на документи ќе го олесни спроведувањето на оваа задача од страна на договорните органи.

(86) Може да се постигне дополнително поедноставување како за економските оператори, така и за договорните органи преку стандарден образец за личните изјави, што би ги намалило проблемите поврзани со точната формулација на официјални соопштенија и изјави за согласност, како и јазичните проблеми.

(87) Комисијата обезбедува и управува електронски систем, e-Certis, кој моментно се ажурира и проверува на доброволна основа од националните органи. Целта на e-Certis е да ја олесни размената на сертификати и други документи кои служат како доказ кои често се бараат од договорните органи. Досегашното искуство покажува дека доброволното ажурирање и проверка се недоволни да се обезбеди дека e-Certis во целост може да го искористи својот потенцијал за поедноставување и олеснување на размената на документи, особено во корист на МСП. Затоа, неговото одржување треба да биде прв задолжителен чекор. Користење на e-Certis ќе стане задолжително во подоцнежна фаза.

(88) Договорните органи треба да можат да бараат примена на мерките или шемите за управување со животна средина во текот на извршувањето на одреден јавен договор. Шемите за управување со животна средина, без разлика дали се регистрирани во согласност со правните инструменти на Унијата, како Регулатива (ЕЗ) бр. 1221/2009 на Европскиот парламент и на Советот[1], можат да покажат дека економскиот оператор има технички капацитет за извршување на договорот. Ова вклучува сертификати за еколошка етикета, кои се поврзани со критериуми за управување со животна средина. Кога еден економски оператор нема пристап до слични регистарски шеми за управување со животна средина или нема можност да добие таков пристап во соодветните рокови, тој треба да може да достави опис на приложените мерки за управување со животна средина, под услов да докаже дека овие мерки обезбедуваат исто ниво на заштита на животната средина како неопходните мерки во врска со управувањето со животната средина.

(89) Поимот „критериуми за доделување“ зазема централно место во оваа директива. Поради тоа, важно е соодветните одредби да се претстават на што е можно поедноставен и порационален начин. Ова може да се направи со користење на изразот „економски најповолна понуда“ како најважен поим, бидејќи сите добитни понуди треба на крајот да се избираат во согласност со она што договорниот орган го смета за економски најдобро решение помеѓу доставените понуди. Со цел да се избегне забуна со критериумот за доделување кој е познат како „економски најповолна понуда“ во Директиви 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ, за тој концепт треба да се користи различен термин - „најдобар сооднос помеѓу квалитетот и цената“. Поради тоа, тој треба да се толкува во согласност со соодветната судска пракса во врска со овие директиви, со исклучок на случаите кога оваа директива предвидува решение кое несомнено е различно по својата суштина.

[1] Регулатива (ЕЗ) бр. 1221/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 25 ноември 2009 година за доброволно учество на организации во Шемите за еколошко управување и за ревизија на Заедницата (EMAC/EMAS), со која се укинува Регулатива (ЕЗ) бр. 761/2001 и Одлука 2001/681/ЕЗ на Комисијата (Сл. весник L 342,22.12.2009 година, стр.1).

(90) Договорите треба да се доделуваат врз основа на објективни критериуми кои обезбедуваат почитување на принципите на транспарентност, недискриминација и еднаков третман за да се обезбеди објективно споредување на релативната вредност на понудите, со цел во услови на вистинска конкуренција да се утврди која понуда е економски најповолна. Треба јасно да се посочи дека економски најповолната понуда треба да се оценува врз основа на најдобар сооднос помеѓу квалитетот и цената, што секогаш треба да вклучува елемент на цена или трошок. Исто така, треба да се појасни дека оценката на економски најповолната понуда може да се прави само врз основа на ефикасноста на цената или трошокот. Освен тоа, соодветно е да се потсети дека договорните органи можат да утврдуваат соодветни стандарди за квалитет преку технички спецификации или услови за извршување на договорот.

За да се поттикне поголемо ориентирање кон квалитетот при јавните набавки, земјите-членки треба да имаат право да го забранат или ограничат користењето само на цената или само на трошоците при оценување на економски најповолната понуда, кога сметаат дека тоа е соодветно.

За да се обезбеди почитување на принципот на еднаков третман при доделувањето договори, договорните органи треба да имаат обврска да ја обезбедат потребната транспарентност за сите понудувачи да бидат доволно информирани за критериумите и условите кои ќе се применуваат при одлуката за доделување на договорот. Во врска со тоа, договорните органи треба да се должни да ги наведат критериумите за доделување на договорот и релативната тежина на секој од овие критериуми. Сепак, договорните органи треба да имаат право на отстапување од обврската да ја наведат тежината на критериумите во оправдани случаи во кои треба да ги наведат причините за тоа, кога тежината не може да биде утврдена однапред, особено поради сложеноста на договорот. Во овие случаи, тие треба редоследно да ги наведат критериумите по нивната важност, почнувајќи од најважниот.

(91) Член 11 од ДФЕУ бара заштитата на животната средина треба да биде вклучена во дефинирањето и спроведувањето на политиките и активностите на Унијата, особено за да се поттикне одржлив развој. Во оваа директива се појаснува на кој начин договорните органи можат да придонесат за заштита на животната средина и промовирање одржлив развој, обезбедувајќи дека може да се добие најдобар сооднос помеѓу квалитетот и цената за своите договори.

(92) При оценување на најдобриот сооднос помеѓу квалитет и цена, договорните органи треба да ги утврдат економските и квалитативните критериуми поврзани со предметот на договорот кои ќе ги користат за оваа намена. Овие критериуми треба соодветно да овозможуваат вршење на компаративна оценка на нивото на извршување понудено со секоја понуда во однос на предметот на договорот, како што е дефинирано во техничките спецификации. Во врска со најдобриот сооднос помеѓу квалитет и цена, оваа директива содржи неисцрпна листа на можни критериуми за доделување во кои се вклучени еколошки и социјални аспекти. Договорните органи треба да се охрабруваат да изберат критериуми за доделување кои им овозможуваат да добијат висококвалитетни работи, добра и услуги, кои во најголема мера ги задоволуваат нивните потреби.

Избраните критериуми за доделување не треба да даваат неограничена слобода на избор на договорниот орган; тие треба да обезбедат можност за реална и лојална конкуренција и да бидат придружени со механизми кои овозможуваат ефикасна проверка на информациите обезбедени од понудувачите.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

За да се одреди економски најповолната понуда, одлуката за доделување на договорот не треба да се базира единствено на критериуми кои не се поврзани со трошоците. Поради оваа причина, критериумите за квалитет треба да се придружени од критериум за трошоците, кој по избор на договорниот орган може да биде цената или рентабилниот пристап, како што се трошоците за целиот животен циклус. Критериумите за доделување, сепак, не треба да влијаат на примената на националните одредби кои ги одредуваат надоместоците за одредени услуги или воспоставување фиксна цена за некои испораки.

(93) Кога националните одредби ги одредуваат надоместоците за одредени услуги или воспоставуваат фиксни цени за одредени набавки, треба да се појасни дека и понатаму е можно да се направи проценка на соодносот квалитет/цена врз основа на други фактори, различни од цената или исплатата. Во зависност од соодветната услуга или производ, овие фактори може да ги вклучуваат, на пример, условите за испорака или плаќање, аспектите на сервисирање по продажбата (на пример обемот на услугите за консултација и размена) или еколошки или социјални аспекти (на пример дали книгите се печатени на рециклирана хартија или хартија добиена од одржлива граѓа, трошоците поради надворешни еколошки фактори, или дали е постигнат напредок во социјалната интеграција на луѓето во нерамноправна положба или на членовите на ранливите групи меѓу лицата кои го извршуваат договорот). Земајќи ги предвид многуте можности за оценка на соодносот помеѓу квалитет и цена врз основа на значајни критериуми, треба да се избегнува извлекувањето ждрепка како единствено средство за доделување на договорот.

(94) Кога квалитетот на вработениот персонал е од значење за нивото на исполнување на договорот, договорните органи треба, исто така, како критериум за доделување да можат да ги користат организацијата, квалификациите и искуството на персоналот на кои им е доверено исполнувањето на предметниот договор, бидејќи тоа може да влијае на квалитетот на неговото спроведување и, како резултат на тоа, на економската вредност на понудата. Таков може да е случајот на пример при набавки за интелектуални услуги, како консултантски или архитектски услуги. Договорните органи кои ја користат оваа можност, преку соодветни договорни средства треба да обезбедат дека персоналот кој има задача да го изврши договорот, всушност одговара на наведените стандарди за квалитет и дека овој персонал може да биде заменет само со согласност на договорниот орган кој проверува дали заменскиот персонал обезбедува еднакво ниво на квалитет.

(95) Од исклучителна важност е целосно да се користи потенцијалот на јавните набавки за постигнување на целите на стратегијата „Европа 2020“ за интелигентен, одржлив и инклузивен раст. Во врска со тоа, треба да се потсети дека јавните набавки се исклучително важни за промовирање на иновации кои се од суштинско значење за идниот раст во Европа. Во поглед на значителните разлики помеѓу одделните сектори и пазари, сепак, не би било соодветно да се донесат заеднички задолжителни барања за јавни набавки со еколошки, социјален и иновативен карактер.

Законодавните тела на Унијата веќе воведоа задолжителни барања за јавните набавки за постигнување на одредени цели во секторите на патните возила (Директива 2009/33/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1]) и канцелариска опрема (Регулатива (ЕЗ) бр. 106/2008 на Европскиот парламент и на Советот[2]). Освен тоа,

[1] Директива 2009/33/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2009 година за промовирање на чисти и енергетско ефикасни патни возила (Сл. весник L 120, 15.5.2009 година, стр. 5).
[2] Регулатива (ЕЗ) бр. 106/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 15 јануари 2008 година за

беше постигнат значителен напредок во дефинирањето на заеднички методологии за проценка на трошоците за целиот животен циклус.

Затоа, се чини соодветно да се продолжи со тоа и да се остави во кругот на законодавството на одреден сектор да утврдува задолжителни цели како функција од конкретните политики и актуелните услови во соодветниот сектор и да се промовира развојот и користењето на европските модели за проценка на трошоците за време на целиот животен циклус, што дополнително ќе ја нагласи употребата на јавните набавки во поддршка на одржливиот раст.

(96) Овие мерки во конкретните сектори треба да се надополнат со приспособување на Директиви 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ за овластување на договорните органи да ги извршуваат целите на стратегијата „Европа 2020“ за интелигентен, одржлив и инклузивен раст во стратегиите за купување. Поради тоа, треба да се појасни дека освен кога проценката се прави само врз основа на цената, договорните органи можат да ја утврдат економски најповолната понуда и најниските трошоци, користејќи го пристапот за проценка на трошоците за време на целиот животен циклус. Поимот „трошоци за целиот животен циклус“ ги вклучува сите трошоци за време на животниот циклус на работите, добрата или услугите.

Тие трошоци подразбираат внатрешни трошоци, како и трошоци за потребните истражување, развој, производство, транспорт, употреба, одржување и отстранување по истекување на рокот на траење, но може да ги вклучува и трошоците поради надворешни еколошки фактори, како загадување предизвикано од екстракција на суровините употребени во производот или од самиот производ или од неговото производство, доколку тие трошоци можат да се пресметуваат и следат. Методите кои договорните органи ги користат за проценка на трошоците поради надворешни еколошки фактори, треба да се утврдат однапред на објективен и недискриминирачки начин и да бидат достапни за сите заинтересирани страни. Овие методи можат да бидат утврдени на национално, регионално или локално ниво, но за да се избегне нарушување на конкуренцијата преку приспособени методологии, тие треба да останат општи, во смисла дека не треба да се утврдуваат посебно за одредена постапка за за јавни набавки.

На ниво на Унијата треба да се развијат заеднички методологии за пресметка на трошоците за време на целиот животен циклус на одредени категории добра или услуги. Кога има развиени такви општи методологии, нивната употреба треба да биде задолжителна.

Освен тоа, треба да се разгледа можноста за воспоставување заедничка методологија за проценка на трошоците за целиот животен циклус, земајќи ги предвид постојните методологии како Насоките за оценка на животниот циклус на производите донесени во рамките на Програмата за животна средина на Организацијата на Обединетите нации.

(97) Освен тоа, со цел поуспешно интегрирање на социјалните и еколошките мислења во постапките за набавка, договорните органи треба да можат да користат критериуми за доделување или услови за спроведување на договори поврзани со работите, добрата или услугите кои се предмет на јавниот договор, во секој поглед и во секоја фаза од нивниот животен циклус, од екстракција на суровините за производ до фазата на отстранување на производот, вклучувајќи фактори кои се вклучени во

програмата на Заедницата за енергетско ефикасно означување на канцелариска опрема (Сл. весник L 39, 13.2.2008 година, стр.1).

одреден процес на производство, обезбедување или трговија со тие работи, добра или услуги или специфичен процес на подоцнежната фаза од нивниот животен циклус, дури и кога овие фактори не се дел од основните карактеристики. Критериуми и услови кои се однесуваат на таков процес на производство или обезбедување може на пример да опфаќаат услови производството на купените производи да не опфаќа токсични хемикалии или услугите да се обезбедени со користење на енергетско ефикасни машини. Во согласност со судската практика на Судот на правда на Европската унија, ова, исто така, вклучува критериуми или услови за извршување на договор поврзани со набавката или употребата на производи на фер трговија при спроведувањето на договорот кој треба да се додели. Критериумите и условите поврзани со трговијата и нејзините услови може, на пример, да се однесуваат на фактот дека производот потекнува од фер трговија, вклучувајќи го барањето за исплата на минимална цена и повисока цена на произведувачите. Условите за извршување на договорот поврзани со еколошките прашања можат да вклучуваат, на пример, испорака, пакување и отстранување на производите, а во однос на договорите за работи и услуги - минимизирање на отпадот или ефикасно користење на ресурсите.

Сепак, условот за поврзување со предметот на договорот ги исклучува критериумите и условите поврзани со заедничката корпоративна политика, кои не можат да се сметаат за фактор кој го карактеризира специфичниот процес на производство или обезбедување на купените работи, добра или услуги. Во врска со тоа, на договорните органи не треба да им се дозволи да бараат од понудувачите да одржуваат одредена корпоративна политика на социјална и еколошка одговорност.

(98) Исклучително е важно критериумите за доделување или условите за извршување на договорот кои се однесуваат на социјалните аспекти на производствениот процес да се поврзани со работите, добрата или услугите кои ќе бидат обезбедени во рамките на договорот. (65) Покрај тоа, тие треба да се применуваат во согласност со Директива 96/71/ЕЗ, според толкувањето на Судот на правда на Европската унија и не треба да се избираат или применуваат на начин кој води до директна или индиректна дискриминација на економските оператори од други земји-членки или од трети земји кои се договорни страни на ГПА или Договорите за слободна трговија во кои Унијата е договорна страна. Затоа, барањата кои се однесуваат на основните услови за работа, уредени со Директива 96/71/ЕЗ, како што се минималните стапки на плата, треба да останат на нивото утврдено во националното законодавство или во колективните договори што се применуваат во согласност со правото на Унијата во контекст на споменатата директива.

Условите за извршување на договор може да се насочени и кон примена на мерки за унапредување на еднаквоста помеѓу жените и мажите на работното место, зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и усогласување на работата и приватниот живот, заштитата на животната средина или благосостојбата на животните и суштински да бидат во согласност со основните конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и кон ангажирање на повеќе обесправени лица отколку што се бараат во согласност со националното законодавство.

(99) Мерките насочени кон заштита на здравјето на персоналот вклучен во процесот на производство, кон промовирање на социјалната интеграција на обесправените лица или членови на ранливите групи помеѓу лицата ангажирани за спроведување на договорот или кон обука за стекнување на вештините потребни за исполнување на предметниот договор, исто така, можат да бидат предмет на критериумите за доделување или на условите за вршење договори, доколку се поврзани со работите,

добрата или услугите кои ќе бидат обезбедени во рамки на договорот. На пример, такви критериуми или услови може, меѓу другото, да се однесуваат на вработување на лица кои долго време бараат работа, спроведување на мерките за обука на невработени или млади лица во текот на спроведувањето на договорот кој треба да се додели. Во техничките спецификации, договорните органи можат да ги предвидат таквите социјални барања кои директно го карактеризираат предметниот производ или услуга, како што се пристапност за лицата со попреченост во развојот или намена за сите корисници.

(100) Јавните договори не треба да се доделуваат на економски оператори кои учествувале во криминална организација или се прогласени за виновни за корупција, измама на штета на финансиските интереси на Унијата, терористички злосторства, перење пари или финансирање на терористичка активност. Неплаќањето на даноци или социјални придонеси, исто така, треба да води кон задолжително исклучување на ниво на Унијата. Земјите-членки сепак треба да можат да предвидуваат отстапување од тоа задолжително исклучување при вонредни околности кога принудни барања од општ интерес го прават доделувањето на договорот крајно неопходно. Таков пример може да биде случајот кога итно потребни вакцини или опрема за итна помош може да се купат само од економски оператор за кого во други околности би се применувале некои од задолжителните основи за исклучување.

(101) Освен тоа, на договорните органи треба да им се даде можност да ги изземаат економските оператори кои се покажале како несигурни, на пример поради прекршувања на еколошки или социјални обврски, вклучувајќи правила за пристапност за лицата со пречки во развојот или други форми на сериозен професионален прекршок, како што се прекршувања на правилата за заштита на конкуренција или на правата на интелектуална сопственост. Треба да се појасни дека сериозните професионални нарушувања можат да го стават под прашање интегритетот на економскиот оператор и на тој начин да го направат несоодветен да добие јавен договор, независно од тоа дали тој поседува технички и економски капацитет за извршување на договорот.

Имајќи го предвид фактот дека договорниот орган е одговорен за последиците од евентуалните погрешни одлуки, договорните органи треба, исто така, да се во можност да уврдат дека постои сериозно професионално прекршување кога пред донесувањето на конечна и обврзувачка одлука за постоење на задолжителни основи за исклучување, тие можат да докажат, со соодветни средства, дека економскиот оператор ги прекршил своите обврски, вклучувајќи обврски во однос на плаќањето на даноци или социјални придонеси, освен ако во националното право не е предвидено поинаку. Тие, исто така, треба да можат да исклучуваат кандидати или понудувачи кои покажале значителни слабости при исполнувањето на суштинските барања во претходните јавни договори, на пример неостварена испорака или неизвршување, значителни недостатоци на испорачаниот производ или услуга кои ги прават неупотребливи за предвидените намени или недопуштени дејства кои предизвикуваат сериозни сомневања за доверливоста на економскиот оператор. Во националното законодавство треба да се пропише максимален рок на такви исклучувања.

При примената на изборни основи за исклучување, договорните органи треба да обратат посебно внимание на принципот на пропорционалност. Само во исклучителни случаи, малите неправилности треба да водат до исклучување на економскиот оператор. Независно од тоа, повторливите незначителни неправилности можат да предизвикаат сомнежи за доверливоста на даден економски оператор кој може да го

оправда неговото исклучување.

(102) Треба, сепак, да се предвиди можност економските оператори да донесат мерки за усогласеност насочени кон отстранувањето на последиците од евентуални кривични престапи или прекршоци и кон ефикасното спречување на идни случаи на недопуштени дејства. Овие мерки можат да се состојат, особено, од кадровски и организациски мерки како што се прекин на секакви врски со лица или организации вклучени во недопуштени дејства, соодветни мерки за кадровска реорганизација, спроведување на системи за известување и контрола, создавање на структура за внатрешна ревизија за следење на усогласеноста и усвојување на внатрешните правила за одговорност и надомест. Кога таквите мерки обезбедуваат доволно гаранции, предметниот економски оператор не треба повеќе да биде исклучен само на овие основи. Економските оператори треба да имаат можност да побараат преиспитување на мерките за усогласеност преземени со цел евентуално вклучување во постапката за набавка.

Сепак, земјите-членки треба да бидат оние кои ќе ги дефинираат конкретните процедурални и материјални услови кои се применуваат во такви случаи. Особено, тие треба да се во можност да одлучуваат дали да дозволат на поединечните договорни органи да ги извршат соодветните проценки или да ја доверат оваа задача на други органи на централно или локално ниво.

(103) Понудите кои изгледаат невообичаено ниски во однос на работите, добрата или услугите, може да се базираат на технички, економски или правни неиздржани претпоставки или практики. Кога понудувачот не може да даде задоволително објаснување, договорниот орган треба да има право да ја одбие понудата. Одбивањето треба да биде задолжително во случаите кога договорниот орган утврдил дека невообичаено ниската цена или предложените трошоци се должат на непочитување на задолжителното право на Унијата или на соодветното национално право во областа на социјалното, трудовото или еколошкото право или на одредбите од меѓународното трудово право.

(104) Условите за извршување на договорот имаат за цел да ги дефинираат конкретните барања поврзани со извршување на договорот. За разлика од критериумите за доделување кои се основа за компаративна оценка на квалитетот на понудите, условите за извршување на договорот претставуваат фиксни објективни барања кои не влијаат врз проценката на понудите. Условите за извршување на договорот треба да се усогласени со оваа директива, доколку не водат до директна или индиректна дискриминација и доколку се поврзани со предметот на договорот, кој ги опфаќа сите фактори поврзани со специфичниот процес на производство, обезбедување или комерцијализација. Ова ги вклучува условите поврзани со процесот на извршување на договорот, но ги исклучува барањата кои се однесуваат на вкупната здружена политика.

Условите за извршување на договорот треба да бидат наведени во известувањето за договор, во известувањето за првичните информации употребено како покана за учество во конкурентна постапка или во документацијата за договорот.

(105) Важно е почитувањето од подизведувачи на важечките обврски во областа на еколошкото, социјалното и трудовото право, утврдени со правото на Унијата, националното право, колективните договори или со одредби на меѓународното еколошко, социјално и трудово право, наведени во оваа директива, под услов овие правила и нивната примена да се усогласени со правото на Унијата, да биде

гарантирано од надлежните национални органи, како што се агенциите за трудови инспекции или агенциите за заштита на животната средина, преку соодветни активности во рамките на нивните надлежности и компетентност.

Исто така, неопходно е да се обезбеди одреден степен на транспарентност во синџирот од подизведувачи, бидејќи тоа им дава на договорните органи информации за лицата кои присуствуваат на градилиштето на кои се вршат работите за нив, или за претпријатијата кои обезбедуваат услуги во или на згради, инфраструктури или зони, како што се општински сали, општински училишта, спортски објекти, пристаништа или автопати, за кои договорните органи се одговорни или врз кои вршат директен надзор. Треба да се појасни дека обврската за доставување на потребните податоци во секој случај се однесува на главниот изведувач или врз основа на посебни клаузули кои секој договорен орган треба да ги вклучи во сите постапки за набавка, или врз основа на обврски кои земјите-членки им ги наметнуваат на главните изведувачи преку општите одредби.

Исто така, треба да се појасни дека условите кои се однесуваат на извршување на почитувањето на важечките обврски во областа на еколошкото, социјалното и трудовото право, утврдени со правото на Унијата, националното право, колективните договори или одредби на меѓународното еколошко, социјално и трудово право, кои се наведени во оваа директива, под услов тие прописи и нивната примена да се усогласени со правото на Унијата, треба да се применуваат секогаш кога националното право на земјата-членка предвидува механизам за солидарна одговорност помеѓу подизведувачи и главниот изведувач. Освен тоа, треба експлицитно да се посочи дека земјите-членки треба да се во можност да преземат дополнителни мерки, на пример како што е проширување на опсегот на обврските за транспарентност, преку овозможување на директна исплата на подизведувачите или барање од договорните органи да контролираат дали подизведувачите не се наоѓаат во некоја од ситуациите во кои би било оправдано исклучувањето на економските оператори. Кога овие мерки се применуваат за подизведувачи, треба да се обезбеди конзистентност со одредбите што се применуваат за главните изведувачи, така што присуството на задолжителни основи за исклучување треба да биде проследено со барање главниот изведувач да го замени соодветниот подизведувач. Кога таквата проверка покажува присуство на незадолжителни основи за исклучување, треба да се појасни дека договорните органи имаат можност да побараат замена. Сепак, исто така, треба експлицитно да се утврди дека договорните органи може да се должни да побараат замена на соодветниот подизведувач кога исклучувањето на главниот изведувач би било задолжително во такви случаи.

Исто така, треба експлицитно да се утврди дека земјите-членки можат слободно да предвидат построги правила за одговорност според националното право или да одат подалеку од она што е предвидено според националното право за директна исплата на подизведувачи.

(106) Треба да се потсети дека Регулатива (ЕЕЗ, Евроатом) бр. 1182/71 на Советот[1] се применува при пресметувањето на роковите содржани во оваа директива.

(107) Потребно е да се појаснат условите под кои измените на даден договор за време на неговото спроведување налагаат спроведување на нова постапка за набавка, земајќи ја предвид соодветната судска пракса на Судот на правдата на Европската унија. Нова

[1] Регулатива (ЕЕЗ, Евроатом) бр. 1182/71 на Советот од 3 јуни 1971 година за одредување на правилата кои се применуваат за периоди, датуми и временски рамки (Сл. весник - посебно издание на англиски јазик: Серија V, том 1952-1972, стр. 88).

постапка за набавка се бара во случај на значајни промени во првичниот договор, особено во полето на примена и содржината на меѓусебните права и обврски на страните, вклучувајќи ја распределбата на правата на интелектуална сопственост. Таквите промени ја покажуваат намерата на страните повторно да ги договорат основните услови на тој договор. Таков е случајот, особено, кога изменетите услови би влијаеле на резултатот од постапката, ако беа вклучени во првичната постапка.

Измени на договорот, кои водат до минимална промена на вредноста на договорот во рамките на одредена вредност, треба секогаш да бидат можни без да има потреба да се спроведе нова постапка за набавка. За таа цел и за да се обезбеди правна сигурност, во оваа директива треба да се предвидат минимални прагови, под кои не е потребна нова постапка за набавка. Измени на договорот над овие прагови треба да се можни без да има потреба да се спроведе нова постапка за набавка, кога таквите измени се усогласени со соодветните услови утврдени во оваа директива.

(108) Договорните органи можат да се соочуваат со ситуации во кои се потребни дополнителни работи, добра или услуги; во таков случај може да се оправдани измени во првичниот договор, без спроведување на нова постапка за набавка, особено кога дополнителните испораки се наменети да ги заменат делумно или да ги дополнат постојните услуги, набавки или објекти, каде што промената на добавувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал, работи или услуги со различни технички спецификации, што би резултирало во некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во работењето и одржувањето.

(109) Можно е договорните органи да бидат соочени со надворешните околности кои не можеле да ги предвидат кога го доделиле договорот, особено кога спроведувањето на договорот опфаќа подолг временски период. Во овие случаи потребен е одреден степен на флексибилност за приспособување на договорот на околностите, без спроведување на нова постапка за набавка. Поимот за непредвидени околности се однесува на околности кои не можеле да бидат предвидени и покрај внимателната подготовка на почетното доделување од договорниот орган, земајќи ги предвид нивните расположливи средства, природата и карактеристиките на конкретниот проект, добрите практики во соодветната област и потребата да се обезбеди соодветна врска помеѓу ресурсите потрошени за подготовките на доделувањето на концесијата и нејзината предвидена вредност. Сепак, ова не може да се применува во случаите кога измената доведува до промена во природата на целата набавка, на пример, при замена на работите, добрата или услугите кои треба да се обезбедат со нешто друго или при суштински промени на типот на набавката, бидејќи во таква ситуација може да се претпостави хипотетичко влијание врз резултатот.

(110) Во согласност со начелата за еднаков третман и транспарентност, успешниот понудувач не треба, на пример, кога договорот бил прекинат поради недостатоци во извршувањето, да биде заменет со друг економски оператор, без договорот да биде повторно достапен за конкуренцијата. Сепак, успешниот понудувач кој го извршува договорот, треба да е во можност, особено кога договорот е доделен на повеќе од едно претпријатие, да претрпи одредени структурни промени за време на неговото спроведување, како што се чисто внатрешна реорганизација, преземања, спојувања и набавки или стечај. Таквите структурни промени не треба автоматски да наметнуваат нови постапки за набавка за сите јавни договори извршени од тој понудувач.

(111) Договорните органи, во поединечните договори, треба да имаат можност да предвидуваат измени на договорот преку клаузули за ревизија или клаузули за избор, но овие клаузули не треба да им даваат неограничена слобода. Затоа, во оваа директива

треба да се утврди до кој степен може да се предвидуваат измени на првичниот договор. Оттука, треба да се појасни дека доволно јасно формулираните клаузули за ревизија или за избор може, на пример, да предвидуваат индексации на цените или да осигураат дека, на пример, комуникациска опрема која се испорачува во рамките на определен период продолжува да е соодветна, исто така и во случај на промена на протоколи за комуникација или други технолошки промени. Освен тоа, треба да биде можно преку доволно јасни клаузули да се предвидат прилагодувања на договорот, кои станале неопходни поради технички проблеми кои настанале за време на активноста или одржувањето. Исто така, треба да се потсети дека договорите би можеле, на пример, да вклучуваат како обично одржување, така и вонредни интервенции на одржување кои може да се потребни за обезбедување на континуитет на одредена јавна услуга.

(112) Понекогаш, договорните органи се соочуваат со околности кои наметнуваат предвремено прекинување на јавни договори со цел усогласување со обврските кои произлегуваат од правото на Унијата во областа на јавните набавки. Затоа, земјите-членки треба да гарантираат дека договорните органи имаат можност, под услови утврдени со националното право, да прекинат јавен договор за време на неговиот рок на извршување, ако тоа се бара според правото на Унијата.

(113) Резултатите од работниот документ на персоналот на Комисијата од 27 јуни 2011 година, насловен како „Извештај за евалуација: Влијанието и ефикасноста на законодавството на ЕУ во областа на јавните набавки“, покажаа дека треба да се ревидира исклучувањето на одредени услуги од целосната примена на Директива 2008/18/ЕЗ. Како резултат на тоа, целосната примена на оваа директива треба да се прошири во однос на одреден број услуги.

(114) Поради својата природа, определени категории услуги и понатаму имаат ограничена прекугранична димензија, особено услугите кои се познати како услуги за лица, како на пример одредени социјални, здравствени и образовни услуги. Овие услуги се обезбедуваат во рамки на посебен контекст кој значително се разликува во различните земји-членки поради различните културни традиции. Затоа, во однос на јавни договори за овие услуги треба да се воспостави посебен режим со повисок праг од оној кој се применува за други услуги.

Услуги за лица со вредности под овој праг обично не претставуваат интерес за добавувачите од други земји-членки, освен кога има конкретни знаци за спротивното, како на пример финансирање на прекугранични проекти од страна на Унијата.

Договорите за услуги за лица кои го надминуваат овој праг треба да бидат во согласност со начелото за транспарентност кое се применува за целата Унија. Со оглед на важноста на културниот контекст и чувствителната природа на овие услуги, земјите-членки треба да имаат поголема слобода да го организираат изборот на даватели на услуги на начин кој го сметаат за најсоодветен. Правилата на оваа директива ја земаат предвид оваа неопходност, наметнувајќи само почитување на основните начела за транспарентност и еднаков третман и ја гарантираат можноста договорните органи да применуваат посебни критериуми за квалитет при изборот на добавувачи на услуги, како критериумите утврдени во доброволната Европска рамка за квалитет на социјалните услуги, објавена од страна на Комитетот за социјална заштита. При утврдување на постапките кои се користат за доделување на договори за услуги за лица, земјите-членки треба да го земат предвид член 14 од ДФЕУ и Протокол бр. 26. Истовремено, земјите-членки треба да се стремат и кон постигнување на целите за поедноставување и олеснување на административниот товар за договорните органи и

економските оператори; треба да се појасни дека ова може да значи и примена на правилата за договорите за услуги за кои не важи специјалниот режим.

Земјите-членки и јавните органи ја задржуваат слободата самите да ги обезбедат овие услуги или да организираат социјални услуги на начин кој не води до склучување на јавни договори, на пример преку финансирање на таквите услуги или преку обезбедување на лиценци или дозволи на сите економски оператори кои ги исполнуваат условите однапред утврдени од договорниот орган, без ограничувања или квоти, доколку таквиот систем обезбедува доволно рекламирање и е усогласен со начелата на транспарентност и недискриминација.

(115) На ист начин, хотелиерските и угостителските услуги обично се нудат само од оператори кои се наоѓаат на одредено место на испорака на овие услуги и поради тоа, исто така имаат ограничена прекугранична димензија. Затоа, тие треба да бидат опфатени само со благ режим, со минимален праг од 750 000 ЕУР. Големите договори за хотелиерски и ресторански услуги кои го надминуваат овој праг, можат да претставуваат интерес за различни економски оператори, како туристички агенции и други посредници, и на прекугранична основа.

(116) Слично на тоа, определени правни услуги се однесуваат исклучиво на прашања поврзани единствено со националното право, поради што обично се нудат само од оператори основани во засегнатата земја-членка и затоа, исто така, имаат ограничена прекугранична димензија. Затоа, тие треба да бидат опфатени само со благ режим, со минимален праг од 750 000 ЕУР. Големите нарачки за правни услуги, над овој праг, можат да претставуваат интерес за различни економски оператори, како што се меѓународни правни фирми, и на прекугранична основа, особено кога вклучуваат правни прашања кои произлегуваат од за основа го имаат правото на Унијата или друго меѓународно право или вклучуваат учество на повеќе од една земја.

(117) Искуството покажува дека голем број други услуги, како спасителна служба, противпожарна служба и затворска служба обично се прекугранично интерес од моментот кога ќе се здобијат со доволна критична маса поради релативно високата вредност. Доколку не се исклучени од полето на примена на оваа директива, тие треба да бидат вклучени во опсегот на благиот режим. Доколку нивното обзбедување се заснова на договори, други категории услуги, како услугите обезбедени од органите на централната власт или обезбедувањето на услуги на населението, обично постои веројатност тие да претставуваат прекугранично интерес над минималниот праг од 750 000 ЕУР, поради што следува дека за нив ќе се применува благ режим.

(118) За да се обезбеди континуитет на јавните услуги, оваа директива треба да овозможува учество во постапките за набавка на одредени здравствени и социјални услуги, а услугите од сферата на културата да може да бидат резервиран за организации засновани на сопственоста или активното учество на вработените во управувањето, како и за постојните организации, како задруги кои се вклучени во испораката на овие услуги до крајните корисници. Опсегот на оваа одредба се ограничува само до одредени здравствени, социјални и сродни услуги, одредени образовни услуги и услуги за обука, библиотекарски, архивски, музејски и други услуги во сферата на културата, и услуги за домаќинствата, и нема за цел да ги вклучува исклучоците утврдени со оваа директива. Овие услуги треба да бидат опфатени само со благиот режим.

(119) Соодветно е овие услуги да се утврдени со упатување кон конкретните ставови на Општиот поимник за јавни набавки (ОПЈН), донесен со Регулатива (ЕЗ) бр.

2195/2002 на Европскиот парламент и на Советот[1], кој претставува хиерархиско структурирана номенклатура поделена на делови, групи, класи, категории и подкатегории. За да се избегне правната несигурност, треба да се појасни дека упатувањето на одреден дел не води до упатување на подредени пододделi. Такво сеопфатно упатување треба експлицитно да се утврди преку наведување на сите соодветни состојби, според потребата - како серија од кодови.

(120) Конкурсите за проекти обично се користат во областа на просторното планирање, архитектурата, инженерството или обработката на податоци. Сепак, треба да се потсети дека овие флексибилни инструменти можат да се користат и за други цели, како добивање на планови за финансиско инженерство кои би ја оптимизирале поддршката за МСП во контекст на Заедничките европски ресурси за микро, мали и средни претпријатија (ЈЕРЕМИЕ) или други програми на Унијата за поддршка на МСП во некоја земја-членка. Во конкурсот за проект кој се користи за добивање на планови за такво финансиско инженерство би можело исто така да се посочи дека последователните договори за услуги за извршување на финансиското инженерство ќе бидат доделени на успешниот понудувач или на еден од успешните понудувачи на конкурсот за проект преку постапка на преговарање без известување.

(121) Оценката покажува дека примената на правилата на Унијата во областа на јавните набавки сè уште може да се подобри во значителен степен. Со цел поефикасна и доследна примена на правилата, од суштинско значење е да се добие добар увид за можните структурни проблеми и општите модели на националните политики за набавки за да се бараат целни решенија на можните проблеми. Увидот треба да се добие со соодветно следење чии резултати треба да се објавуваат редовно за да се обезбеди издржана дебата за можно усовршување на правилата и практиките за јавни набавки. Стекнувањето на добар увид, исто така, може да овозможи да се стекне увид во примената на правилата за јавни набавки во врска со спроведувањето на проекти кои се кофинансирани од Унијата. Земјите-членки треба да продолжат да имаат слобода во одлучувањето за тоа како и од кого треба да се спроведува ова во пракса; истовремено, тие треба да продолжат да имаат слобода и при одлучувањето за тоа дали следењето да се базира на подоцнежна контрола врз основа на примероци или на систематски претходна контрола над постапките за јавни набавки, опфатени со оваа директива. Треба да постои можност евентуалните проблеми да бидат претставени пред соодветните тела; тоа не подразбира дека оние кои го вршат следењето треба да имаат излагање пред суд или трибунал.

Повеќе насоки, информации и поддршка за договорните органи и економските оператори, исто така, би можеле во голема мера да придонесат за зголемување на ефикасноста на јавните набавки преку постигнување на подобрување на знаењето, поголема правна сигурност и поголема професионалност кај практиките за набавки. Таквите упатства треба да им се обезбедат на договорните органи и на економските оператори при појавување на потреба да се подобри правилната примена на правилата. Насоките кои треба да се обезбедат може да ги вклучуваат сите прашања поврзани со јавните набавки, како што се планирање на стекнувањето, постапки, избор на техники и инструменти и добри практики при спроведувањето на постапките. Во однос на правните прашања, насоките не треба задолжително да вклучуваат целосна правна анализа на соодветните прашања; тие можат да бидат ограничени на општо претставување на елементите кои треба да се земат предвид при последната детална

[1] Регулатива (ЕЗ) бр. 2195/2002 на Европскиот парламент и на Советот од 5 ноември 2002 година за Општиот поимник за јавни набавки (ОПЈН) (Сл. весник L 340, 16.12.2002 година, стр.1).

анализа на прашањата, на пример со посочување на судската практика која би можела да е од значење или со давање примери за документи или други извори во кои е разгледувано конкретното прашање.

(122) Директива 89/665/ЕЕЗ предвидува одредени постапки за ревизија да бидат достапни барем за секое лице кое има или имало интерес од добивањето на одреден договор и кое е оштетено или би можело да понесе штета од наводна повреда на правото на Унијата во областа на јавните набавки или на националните правила со кои се спроведува тоа право. Оваа директива не треба да влијае врз таквите постапки за ревизија. Сепак, граѓаните, заинтересираните страни, без разлика дали се организирани или не, и други лица или органи кои немаат пристап до постапките за ревизија според Директива 89/665/ЕЕЗ, сепак имаат легитимен интерес, како даночни обврзници, од спроведување на сигурни постапки за набавка. Поради оваа причина, тие треба да имаат можност да ги пријавуваат на надлежниот орган или структура евентуалните прекршувања на оваа директива на начин различен од системот за ревизија во согласност со Директива 89/655/ЕЕЗ и без задолжително да им се наметнува да имаат излагање пред суд или трибунал. За да се избегне дуплирање на постојните органи или структури, земјите-членки треба да можат да предвидат пристап до општите органи или структури за следење, секторските супервизори, општинските супервизори, органите за заштита на конкуренцијата, народниот правобранител или националните ревизорски тела.

(123) За целосно да се реализира потенцијалот на јавните набавки за постигнување на целите на стратегијата Европа 2020 за интелигентен, одржлив и инклузивен раст, набавките во областа на животната средина, социјалната сфера и иновации, исто така, мора да ја исполнат својата функција. Затоа, важно е да се добие претстава за развојот во сферата на стратешките набавки за да се изгради издржано мислење за општите трендови на ниво на оваа област. Во овој контекст може да се користат и сите веќе изготвени соодветни извештаи.

(124) Со оглед на потенцијалот на МСП за создавање на работни места, раст и иновации, важно е да се поттикне нивното учество во јавните набавки преку соодветни одредби во оваа директива, како и преку иницијативи на национално ниво. Новите одредби утврдени во оваа директива треба да придонесат за подобрување на нивото на успех, што се подразбира како удел на МСП во вкупната вредност на доделените договори. Не е соодветно да се наметнуваат задолжителни нивоа на успех, но националните иницијативи за поттикнување на учеството на МСП треба, со оглед на нивната важност, да подлежат на внимателно следење.

(125) Веќе се воспоставени бројни постапки и работни методи во однос на комуникацијата и контактите на Комисијата со земјите-членки, како на пример во однос на комуникацијата и контактите поврзани со постапките наведени во членови 258 и 260 од ДФЕУ, Мрежата за решавање на проблеми на внатрешниот пазар (СОЛВИТ/SOLVIT) и ЕУ Пилот (EU Pilot) кои не се менуваат со оваа директива. Сепак, тие треба да се дополнат така што во секоја зема-членка би се воспоставила единица за контакт за соработка со Комисијата која би функционирала како единствена точка за пристап за прашања кои се однесуваат на јавните набавки во односната земја-членка. Оваа функција може да биде изведена од лица или структури кои веќе одржуваат редовни контакти со Комисијата за прашања поврзани со јавните набавки, како национални единици за контакт, членови на Советодавниот комитет за јавни набавки, членови на Мрежата за јавни набавки или национални координативни структури .

(126) Следењето и транспарентноста при донесувањето на одлуки во рамките на постапките за набавка се исклучително важни за обезбедување на сигурни постапки, вклучувајќи ефикасна борба против корупцијата и измамата. Поради тоа, договорните органи треба да чуваат копии од склучените договори со висока вредност за да можат да обезбедат пристап до овие документи на заинтересираните страни во согласност со применливите правила за пристап до документи. Освен тоа, суштинските елементи и одлуките во одделните постапки за набавки треба да бидат документирани во извештај за вашата набавка. За да се избегне наметнувањето на административни потешкотии кога тоа е можно, треба да е дозволиво извештајот за набавка да се потпира на информации кои веќе биле вклучени во соодветното известување за доделен договор. Електронските системи за објавување на известувањата кои се управувани од страна на Комисијата, исто така, треба да се усовршуваат за да се олесни воведувањето на податоци, така што со тоа ќе се олесни издвојувањето на глобалните извештаи и размената на податоци помеѓу системите.

(127) Со цел да се поедностават административните постапки и намалувањето на товарот за земјите-членки, Комисијата треба периодично да проверува дали квалитетот и сеопфатноста на информациите во известувањата објавени во врска со постапките за набавка се доволни за таа да ги извлекува статистичките податоци кои инаку треба да се предадат од земјите-членки.

(128) За размена на информациите потребни за спроведување на постапки за доделување на договор во прекугранично контекст, потребно е ефективна административна соработка, особено во однос на проверката на причините за исклучување и критериумите за избор, примена на стандардите за квалитет и на еколошките стандарди и на списоците на одобрените економски оператори. Размената на информации се регулира со националното право за доверливост. Затоа, оваа директива не им наметнува обврска на земјите-членки да разменуваат информации кои ги надминуваат информациите до кои можат да имаат пристап националните договорни органи. Информатичкиот систем на внатрешниот пазар (ИМИ), основан со Регулатива (ЕУ) бр. 1024/2012 на Европскиот парламент и на Советот[1], може да биде корисно електронско средство за олеснување и интензивирање на административната соработка преку управување на размената на информации врз основа на поедноставени и унифицирани постапки кои ги надминуваат јазичните бариери. Затоа треба, што е можно побрзо, да започне пилот проект за да ја испита соодветноста на ширењето на ИМИ за размена на информации според оваа директива.

(129) Со цел приспособување кон брзите технички, економски и регулаторни промени, на Комисијата треба да ѝ биде делегирана моќ да донесува акти во согласност со член 290 од ДФЕУ во врска со одредени несуштински елементи од оваа директива. Поради потребата од почитување на меѓународните договори, Комисијата треба да може да ги менува техничките постапки за методите за пресметка на праговите, како и периодично да ги преиспитува самите прагови и да се приспособува на Анекс X; списоците со органите на централната власт се предмет на измени поради административни промени на национално ниво. Тие се доставуваат до Комисијата, која треба да е овластена да врши приспособување кон Анекс I; упатувањата кон ОПЈ/CPV номенклатурата можат да претрпат нормативни измени на ниво на Унијата и потребно е овие измени да се одразат во текстот на оваа директива; техничките податоци и

[1] Регулатива (ЕУ) бр. 1024/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за административна соработка преку Информатичкиот систем на внатрешниот пазар и за укинување на Одлука 2008/49/ЕЗ на Комисијата („ИМИ Регулатива“) (Сл. весник L 316, 14.11.2012 година, стр. 1).

карактеристики на средствата за електронски прием треба да се во согласност со развојот на технологијата; потребно е, исто така, Комисијата да се овласти да подготви задолжителни технички стандарди за електронска комуникација за да се обезбеди интероперабилност на техничките формати, процеси и пораки во постапките за доделување на набавка спроведена со користење на електронски средства за комуникација, земајќи го предвид развојот на технологијата; списокот на правните акти на Унијата, со кој се воспоставуваат заеднички методологии за пресметка на трошоците за целиот животен циклус, треба навремено да се приспособуваат за да се одразат усвоените мерки по сектори. Со цел задоволување на овие потреби, Комисијата треба да е овластена да одржува и ажурира список на правни акти, вклучувајќи методологии за проценка на трошоците за целиот животен циклус. Од особена важност е за време на подготвителната работа Комисијата да одржува соодветни консултации, вклучувајќи на експертско ниво. Комисијата, при подготовката и изготвување на делегирани акти треба да обезбеди симултано, навремено и соодветно пренесување на соодветните документи на Европскиот парламент и на Советот.

(130) При примената на оваа директива, Комисијата треба да се консултира со соодветните стручни групи во областа на електронските набавки, обезбедувајќи балансиран состав на основните групи засегнати страни.

(131) За да се обезбедат еднакви услови за спроведување на оваа директива, како на пример услови за изготвување на стандардни форми за објавување на известувањата и за лични изјави, на Комисијата треба да ѝ се доверат овластувања за спроведување. Тие овластувања треба да се користат во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 182/2011 на Европскиот парламент и на Советот[1].

(132) Советодавната постапка треба да се користи за донесување на акти за спроведување на стандардни форми за објавување на известувања кои немаат никакво влијание ниту врз финансискиот аспект, ниту врз природата и полето на примена на обврските што произлегуваат од оваа директива. Напротив, овие акти се од чисто административна природа и служат за олеснување на примената на правилата утврдени во оваа директива.

(133) Постапката за разгледување треба да биде користена за усвојување на стандардните форми на лични изјави, земајќи го предвид влијанието на овие изјави врз набавките и поради фактот дека тие се од централно значење за поедноставување на барањата за документи во постапките за набавка.

(134) Комисијата треба да направи преглед на последиците за внатрешниот пазар што произлегуваат од примената на праговите и да поднесе извештај во врска со тоа до Европскиот парламент и до Советот. Притоа, таа треба да ги земе предвид факторите како нивото на прекугранични набавки, учеството на МСП, трошоците за трансакции и односот помеѓу трошоците и придобивките.

Во согласност со член XXII(7) од истиот, ГПА ќе подлежи на дополнителни преговори три години по неговото влегување во сила и потоа периодично. Во овој контекст треба да се разгледа и соодветноста на воспоставените прагови, имајќи го предвид влијанието на инфлацијата во долг период во кој не се менуваат праговите во ГПА; ако

[1] Регулатива (ЕУ) бр. 182/2011 на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 2011 година за утврдување на правилата и општите начела за механизмите за контрола од страна на земјите-членки врз извршувањето на овластувањата за спроведување од страна на Комисијата (Сл. весник L 55, 28.2.2011 година, стр. 13).

како резултат на тоа треба да се наметне промена на нивото на праговите, Комисијата треба, кога е соодветно, да го прифати предлогот за правен акт за изменување на праговите утврдени во оваа директива.

(135) Имајќи ги предвид тековните дискусии на хоризонталните одредби кои ги регулираат односите со трети земји во врска со јавните набавки, Комисијата треба внимателно да ги следи светските трговски услови и да направи проценка на конкурентната состојба на Унијата.

(136) Бидејќи целта на оваа директива, имено координација на законите, прописите и административните одредби на земјите-членки кои се применливи за одредени постапки за јавни набавки, не може да биде постигната во доволна мера од земјите-членки, туку поради нејзиниот опсег и последици би можела подобро да се постигне на ниво на Унијата, Унијата може да донесе мерки во согласност со начелото на супсидијарност како што е утврдено во член 5 од Договорот за Европската унија. Во согласност со начелото на пропорционалност, како што е утврдено во тој член, оваа директива не го надминува неопходното за постигнување на таа цел.

(137) Треба да се укине Директива 2004/18/ЕЗ.

(138) Во согласност со Заедничката политичка декларација на земјите-членки и Комисијата за објаснувачки документи од 28 септември 2011 година, земјите-членки, во оправдани случаи, прифаќаат кон известувањето за своите мерки за транспонирање да приложат еден или повеќе документи кои ја објаснуваат врската помеѓу елементите на дадена директива и нивните соодветни делови од националните инструменти за транспонирање. Во однос на оваа директива, законодавецот смета дека пренесувањето на овие документи е оправдано,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ДИРЕКТИВА:

НАСЛОВ I: ПОЛЕ НА ПРИМЕНА, ДЕФИНИЦИИ И ОПШТИ НАЧЕЛА

ПОГЛАВЈЕ I: Поле на примена и дефиниции

ОДДЕЛ 1: ПРЕДМЕТ И ДЕФИНИЦИИ

Член 1: Предмет и поле на примена

Член 2: Дефиниции

Член 3: Комбинирани набавки

ОДДЕЛ 2: ПРАГОВИ

Член 4: Износ на прагови

Член 5: Методи за пресметување на проценетата вредност на набавката

Член 6: Ревизија на праговите и на списокот на органите на централната власт

ОДДЕЛ 3: ИЗЗЕМАЊА

Член 7: Договори во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги

Член 8: Специфични изземања на полето на електронските комуникации

Член 9: Доделени јавни договори и проектни конкурси организирани во согласност со меѓународни правила

Член 10: Посебни исклучоци за договори за услуги

Член 11: Договори за услуги доделени врз основа на ексклузивно право

Член 12: Јавни договори помеѓу субјекти во рамки на јавниот сектор

ОДДЕЛ 4: ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

Пододдел 1: Субвенционирани договори и услуги за истражување и развој

Член 13: Договори субвенционирани од договорни органи

Член 14: Услуги за истражување и развој

Пододдел 2: Набавки кои вклучуваат аспекти поврзани со одбраната и безбедноста

Член 15: Одбрана и безбедност

Член 16: Комбинирани договори кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста

Член 17: Јавни набавки и проектни конкурси кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста, кои се доделени или организирани во согласност со меѓународни правила

ПОГЛАВЈЕ II: Општи правила

Член 18: Начела за набавка

Член 19: Економски оператори

Член 20: Резервирани договори

Член 21: Доверливост

Член 22: Правила кои се применуваат за пренос на информации

Член 23: Номенклатури

Член 24: Судири на интереси

НАСЛОВ II: ПРАВИЛА ЗА ЈАВНИ ДОГОВОРИ

ПОГЛАВЈЕ I: Постапки

Член 25: Услови поврзани со ГПА и други меѓународни договори

Член 26: Избор на постапки

Член 27: Отворена постапка

Член 28: Ограничена постапка

Член 29: Конкурентна постапка со преговарање

Член 30: Конкурентен дијалог

Член 31: Партнерство за иновации

Член 32: Користење на постапката со преговарање без претходно објавување

ПОГЛАВЈЕ II: Техники и инструменти за електронски и збирни набавки

Член 33: Рамковни договори

Член 34: Системи за динамично купување

Член 35: Електронски аукции

Член 36: Електронски каталози

Член 37: Активности за централизирано купување и централни тела за купување
Член 38: Повремени заеднички набавки
Член 39: Набавка која вклучува договорни органи од различни земји-членки
ПОГЛАВЈЕ III: Спроведување на постапката
ОДДЕЛ 1: ПОДГОТОВКА
Член 40: Прелиминарни пазарни консултации
Член 41: Претходно учество на кандидати или понудувачи
Член 42: Технички спецификации
Член 43: Ознаки
Член 44: Извештаи од испитувања, сертификација и други докази
Член 45: Варијанти
Член 46: Поделба на договорите во делови
Член 47: Одредување на рокови
ОДДЕЛ 2: ОБЈАВУВАЊЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ
Член 48: Известувања за првични информации
Член 49: Известувања за договори
Член 50: Известувања за доделување договори
Член 51: Форма и начин на објавување на известувањата
Член 52: Објавување на национално ниво
Член 53: Електронски пристап до документацијата за набавка
Член 54: Покани за кандидатите
Член 55: Информирање на кандидатите и понудувачите
ОДДЕЛ 3: ИЗБОР НА УЧЕСНИЦИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ
Член 56: Општи начела
Пододдел 1: Критериуми за квалитативен избор
Член 57: Основи за исклучување
Член 58: Критериуми за избор
Член 59: Единствен европски документ за набавки
Член 60: Докази
Член 61: Онлајн архива за сертификати (e-Certis)
Член 62: Стандарди за обезбедување квалитет и стандарди за управување со животна средина
Член 63: Потпирање на капацитетот на други субјекти
Член 64: Официјални списоци на одобрени економски оператори и сертификација од органи основани во согласност со јавното или приватното право
Пододдел 2: Намалување на бројот на кандидати, понуди и решенија

Член 65: Намалување на бројот на кандидати, квалификувани на друг начин, кои ќе бидат поканети да учествуваат

Член 66: Намалување на бројот на понуди и решенија

Пододдел 3: Доделување на договор

Член 67: Критериуми за доделување договор

Член 68: Трошоци за животниот циклус

Член 69:Невообичаено ниски понуди

ПОГЛАВЈЕ IV: Извршување на договор

Член 70: Услови за извршување на договори

Член 71: Склучување поддоговори

Член 72: Измена на договорите во текот на нивното траење

Член 73: Прекинување на договори

НАСЛОВ III: ПОСЕБНИ РЕЖИМИ ЗА НАБАВКА

ПОГЛАВЈЕ I:Социјални и други посебни услуги

Член 74: Доделување на договори за социјални и други специфични услуги

Член 75: Објавување на известувањата

Член 76: Начела на доделување договори

Член 77: Резервирани договори за одредени услуги

ПОГЛАВЈЕ II: Правила за управување на проектни конкурси

Член 78: Поле на примена

Член 79: Известувања

Член 80: Правила за организирање на проектни конкурси и избор на учесници

Член 81: Состав на жирито

Член 82: Одлуки на жирито

НАСЛОВ IV: УПРАВУВАЊЕ

Член 83: Спроведување

Член 84: Индивидуални извештаи за постапките за доделување на договори

Член 85: Национални извештаи и статистички информации

Член 86: Административна соработка

НАСЛОВ V: ДЕЛЕГИРАНИ ОВЛАСТУВАЊА, ОВЛАСТУВАЊА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 87: Извршување на распределбата на овластувања

Член 88: Итна постапка

Член 89: Постапка на Комитетот

Член 90: Транспонирање и преодни одредби

Член 91: Укинувања

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 92: Ревизија

Член 93: Влегување во сила

Член 94: Адресати

АНЕКСИ:

АНЕКС I: ОРГАНИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

АНЕКС II: СПИСОК НА АКТИВНОСТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА (6)(а) ОД ЧЛЕН 2(1)

АНЕКС III: СПИСОК НА ПРОИЗВОДИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4(б) ВО ВРСКА СО ДОГОВОРИ ДОДЕЛЕНИ ОД ДОГОВОРНИ ОРГАНИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА

АНЕКС IV: УСЛОВИ ПОВРЗАНИ СО ИНСТРУМЕНТИ И УРЕДИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИЕМ НА ПОНУДИ, БАРАЊА ЗА УЧЕСТВО, КАКО И ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО КОНКУРСИ

АНЕКС V: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА

Дел А: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРВИЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОФИЛОТ НА КУПУВАЧОТ

Дел Б: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ПРВИЧНИ ИНФОРМАЦИИ (како што е наведено во член 48)

Дел В: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДОГОВОР (како што е наведено во член 49)

Дел Г: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР (како што е наведено во член 50)

Дел Д: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ПРОЕКТЕН КОНКУРС (како што е наведено во член 79(1))

Дел Ѓ: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНКУРСОТ (како што е наведено во член 79(2))

Дел Е: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНИ НА ДОГОВОР ВО ТЕКОТ НА НЕГОВОТО ТРАЕЊЕ (како што е наведено во член 72(1))

Дел Ж: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДОГОВОР ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНИ И ДРУГИ ПОСЕБНИ УСЛУГИ (како што е наведено во член 75(1))

Дел З: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ПРВИЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА СОЦИЈАЛНИ И ДРУГИ ПОСЕБНИ УСЛУГИ (како што е наведено во член 75(1))

Дел S: ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНИ И ДРУГИ ПОСЕБНИ УСЛУГИ (како што е наведено во член 75(2))

АНЕКС VI: ИНФОРМАЦИИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА НАБАВКА ВО ЕЛЕКТРОНСКИ АУКЦИИ (ЧЛЕН 35(4))

АНЕКС VII: ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

АНЕКС VIII: КАРАКТЕРИСТИКИ ВО ВРСКА СО ОБЈАВУВАЊЕТО

АНЕКС IX: СОДРЖИНА НА ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ, ЗА УЧЕСТВО ВО ДИЈАЛОГ ИЛИ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС, ПРЕДВИДЕНА ВО ЧЛЕН 54

АНЕКС X: СПИСОК НА МЕЃУНАРОДНИ СОЦИЈАЛНИ И ЕКОЛОШКИ КОНВЕНЦИИ НАВЕДНИ ВО ЧЛЕН 18(2)

АНЕКС XI: РЕГИСТРИ

АНЕКС XII: ДОКАЗИ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР

АНЕКС XIII: СПИСОК НА ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ, НАВЕДЕН ВО ЧЛЕН 68(3)

АНЕКС XIV: УСЛУГИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 74

АНЕКС XV: КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

НАСЛОВ I

ПОЛЕ НА ПРИМЕНА, ДЕФИНИЦИИ И ОПШТИ НАЧЕЛА

ПОГЛАВЈЕ I

Поле на примена и дефиниции

Оддел 1

Предмет и дефиниции

Член 1

Предмет и поле на примена

1. Со оваа директива се утврдуваат правилата во врска со постапките за набавка кои ги спроведуваат договорните органи за јавни договори,како и за проектни конкурси, чија вредност е проценета да не биде помала од праговите утврден во член 4.

2. Во рамките на значењето на оваа директива, набавка е стекнување преку јавен договор на работи, добра или услуги од страна на еден или повеќе договорни органи од економски оператори, избрани од нив, без разлика дали работите, добрата или услугите се наменети за јавни цели.

3. Примената на оваа директива подлежи на член 346 од ДФЕУ.

4. Оваа директива не влијае врз слободата на земјите-членки да одредуваат, во согласност со правото на Унијата, кои услуги ги сметаат за услуги од општ економски интерес, како треба да се организираат и финансираат таквите услуги, во согласност со правилата за државна помош и на какви посебни обврски треба да подлежат. Исто така,

оваа директива не влијае на одлуките на јавните органи за тоа дали, како и до кој степен сакаат сами да ги извршуваат јавните функции во согласност со член 14 од ДФЕУ и Протокол бр. 26.

5. Оваа директива не влијае на начинот на кој земјите-членки ги организираат своите системи за социјална сигурност.

6. Договори, одлуки или други правни инструменти со кои се уредува пренесувањето на овластувањата и одговорностите за спроведување на јавни задачи помеѓу договорни органи или здруженија од договорни органи и не предвидуваат награда за извршување на договорните обврски, се сметаат за прашање на внатрешна организација на засегнатата земја-членка и како такви во никој случај не се засегнати со оваа директива.

Член 2

Дефиниции

1. За целите на оваа директива, се применуваат следниве дефиниции:

(1) „договорни органи“ се државни, регионални или локални органи, тела регулирани со јавното право или здруженија кои се создадени од еден или повеќе такви органи или од едно или повеќе такви тела регулирани со јавното право;

(2) „органи на централната власт“ се договорните органи наведени во Анекс I, и доколку на национално ниво се направени измени или дополнувања - нивни заменски субјекти;

(3) „децентрализирани договорни органи“ се сите договорни органи кои не се органи на централната власт;

(4) „тела регулирани со јавно право“ се тела кои ги имаат сите карактеристики наведени подолу:

(а) создадени се со специфична цел да ги задоволи потребите од општ интерес, кои немаат индустриска или комерцијална природа;

(б) имаат статус на правно лице; како и

(в) во најголем дел се финансирани од државните, регионалните или локалните органи или од други тела регулирани со јавното право; или подлежат на надзор на управувањето од страна на овие власти или тела; или имаат административен, управен или надзорен орган, повеќето од половината од членовите се именувани од државните, регионалните или локалните органи или од други тела регулирани со јавно право;

(5) „јавни договори“ се писмени договори со одреден паричен интерес склучени помеѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи, со цел вршење на работи, набавка на производи или давање на услуги;

(6) „договори за јавни работи“ се договори чиј предмет е еден од следниве:

(а) изведба или проектирање и изведба на работи поврзани со една од активностите наведени во Анекс II;

(б) изведба или проектирање и изведба на работа;

(в) извршување, со какви било средства, на работа која е во согласност со

барањата на договорниот орган, кој има клучно влијание врз видот или дизајнот на работата;

(7) „работа“ е резултатот од градежни работи или активности поврзани со градежништвото, земен во целина, кој е доволен сам по себе да изврши економска или техничка функција;

(8) „договори за јавни добра“ се договори чиј предмет е купување, закуп, наем или кредит, со или без право на купување на производите. Договорите за јавни добра може да вклучуваат, како дополнителен предмет, поставувања и инсталација;

(9) „договори за јавни услуги“ се договори чиј предмет е обезбедување на услуги, различни од оние наведени во точка 6;

(10) „економски оператор“ е секое физичко или правно лице или јавен субјект, или група такви лица и/или субјекти, вклучувајќи привремено здружение на претпријатија, кои нудат извршување на работи и/или работа, испорака на производи или обезбедување на услуги на пазарот;

(11) „понудувач“ е економски оператор кој поднел понуда;

(12) „кандидат“ е економски оператор кој побарал да добие покана или е поканет за учество во ограничена постапка, во конкурентна постапка со преговарање, во постапка со преговарање без претходно известување, во конкурентен дијалог или партнерство за иновации;

(13) „документација за набавка“ е кој било документ кој е составен од договорниот орган или документ на кој се упатува, со цел опис или одредување на елементите на набавката или постапката, вклучувајќи го известувањето за договорот, известувањето за првичните информации ако се користи како средство за повик за конкуренција, техничките спецификации, описна документација, предложените услови на договорот, формати на документите кои ги поднесуваат кандидатите и понудувачите, информации за општо применливите обврски и секакви други дополнителни документи;

(14) „активности за централизирано купување“ се активности кои се спроведуваат постојано во една од следниве форми:

(а) стекнување на добра и/или услуги наменети за договорните органи;

(б) доделување на јавни договори или склучување на рамковни договори за работи, добра или услуги наменети за договорните органи;

(15) „помошни активности за купување“ се активности кои опфаќаат пружање поддршка при купување, особено во следниве форми:

(а) техничка инфраструктура која им дава можност на договорните органи да доделуваат јавни договори или да склучуваат рамковни договори за работи, добра или услуги;

(б) совети за спроведување или изведба на постапките за јавни набавки;

(в) подготовка и управување со постапките за набавка од името и за сметка на засегнатиот договорен орган;

(16) „централно тело за набавки“ е договорен орган кој спроведува централизирани активности за купување и, евентуално, помошни активности за купување;

(17) „давател на услуга за набавка“ е јавно или приватно тело кое нуди помошни активности за купување на пазарот;

(18) „пишан“ или „во писмена форма“ е секој израз кој се состои од зборови или бројки кои можат да бидат прочитани, размножени и последователно соопштени, вклучувајќи и информации кои се пренесуваат и чуваат преку електронски средства;

(19) „електронски средства“ е електронска опрема за обработка (вклучувајќи дигитална компресија) и чување на податоци, кои се пренесени, испорачани и примени преку кабел, радиобранови, оптички средства или преку други електромагнетни средства;

(20) „животен циклус“ се сите последователни и/или меѓусебно поврзани фази, вклучувајќи спроведување на активности за истражување и развој, производство, трговија и услови за нејзино извршување, превоз, употреба и одржување, во текот на целиот период на постоење на производот или работата или давањето на услугата, од стекнувањето на суровината или генерирање на ресурсите до отстранување, расчистување и завршување на услугата или употребата;

(21) „проектни конкурси“ се оние постапки кои му овозможуваат на договорниот орган да стекнува, главно во областите на просторното планирање, архитектурата и инженерството или обработката на податоци, план или проект, избран од жири, врз основа на конкурс со или без доделување на награди;

(22) „иновација“ значи спроведување на нов или значително подобрен производ, услуга или процес, вклучувајќи, но без ограничување на производство, градење или изградба, нов метод за пласирање на пазарот, или нов организациски метод на стопанските практики, работното место или надворешните односи, меѓу другото, со цел да се помогне во надминувањето на општествените промени или за поддршка на стратегијата „Европа 2020“ за паметен, одржлив и инклузивен раст;

(23) „ознака“ е секој документ, потврда или сертификат со кој се потврдува дека одредените работи, производи, услуги, процеси или постапки исполнуваат одредени барања;

(24) „барања за означување“ се условите кои треба да ги исполнуваат работите, производите, услугите, процесите или постапките за да се добие соодветната ознака.

2. За целите на овој член, „регионалните органи“ ги вклучуваат органите наведени во неисцрпната листа во номенклатурата НТЕС 1 и 2, како што е наведено во Регулатива (ЕЗ) бр. 1059/2003 на Европскиот парламент и на Советот[1], а „локалните органи“ ги вклучуваат сите органи на административните единици кои спаѓаат во номенклатурата НТЕС 3 и помалите административни единици, како што е наведено во Регулатива (ЕЗ) бр. 1059/2003.

Член 3

Комбинирани набавки

1. Став 2 се применува за комбинирани договори чии предмет се различни видови на набавки и сите тие се опфатени со оваа директива.

Ставови од 3 до 5 се однесуваат на комбинирани договори чии предмет се набавките опфатени со оваа директива и набавките опфатени со други правни режими.

[1] Регулатива (ЕЗ) бр. 1059/2003 на Европскиот парламент и на Советот од 26 мај 2003 година за утврдување на заедничка класификација на територијални единици за статистика (НУТС) (Сл. весник L 154, 21.6.2003 година, стр.1).

2. Договори кои за предмет имаат два или повеќе вида на набавки (работи, услуги или добра), се доделуваат во согласност со одредбите кои се применуваат за видот на набавка која го карактеризира главниот предмет на конкретниот договор.

Во случај на комбинирани договори кои делумно вклучуваат услуги во рамките на значењето на Поглавје I од Наслов III и делумно други услуги или комбинирани договори кои делумно вклучуваат услуги, а делумно добра, главниот предмет се утврдува во зависност од тоа која од проценетите вредности на соодветните услуги или добра е највисока.

3. Кога различните делови на даден договор објективно можат да се поделат, се применува став 4. Кога различните делови на даден договор се објективно неделиви, се применува став 6.

Кога дел од даден договор е опфатен со член 346 од ДФЕУ или Директива 2009/81/ЕЗ, се применува член 16 од оваа директива.

4. Во случај на договори кои како свој предмет ги имаат набавките опфатени со оваа директива, како и набавките кои не се опфатени со оваа директива, договорните органи може да одлучат да доделат поединечни договори за поединечните делови или да доделат еден договор. Кога договорните органи одлучуваат да доделат поединечни договори за одделни делови, одлуката според која се применува правниот режим за секој поединечен договор се донесува врз основа на карактеристиките на засегнатиот поединечен дел.

Кога договорните органи одлучуваат да доделат еден договор, оваа директива, освен ако не е поинаку предвидено во член 16, се применува за претстојниот комбиниран договор, независно од вредноста на деловите кои инаку би биле регулирани со различен правен режим и независно од кој правен режим би биле регулирани овие делови.

При комбинирани договори кои содржат елементи на договори за добра, работи и услуги и при концесии, комбинираниот договор се доделува во согласност со оваа директива, доколку проценетата вредност на делот од договорот кој претставува договор опфатен со оваа директива, пресметан во согласност со член 5, е поголема или еднаква на соодветниот праг утврден во член 4.

5. При договори чии предмет е набавката опфатена со оваа директива и набавката за вршење активност опфатена во Директива 2014/25/ЕУ, применливите правила се определуваат во согласност со членови 5 и 6 од Директива 2014/25/ЕУ, без оглед на став 4 од овој член.

6. Кога различните делови на договорот се објективно неделиви, применливиот правен режим се утврдува врз основа на главниот предмет на тој договор.

Оддел 2

Прагови

Член 4

Износ на прагови

Оваа директива се применува за набавки чија проценета вредност, без данок на додадена вредност (ДДВ), е поголема или еднаква на следниве прагови:

(а) 5 186 000 ЕУР за договори за јавни работи;

(б) 134 000 ЕУР за договори за јавни добра и услуги кои се доделуваат од

органи на централната власт и проектни конкурси кои се организираат од тие органи; кога договорите за јавни добра се доделени од договорни органи кои работат во областа на одбраната, овој праг се применува само за договори кои се однесуваат на производи што спаѓаат во опсегот на Анекс III;

(в) 207 000 ЕУР за договори за јавни добра и услуги кои се доделуваат од органи на децентрализираната власт и проектни конкурси кои се организираат од тие органи; овој праг се применува и за договори за јавни добра доделени од органи на централната власт кои работат во областа на одбраната, кога овие договори вклучуваат производи кои не се опфатени со Анекс III;

(г) 750 000 ЕУР за договори за јавни услуги во врска со социјалните и други специфични услуги наведени во Анекс XIV.

Член 5

Методи за пресметување на проценетата вредност на набавката

1. Пресметувањето на проценетата вредност на набавката се базира на вкупната сума за исплата без ДДВ, како што е предвидено од страна на договорниот орган и ги вклучува сите можни опции и сите обновувања на договорите експлицитно наведени во документацијата за набавката.

Кога договорниот орган предвидува награди или исплати за кандидатите или понудувачите, тој ги зема предвид при пресметување на проценетата вредност на набавката.

2. Кога некој договорен орган е составен од одделни оперативни единици, се зема предвид вкупната проценета вредност за сите оперативни единици.

Независно од првиот потстав, кога посебна оперативна единица е самостојно одговорна за својата набавка или за одредени категории од истата, вредности можат да се пресметуваат на ниво на дадената оперативна единица.

3. Изборот на метод за пресметување на проценетата вредност на набавката не се врши со цел нејзино исклучување од полето на примена на оваа директива. Набавката не може да се дели на делови со цел да не припаѓа во полето на примена на оваа директива, освен ако тоа е оправдано од објективни причини.

4. Проценетата вредност треба да е важечка во моментот на испраќање на повикот за конкуренција или, во случаите во кои не се предвидува таков повик, во моментот во кој договорниот орган ја започнува постапката за набавка, на пример, кога е соодветно, со стапување во контакт со договорни економски оператори во врска со набавката.

5. Во однос на рамковни договори и системи за динамично купување, вредноста која се зема предвид е максималната проценета вредност без ДДВ на сите договори предвидени за целото времетраење на рамковниот договор или на системот за динамично купување.

6. При партнерства за иновации, вредноста која се зема предвид е максималната проценета вредност без ДДВ на активностите за истражување и развој кои ќе се вршат во сите фази од предвиденото партнерство, како и на добрата, услугите или работите кои ќе се развиваат и набавуваат на крајот на предвиденото партнерство.

7. Во однос на договори за јавни работи, при пресметување на проценетата вредност се земаат предвид трошоците за работите и вкупната проценета вредност на

добрата и услугите обезбедени на изведувачот од страна на договорниот орган, доколку тие се потребни за спроведување на работите.

8. Кога некоја предложена работа или предложена одредба за услуги може да доведе до доделување на договори во форма на посебни делови, се зема предвид вкупната проценета вредност на сите посебни делови.

Кога вкупната вредност на деловите е еднаква или го надминува прагот утврден во член 4, оваа директива се применува за доделувањето на секој дел.

9. Ако предлогот за стекнување слични добра може да доведе до доделување на договори во форма на посебни делови, се зема предвид вкупната проценета вредност на сите посебни делови при примена на точки (б) и (в) од член 4.

Кога вкупната вредност на деловите е еднаква или го надминува прагот утврден во член 4, оваа директива се применува за доделувањето на секој дел.

10. И покрај ставови 8 и 9, договорните органи можат да доделуваат договори за поединечни делови, без да се применуваат постапките утврдени во оваа директива, доколку проценетата вредност без ДДВ на соодветниот дел е помала од 80 000 ЕУР за добра или услуги или 1 милион ЕУР за работи. Сепак, вкупната вредност на деловите доделени на овој начин, без примена на оваа директива, не треба да надминува 20% од вкупната вредност на сите делови на кои е поделена предложената работа, предложеното стекнување на слични добра или предложеното обезбедување на услуги.

11. При договори за јавни добра или услуги кои се редовни или се наменети да бидат обновени во рамките на одреден период, пресметување на проценетата вредност на договорот се заснова на следново:

(а) вкупната реална вредност на последователните договори од ист вид, кои се доделени во текот на претходните 12 месеци или претходната финансиска година, каде што е можно, да се земат предвид промените во количината или вредноста што би можеле да се случат во текот на 12-те месеци по првичниот договор;

(б) или вкупната проценета вредност на последователни договори доделени во текот на 12-те месеци по првата испорака или во текот на финансиската година, кога таа е подолга од 12 месеци.

12. Во однос на договори за јавни добра поврзани со лизинг, закуп, наем или купување на одложено плаќање, вредноста која служи како основа за пресметување на вредноста на договорот е како што следува:

(а) при јавни договори со фиксен рок, кога тој рок е помал или еднаков на 12 месеци - вкупната проценета вредност за рокот на важење на договорот, или ако рокот на важење на договорот е подолг од 12 месеци - вкупната вредност која ја вклучува проценетата резидуална вредност;

(б) при јавни договори без фиксен рок или чиј рок не може да биде утврден - месечната вредност помножена со 48.

13. Во однос на договори за јавни услуги, основата за пресметување на проценетата вредност, во зависност од случајот, е следнава:

(а) осигурителни услуги: премијата што може да се исплати и други форми на награда;

(б) банкарски и други финансиски услуги: таксите, провизиите, каматите и

други форми на надомест;

(в) проектни договори: таксите, провизиите и други форми на надомест.

14. Во однос на договори за јавни услуги во кои не се наведува вкупната цена, основата за пресметување на проценетата вредност на договорот е следнава:

(а) при договори со фиксен рок, ако тој рок е помал или еднаков на 48 месеци - вкупната вредност за целосниот рок;

(б) при договори без фиксен рок или со рок подолг од 48 месеци - месечната вредност помножена со 48.

Член 6

Ревизија на праговите и на списокот на органите на централната власт

1. На секои две години, почнувајќи од 30 јуни 2013 година, Комисијата проверува дали праговите утврдени во точки (а), (б) и (в) од член 4 одговараат на праговите утврдени во Договорот за јавни набавки на Светската трговска организација (ГПА) и, каде што е потребно, ги ревидира во согласност со овој член.

Во согласност со методот за пресметување утврден во ГПА, Комисијата ја пресметува вредноста на овие прагови врз основа на просечната дневна вредност на еврото во однос на посебни права на влечење (ППВ) за период од 24 месеци, кој завршува на 31 август пред ревизијата што почнува да се применува од 1 јануари. Вредноста на праговите ревидирани на таков начин, каде што е потребно, се заокружува до најблиските илјада евра за да се обезбеди почитување на важечките прагови пропишани во ГПА, изразени во ППВ.

2. Кога ја врши ревизијата од став 1 од овој член, Комисијата дополнително го преиспитува:

(а) прагот утврден во точка (а) од првиот потстав од член 13, преку усогласување со ревидираниот праг кој се применува за договори за јавни работи;

(б) прагот утврден во точка (б) од првиот потстав од член 13, преку усогласување со ревидираниот праг кој се применува за договори за јавни услуги доделени од страна на децентрализираните договорни органи;

3. На секои две години, почнувајќи од 1 јануари 2014 година, Комисијата ги одредува вредностите, во националните валути на земјите-членки чија валута е различна од еврото, на праговите наведени во точки (а), (б) и (в) од член 4, ревидиран во согласност со став 1 од овој член.

Истовремено, Комисијата ја одредува вредноста, во националните валути на земјите-членки чија валута е различна од еврото, на прагот наведен во точка (г) од член 4.

Во согласност со методот за пресметување утврден во ГПА, одредувањето на овие вредности се заснова на просечните дневни вредности на тие валути што одговара на применливиот праг изразен во евра, за период од 24 месеци, кој завршува на 31 август пред ревизијата што почнува да се применува од 1 јануари.

4. Комисијата, во *Службениот весник на Европската унија,* објавува информации за ревидираните прагови наведени во став 1, неговите соодветни вредности во националните валути наведени во првиот потстав од став 3 и вредноста утврдена во согласност со вториот потстав од став 3 во почетокот на месец ноември по нивна ревизија.

5. Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за прилагодување на методологијата утврдена во вториот потстав од став 1 од овој член кон секоја промена на методологијата предвидена во ГПА, за ревизија на праговите наведени во точки (а), (б) и (в) од член 4 и за утврдување на соодветните вредности во националните валути на земјите-членки чија валута е различна од еврото, како што е наведено во став 3 од овој член.

Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87, да ги ревидира праговите наведени во точки (а), (б) и (в) од член 4, во согласност со став 1 од овој член, и да ги ревидира праговите наведени во точки (а) и (б) од првиот потстав од член 13, во согласност со став 2 од овој член.

6. Кога е потребно да се ревидираат праговите наведени во точки (а), (б) и (в) од член 4 и праговите наведени во точки (а) и (б) од првиот потстав од член 13, а временските ограничувања ја спречуваат примената на постапката наведена во член 87 и кога важните причини за итност го налагаат тоа, постапката предвидена во член 88 се применува за делегирани акти донесени во согласност со вториот потстав од став 5 од овој член.

7. Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за изменување на Анекс I, со цел ажурирање на списокот на договорни органи по известувања од земјите-членки, кога таквите измени се воведуваат за правилно утврдување на договорните органи.

Оддел 3

Изземања

Член 7

Договори во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги

Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси, кои во согласност со Директива 2014/25/ЕУ се доделуваат или организираат од договорни органи кои вршат една или повеќе активности наведени во членови од 8 до14 од наведената директива и се доделуваат за извршување на овие активности, не се применува ниту за јавни договори исклучени од опсегот на таа директива во согласност со членови 18, 23 и 34 од истата, или кои се доделуваат од договорен орган кој обезбедува поштенски услуги во рамките на значењето на точка (б) од член 13(2) од таа директива, на договори доделени за извршување на следниве активности:

(а) услуги со додадена вредност, поврзани со електронски средства и обезбедени целосно преку такви средства (вклучувајќи заштитено пренесување на шифрирани документи со електронски средства, услуги за пратки и пренос на регистрирана електронска пошта);

(б) финансиски услуги опфатени со ОПЈ/CPV кодови од 66100000-1 до 66720000-3 и со точка (г) од член 21 од Директива 2014/25/ЕУ и вклучување особено на поштенски парични налози и поштенски жиро дознаки;

(в) филателистички услуги или

(г) логистички услуги (услуги кои комбинираат физичка испорака и/или складирање со други непоштенски функции).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 8

Специфични изземања на полето на електронските комуникации

Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси чија главна цел е договорните органи да можат да обезбедат или да користат јавни комуникациски мрежи или да обезбедат на јавноста една или повеќе електронски комуникациски услуги.

За целите на овој член „јавна комуникациска мрежа“ и „електронска комуникациска услуга“ го имаат истото значење како во Директива 2002/21/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1].

Член 9

Доделени јавни договори и проектни конкурси организирани во согласност со меѓународни правила

1. Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси кои договорниот орган е должен да ги додели или организира во согласност со постапките за набавка различни од оние утврдени во оваа директива, основани преку кое и да било од следните:

(а) правен инструмент за воспоставување на меѓународни законски обврски, на пример меѓународна спогодба склучена во согласност со Договорите помеѓу земја-членка и една или повеќе трети земји или нивни пододделии и кој опфаќа работи, добра или услуги наменети за заедничко спроведување или користење на проект од неговите потписнички;

(б) меѓународна организација.

Земјите-членки ги соопштуваат сите правни инструменти наведени во точка (а) од првиот потстав од овој став на Комисијата, која може да се консултира со Советодавниот комитет за јавни набавки наведен во член 89.

2. Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси кои договорниот орган ги доделува или организира во согласност со правилата за набавки пропишани од меѓународна организација или меѓународна институција за финансирање, кога соодветните јавни договори и проектни конкурси се целосно финансирани од соодветната организација или институција; при јавни договори и проектни конкурси претежно кофинансирани од меѓународна организација или меѓународна институција за финансирање, страните се договараат за применливите постапки за доделување на договорите.

3. Член 17 се применува за договори и проектни конкурси кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста, кои се доделени или организирани во согласност со меѓународни правила Ставови 1 и 2 од овој член не се применуваат за тие договори и проектни конкурси.

Член 10

[1] Директива 2002/21/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 7 март 2002 година за заедничка регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги (Рамковна директива) (Сл. весник L 108, 24.4.2002 година, стр. 33).

Посебни исклучоци за договори за услуги

Оваа директива не се применува за договори за јавни услуги за:

(а) стекнување или најмување, со какви било финансиски средства, на земјиште, постојни згради или друга недвижности или во однос на права врз нив;

(б) стекнување, развој, производство или заедничко производство на програмски материјал наменет за аудио-визуелни медиумски услуги или радио услуги, кои се доделуваат од страна на давателите на радио или аудио-визуелни медиумски услуги, или договори за програмското време или обезбедување на програми, кои се доделуваат на даватели на радио или аудио-визуелни медиумски услуги. За целите на оваа точка „аудио-визуелни медиумски услуги“ и „даватели на медиумски услуги“ го имаат истото значење како во точки (а) и (г) од член 1(1) од Директива 2010/13/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот[1]. „Програма“ го има истото значење како во точка (б) од член 1(1) од наведената директива, но, исто така, вклучува и радио програми и програмски материјали за радио. Освен тоа, за целите на оваа одредба, „програмски материјал“ го има истото значење како „програма“;

(в) арбитража и услуги за помирување;

(г) која било од следните правни услуги:

(i) правна застапеност на клиент од страна на адвокат во рамки на значењето на член 1 од Директива 77/249/ЕЕЗ на Советот[2] во:

— арбитражна или постапка за помирување во земја-членка, трета земја или пред инстанца на меѓународна арбитража или помирување, или

— судска постапка пред судови, трибунали или јавни органи на земја-членка или трета земја или пред меѓународни судови, трибунали или институции;

(ii) правни совети предвидени при подготовка на која било од постапките наведени во точка (i) од оваа точка или кога има конкретни причини и висок степен на веројатност дека прашањето за кое се однесуваат правните совети ќе стане предмет на такви постапки, под услов правните совети ги обезбедува адвокат во рамки на значењето на член 1 од Директива 77/249/ЕЕЗ;

(iii) услуги за потврдување на документи и потврдување на автентичност кои задолжително се обезбедени од страна на нотар;

(iv) правни услуги обезбедени од старатели или именувани застапници или други правни услуги чии даватели се назначени од суд или трибунал во засегнатата земја-членка или се законски назначени да извршуваат одредени задачи под надзор на тие трибунали или судови;

(v) други правни услуги кои во засегнатата земја-членка се поврзани,

[1] Директива 2010/13/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2010 година за координирање на одредени одредби утврдени во законите, регулативите и административните акти на земјите-членки кои се однесуваат на обезбедувањето на аудио-визуелни медиумски услуги (Директива за аудио-визуелни медиумски услуги) (Сл. весник L 95, 15.4.2010 година, стр. 1).

[2] Директива 77/249/ЕЕЗ на Советот од 22 март 1977 година за овозможување на ефикасната примена на слободата за обезбедување услуги од страна на адвокатите (Сл. весник L 78, 26.3.1977 година, стр.17).

иако понекогаш случајно, со извршување на службени обврски;

(д) финансиски услуги во врска со издавање, продажба, купување или пренос на хартии од вредност или други финансиски инструменти во рамки на значењето на Директива 2004/39/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1], услуги на централните банки и активности кои се извршуваат во рамки на Европскиот инструмент за финансиска стабилност и Европскиот механизам за стабилност;

(ѓ) заеми, без оглед на тоа дали се поврзани или не со издавање, продажба, купување или пренос на хартии од вредност или други финансиски инструменти;

(е) договори за вработување;

(ж) услуги поврзани со цивилна одбрана, цивилна заштита и спречување на опасности, кои се обезбедени од непрофитни организации или здруженија и кои спаѓаат во опсегот на ОПЈ/CPV кодови 75250000-3, 75251000-0, 75251100-1, 75251110-4, 75251120-7, 75252000-7, 75222000-8; 98113100-9 и 85143000-3, со исклучок на услугите за превоз на пациенти со брза помош;

(з) јавни услуги за превоз на патници со железница или метро;

(ѕ) услуги поврзани со политички кампањи, опфатени со ОПЈ/CPV кодови 79341400-0, 92111230-3 и 92111240-6 кога се доделуваат од политичка партија во рамките на изборна кампања.

Член 11

Договори за услуги доделени врз основа на ексклузивно право

Оваа директива не се применува за договори за јавни услуги доделени од договорен орган на друг договорен орган или на здружение на договорни органи врз основа на ексклузивно право кое тие го уживаат во согласност со законите, регулативите или објавените административни одредби кои се усогласени со ДФЕУ.

Член 12

Јавни договори помеѓу субјекти во рамки на јавниот сектор

1. Јавен договор доделен од страна на договорен орган на правно лице управувано од приватно или јавно право, припаѓа надвор од полето на примена на оваа директива, кога се исполнети сите услови наведени подолу:

(а) договорниот орган врз соодветното правно лице извршува контрола, слична на контролата која ја врши врз сопствените структурни единици;

(б) повеќе од 80% од активностите на контролираното правно лице се изведуваат при извршувањето на задачи доделени од страна на договорниот орган или од други правни лица контролирани од истиот договорен орган и

(в) во контролираното правно лице нема директно учество на приватен

[1] Директива 2004/39/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 21 април 2004 година за пазари на финансиски инструменти за изменување на Директиви 85/611/ЕЕЗ и 93/6/ЕЕЗ на Советот и Директива 2000/12/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Директива 93/22/ЕЕЗ на Советот (Сл. весник L 145, 30.4.2004 година, стр. 1).

капитал, со исклучок на форми кои не се поврзани со контроли и блокирање на учество на приватен капитал кое се налага согласно одредби од националното законодавство, во согласност со договорите и кои немаат одлучувачко влијание врз контролираното правно лице.

За договорен орган се смета дека врз правно лице извршува контрола, слична на контролата што ја врши врз сопствените структурни единици во рамки на значењето на точка (а) од првиот потстав, кога има решавачко влијание како врз стратешките цели, така и врз значајните одлуки на контролираното правно лице. Таква контрола, исто така, може да се изврши и од друго правно лице кое и самото е контролирано на ист начин од страна на договорниот орган.

2. Став 1, исто така, се применува и во случаите кога контролирано правно лице, кое претставува договорен орган, доделува договор на својот контролен договорен орган или на друго правно лице контролирано од истиот договорен орган, доколку во правното лице на кое се доделува јавниот договор нема директно учество на приватен капитал, со исклучок на форми кои не се поврзани со контроли и блокирање на учество на приватен капитал, што се налага со одредби од националното законодавство, во согласност со договорите кои немаат одлучувачко влијание врз контролираното правно лице.

3. Договорниот орган, кој врз правно лице управувано од приватно или јавно право, не врши контрола во рамки на значењето на став 1, може, и покрај тоа, да додели договор на тоа правно лице без да се применува оваа директива, кога се исполнети сите услови наведени подолу.

(а) договорниот орган, заедно со други договорни органи, врши контрола врз тоа правно лице, слична на контролата која тие ја вршат врз сопствените структурни единици;

(б) повеќе од 80% од активностите на тоа правно лице се изведуваат при извршувањето на задачи доделени од страна на договорните органи или од други правни лица контролирани од истиот договорен орган и

(в) во контролираното правно лице нема директно учество на приватен капитал, со исклучок на форми кои не се поврзани со контроли и блокирање на учество на приватен капитал кое се налага согласно одредби од националното законодавство, во согласност со договорите и кои немаат одлучувачко влијание врз контролираното правно лице.

За целите на точка (а) од првиот потстав, договорните органи остваруваат заедничка контрола врз правно лице кога се исполнети сите услови наведени подолу:

(i) телата кои донесуваат одлуки на контролираното правно лице се составени од претставници на сите вклучени договорни органи. Одделни претставници можат да претставуваат неколку или сите вклучени договорни органи;

(ii) овие договорни органи се во можност заеднички да имаат одлучувачко влијание врз стратешките цели и значајните одлуки на контролираното правно лице и

(iii) контролираното правно лице нема интереси кои се во спротивност со интересите на договорните органи кои контролираат.

4. Даден договор склучен исклучиво помеѓу два или повеќе договорни органи е

надвор од полето на примена на оваа директива, кога се исполнети сите услови наведени подолу:

(а) договорот воспоставува или остварува соработка помеѓу вклучените договорни органи, со цел да се осигури дека јавните услуги кои треба да ги извршат се спроведуваат со цел постигнување на нивните заеднички цели;

(б) спроведувањето на таа соработка се раководи исклучиво од причини поврзани со јавен интерес; и

(в) вклучените договорни органи на слободниот пазар извршуваат помалку од 20% од активностите засегнати со соработката;

5. За одредување на процентот од активностите наведени во точка (б) од првиот потстав од став 1, точка (б) од првиот потстав од став 3 и точка (в) од став 4, се зема предвид просечниот вкупен промет или алтернативна мерка која се заснова на соодветна активност како што се на пример трошоците на соодветното правно лице или договорен орган, во врска со услуги, набавки и работи во трите години пред доделувањето на договорот.

Кога, поради датумот на кој соодветно правно лице или договорниот орган е создадено или започнало со активности или поради реорганизација на неговите активности, прометот или алтернативна мерка која се заснова на соодветна активност како што се на пример трошоците, или не се достапни за претходните три години или повеќе не се соодветни, доволно е да се покаже дека мерењето на активноста е веродостојно, особено преку проекции за активностите.

Оддел 4

Посебни случаи

Пододдел 1

Субвенционирани договори и услуги за истражување и развој

Член 13

Договори субвенционирани од договорни органи

Оваа доректива се применува за доделување на следниве договори:

(а) договори за работи кои се субвенционирани директно од договорни органи со повеќе од 50% и чија проценета вредност без ДДВ е поголема или еднаква на 5 186 000 ЕУР, кога овие договори вклучуваат една од следниве активности:

(i) активности поврзани со градежништвото, наведени во Анекс II;

(ii) изградба на болници, спортски објекти, објекти за забава и рекреација, училишни и универзитетски згради и згради што се користат за административни цели;

(б) договори за услуги кои се субвенционирани директно од договорни органи со повеќе од 50%, чија проценета вредност без ДДВ е еднаква или поголема од 207 000 ЕУР и кои се поврзани со договори за работи, како што е наведено во точка (а).

Договорните органи кои ги обезбедуваат субвенциите наведени во точки (а) и (б) од

првиот потстав, ја гарантираат усогласеноста со оваа директива ако тие сами не си го доделуваат договорот за субвенции или кога доделуваат договорот во име и за сметка на други субјекти.

Член 14

Услуги за истражување и развој

Оваа директива се применува само за договори за јавни услуги за истражување и развој кои се опфатени со ОПЈН/CPV ознаки 73000000-2 до 73120000-9, 73300000-5, 73420000-2 и 73430000-5, доколку се исполнети и двата услови дадени подолу:

(а) корист има исклучиво договорниот орган за нивната употреба при спроведувањето на нивните активности и

(б) договорниот орган во целост ги плаќа обезбедените услуги.

Пододдел 2

Набавки кои вклучуваат аспекти поврзани со одбраната и безбедноста

Член 15

Одбрана и безбедност

1. Оваа директива се применува за јавните набавки и проектните конкурси организирани во областите на одбраната и безбедноста, со исклучок на следниве договори:

(а) договори што спаѓаат во полето на примена на Директива 2009/81/ЕЗ;

(б) договори за кои Директива 2009/81/ЕЗ не се применува во согласност со членови 8, 12 и 13 од истата.

2. Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси кои не се исклучени од други причини според став 1, кога заштитата на основните интереси на една земја-членка во областа на безбедноста не може да се гарантира преку мерки со помал степен на наметливост, на пример преку наметнување на барања насочени кон заштита на доверливоста на информациите кои договорниот орган ги става на располагање во текот на постапката за доделување на договор, како што е предвидено во оваа директива.

Освен тоа, во согласност со точка (а) од член 346(1) од ДФЕУ, оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси кои не се исклучени на друг начин, според став 1 од овој член, кога примената на оваа директива би ја обврзало дадената земја-членка да дава информации чие откривање таа смета за спротивно на нејзините основни интереси во областа на безбедноста.

3. Оваа директива не се применува кога доделувањето и спроведувањето на јавниот договор или проектниот конкурсе прогласени за тајни или треба да бидат придружени со посебни безбедносни мерки во согласност со законите, регулативите или административните одредби кои се во сила во некоја земја-членка, доколку таа земја-членка утврдила дека основните интереси не можат да бидат загарантирани преку мерки со помал степен на интервенција, како оние наведени во првиот потстав од став 2.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Член 16

Комбинирани договори кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста

1. Овој член се применува во случај на комбинирани договори кои за предмет имаат набавка опфатена со оваа директива, како и набавка опфатена со член 346 од ДФЕУ или Директива 2009/81/ЕЗ.

2. Кога различните делови на даден јавен договор се објективно деливи, договорните органи може да одлучат да доделат поединечни договори за поединечни делови или да доделат еден договор.

Кога договорните органи одлучуваат да доделат поединечни договори за одделни делови, одлуката според која се применува правниот режим за секој поединечен договор се донесува врз основа на карактеристиките на засегнатиот поединечен дел.

Кога договорните органи одлучуваат да доделат еден договор, за утврдување на применливиот правен режим се применуваат следните критериуми:

(а) кога дел од даден договор е опфатен со член 346 од ДФЕУ, договорот може да биде доделен во согласност со оваа директива, доколку доделувањето на еден договор е оправдано од објективни причини;

(б) кога дел од даден договор е опфатен со Директива 2009/81/ЕЗ, договорот може да биде доделен во согласност со таа директива, доколку доделувањето на еден договор е оправдано од објективни причини. Со оваа точка не се загрозуваат праговите и исклучоците предвидени со дадената директива.

Одлуката за доделување на само еден договор, сепак, не треба да биде донесена со цел исклучување на договори од доменот на оваа директива или на Директива 2009/81/ЕЗ.

3. Точка (а) од третиот потстав од став 2 се применува за комбинирани договори за кои инаку би се применувале точки (а) и (б) од тој потстав.

4. Кога различните делови на договорот се објективно неделиви, договорот може да биде доделен без да се применува оваа директива, ако вклучува елементи за кои се применува член 346 од ДФЕУ; во друг случај, може да се додели во согласност со Директива 2009/81/ЕЗ.

Член 17

Јавни набавки и проектни конкурси кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста, кои се доделени или организирани во согласност со меѓународни правила

1. Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста, кои договорниот орган е должен да ги додели или организира во согласност со постапките за набавка различни од оние утврдени во оваа директива, основани преку кое и да било од следните:

(а) меѓународен договор или договор склучен во согласност со Договорите помеѓу земја-членка и една или повеќе трети земји или нивни пододделии и кој опфаќа работи, добра или услуги наменети за заедничко спроведување или користење на проект од неговите потписнички;

(б) меѓународен договор или аранжман, поврзани со стационирање трупи и кои се однесуваат на претпријатија на земја-членка или трета земја;

(в) меѓународна организација.

Сите договори или аранжмани наведени во точка (а) од првиот потстав од овој став се доставуваат до Комисијата, која може да се консултира со Советодавниот комитет за јавни набавки наведен во член 89.

2. Оваа директива не се применува за јавни договори и проектни конкурси кои вклучуваат аспекти од областа на одбраната и безбедноста кои договорниот орган ги доделува во согласност со правилата за набавки предвидени од меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, каде што соодветните јавни договори и проектни конкурси се целосно финансирани од таа организација или институција. Во случај на јавни договори и проектни конкурси претежно кофинансирани од меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, договорните страни се усогласуваат во однос на применливите постапки за набавки.

ПОГЛАВЈЕ II

Општи правила

Член 18

Начела за набавка

1. Договорните органи ги третираат економските оператори еднакво и без дискриминација и постапуваат на транспарентен и пропорционален начин.

Концептот на набавките не се подготвува со цел нивно исклучување од полето на примена на оваа директива или од вештачкото ограничување на конкуренцијата. Се смета дека конкуренцијата вештачки се намалува кога набавката е подготвена со цел да се даде неоправдана предност на одредени економски оператори или тие да се стават во незгодна ситуација.

2. Земјите-членки преземаат соодветни мерки за да обезбедат дека при спроведувањето на јавните договори економските оператори се усогласени со применливите обврски во областа на еколошкото, социјалното и трудовото право, утврдени со правото на Унијата, националното право, колективните договори или со одредби на меѓународното еколошко, социјално и трудово право наведени во Анекс X.

Член 19

Економски оператори

1. Економски оператори кои, според законот на земјата-членка во која се основани, имаат право да обезбедат соодветни услуги, не можат да бидат одбиени само врз основа на тоа дека според законот на земјата-членка во која се доделува договорот, од нив се бара да бидат физички или правни лица.

Сепак, во случај на договори за јавни услуги и јавни работи, како и договори за јавни добра кои дополнително опфаќаат услуги на поставување и инсталирање, од правните лица може да се бара да ги наведат, во понудата или барањето за учество, имињата и соодветната професионална квалификација на лицата кои ќе бидат одговорни за

извршувањето на предметниот договор.

2. Групи на економски оператори, вклучувајќи привремени здруженија, имаат право да учествуваат во постапка за набавка. Договорните органи не можат да бараат од нив да имаат одредена правна форма за да поднесат понуда или барање за учество.

Каде што е потребно, договорните органи можат во документацијата за набавка да појаснат на каков начин групите на економски оператори треба да ги исполнат барањата поврзани со економската и финансиската состојба или со техничките и професионалните способности наведени во член 58, доколку тоа е оправдано од објективни причини и е пропорционално. Земјите-членки можат да утврдат стандардни услови за начинот на кој групи на економски оператори ги исполнуваат тие барања.

Условите за извршување на договор од страна на такви групи на економски оператори кои се различни од условите воведени за индивидуалните учесници, исто така, мора да се оправдани од објективни причини и да се пропорционални.

3. Независно од став 2, договорните органи можат да бараат од групите на економски оператори да преземат одредена правна форма откако ќе им биде доделен договорот, до тој степен што таквата промена е неопходна за задоволително спроведување на договорот.

Член 20

Резервирани договори

1. Земјите-членки можат да го задржат правото на учество во постапките за јавни набавки за заштитени работилници и

економски оператори чија главна цел е социјална и професионална интеграција на лица со пречки во развојот или лица во нерамноправна положба или можат да предвидат таквите договори да бидат реализирани во контекст на програми за создавање на заштитени работни места, под услов најмалку 30% од вработените во овие работилници, економски оператори или програми да бидат работници со посебни потреби или лица во нерамноправна положба.

2. Повикот за конкуренција мора да упатува на овој член.

Член 21

Доверливост

1. Освен ако не е поинаку предвидено во оваа директива или во националното законодавство на кое подлежи договорниот орган, особено законодавството во однос на пристап до информации и без да е во спротивност со обврските поврзани со објавувањето на доделените договори и со информациите за кандидати и понудувачи утврдени во членови 50 и 55, договорниот орган не може да открива информации доставени од страна на економските оператори кои тие ги означиле како доверливи, вклучувајќи, но без ограничување, технички или трговски тајни и доверливи аспекти на понудите.

2. Договорните органи може на економските оператори да им наметнат барања кои имаат за цел заштита на доверливоста на информациите што ги става на располагање во текот на постапката за набавка.

Член 22

Правила кои се применуваат за пренос на информации

1. Земјите-членки гарантираат дека секоја комуникација и секоја размена на информации во оваа директива, а особено при електронското поднесување, се пренесуваат и вршат со електронски средства за комуникација според условите од овој член. Алатките и уредите кои треба да се користат за комуникација по електронски пат, како и нивните технички карактеристики, треба да се недискриминирачки, широкодостапни и интероперабилни со производите на ИКТ за широка употреба и да не го ограничуваат пристапот на економски оператори до постапката за набавки.

Независно од првиот потстав, договорните органи не се обврзани да бараат употреба на електронски средства за комуникација во процесот на поднесување на документите во следниве случаи:

(а) поради специјализираниот карактер на договорот, користењето на електронски средства за комуникација ќе бара специфични алатки, уреди или формати на датотеки кои не се општо достапни или не се поддржани од општо достапни апликации;

(б) апликациите што поддржуваат формати на датотеки кои се погодни за описот на понудите, користат формати на датотеки кои не можат да бидат обработени од другите слободно достапни или општо достапни апликации или кои се вклучени во радиодифузната шема за заштита на авторски права и не можат да се обезбедуваат за симнување или користење од далечина од страна на договорниот орган;

(в) користењето на електронски средства за комуникација би барало специјална канцелариска опрема, која во принцип договорните органи ја немаат;

(г) во документацијата за набавка се бара поднесување на примероци или макети кои не можат да бидат пренесени по електронски пат.

Во однос на комуникација за која не се користат електронски средства за комуникација во согласност со вториот потстав се користи поштенски или друга соодветна курирска услуга или комбинација од поштенска или друга соодветна курирска услуга и електронски средства.

Независно од првиот потстав од овој став, договорните органи не се обврзани да бараат во процесот на поднесување на понудите да се користат електронски средства за комуникација, кога употребата на средства за комуникација, различни од електронските, е потребна заради нарушување на безбедноста на електронските средства за комуникација или со цел заштита на особено чувствителни информации кои бараат високо ниво на заштита кое не може да се обезбеди во доволна мера со користење на електронски алатки и уреди кои се општо достапни за економските оператори или до кои тие можат да дојдат преку други средства за пристап во рамките на значењето на став 5.

Договорните органи кои во согласност со вториот потстав од овој став бараат во процесот на поднесување да се користат средства за комуникација, различни од електронските, се должни да ги наведат причините за ова барање во индивидуалниот извештај од член 84. Кога е применливо, договорните органи во индивидуалниот

извештај ги посочуваат причините поради кои користењето на средствата за комуникација, различни од електронските, е потребно при примената на четвртиот потстав од овој став.

2. По исклучок од став 1, усна комуникација може да се одвива во поглед на комуникација која не се однесува на суштинските елементи од постапката за набавка, доколку содржината на усната комуникација е документирана во доволна мера. За таа цел, суштинските елементи на постапката за набавка вклучуваат документација за договорот, барања за учество, потврди за интерес и понуди. Особено, усната комуникација со понудувачите, која би можела значително да влијае врз содржината и проценката на понудите, треба да биде документирана во доволна мера и со соодветни средства, како пишани или аудио записи, или резиме на главните елементи на комуникацијата.

3. Во секој случај на пренос, размена и складирање на информации, договорните органи гарантираат заштитата на интегритетот на податоците и доверливоста на барањата и понудите. Тие ја испитуваат содржината на понудите и барањата за учество само по истекот на крајниот рок за нивно поднесување.

4. За договори за јавни работи и проектни конкурси, земјите-членки може да бараат употреба на специјални електронски средства, како алатки за електронско моделирање на информации за градежни работи или слично. Во такви случаи, договорните органи обезбедуваат други средства за пристап, како што е предвидено во став 5, додека овие алатки не станат општо достапни во рамките на значењето на втората реченица од првиот потстав од од став 1.

5. Договорните органи можат, кога е потребно, да бараат употреба на алатки и уреди кои не се општо достапни, доколку договорните органи предложат други средства за пристап.

Се смета дека договорните органи нудат соодветни други средства за пристап во секоја од следните ситуации кога тие:

(а) нудат неограничен и целосен директен слободен пристап со електронски средства до тие алатки и уреди од датумот на објавување на известувањето во согласност со Анекс VIII или од датумот на испраќање на повикот за потврдување на интерес. Во текстот на известувањето или поканата за потврдување на интерес се наведува интернет адресата на која се достапни овие алатки и уреди;

(б) обезбедуваат дека понудувачите кои немаат пристап до споменатите алатки и уреди или немаат можност да ги добијат во рамките на соодветните рокови, имајќи предвид дека за слабиот пристап до информации не е одговорен даденият понудувач, можат да пристапат до постапката за набавка преку користење на привремени обележја кои се бесплатно достапни на интернет или

(в) поддржуваат друг пат за електронско поднесување на понуди.

6. Во прилог на барањата утврдени во Анекс IV, за алатките и уредите за електронски пренос и прием на понудите, како и за електронски прием на барања за учество, се применуваат следниве правила:

(а) заинтересираните страни имаат информации за спецификации неопходни за електронското поднесување на понуди и барања за учество, вклучително преку енкрипција и обезбедување на услуга за проверка на време;

(б) земјите-членки или договорните органи кои постапуваат во согласност со општа рамка утврдена од засегнатата земја-членка, го посочуваат потребното ниво на безбедност на електронските средства за комуникација на различните фази од конкретната постапка за набавка; нивото треба да е пропорционално на придружните ризици;

(в) кога земјите-членки или договорните органи кои постапуваат во согласност со утврдена општа рамка од засегнатата земја-членка, по извршување на проценка според точка (б) од овој став, проценат дека нивото на ризиците бара употреба на напредни електронски потписи, како што е дефинирано во Директива 1999/93/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[1], договорните органи усвојуваат квалификувани електронски потписи обезбедени како квалификуван сертификат, земајќи предвид дали сертификатите се обезбедени од давател на услуги за сертификација кој е вклучен во доверителски листи предвидени во Одлука 2009/767/ЕЗ на Комисијата[2], и кои се создадени со или без уред за заштитено создавање на потписи, предмет на следниве услови:

(i) договорните органи го определуваат бараниот формат за квалификуван електронски потпис врз основа на форматите утврдени со Одлука 2011/130/ЕУ на Комисијата[3] и донесуваат потребните мерки за техничка обработка на овие формати; кога се користи различен формат за електронски потпис, електронскиот потпис или електронскиот документ содржат информации за постоечките можности за потврдување за кои одговара земјата-членка. Можностите за потврдување му овозможуваат на договорниот орган да го потврди добиениот електронски потпис како квалификуван електронски потпис за кој има квалификуван сертификат, по пат на интернет, бесплатно и на начин разбирлив за лицата за кои соодветниот јазик не е мајчин јазик.

Земјите-членки обезбедуваат информации за давателот на услугите за потврдување на Комисијата, која ги објавува добиените информации од земјите-членки на интернет;

(ii) кога понудата е потпишана со помош на квалификуван сертификат што е вклучен во доверителски листа, договорните органи не треба да применуваат дополнителни услови кои може да ја попречат употребата на овие потписи од понудувачите.

Во однос на документите кои се користат во рамките на постапка за набавка, кои се потпишани од надлежен орган на земјата-членка или од друг субјект кој издава сертификати, надлежниот орган или другиот субјект може да го утврди потребниот формат за квалификуван електронски потпис во согласност со барањата од член 1(2) од Одлука 2011/130/ЕУ. Тие ги воведуваат неопходните мерки за да може технички да го обработуваат овој формат, преку вклучување на потребните информации во поглед на

[1] Директива 1999/93/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 1999 година за рамка на Заедницата за електронски потписи (Сл. весник L 13, 19.1.2000 година, стр.12).

[2] Одлука 2009/767/ЕЗ на Комисијата од 16 октомври 2009 година за одредување мерки за олеснување на користењето на постапките по електронски пат преку единиците за единствен контакт во согласност со Директива 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за услуги на внатрешниот пазар (Сл. весник L 274, 20.10.2009 година, стр. 36).

[3] Одлука 2011/130/ЕУ на Комисијата од 25 февруари 2011 година за утврдување минимални барања за прекугранична обработка на документи, потпишани по електронски пат од страна на надлежните власти во согласност со Директива 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за услуги на внатрешниот пазар (Сл. весник L 53, 26.2.2011 година, стр. 66).

обработката на потписот во соодветниот документ. Овие документи, во електронскиот потпис или во електронскиот документ, треба да содржат информации за можностите за потврдување кои овозможуваат потврдувањето на електронскиот потпис да се добие преку интернет, бесплатно и на начин разбирлив за лицата за кои соодветниот јазик не е мајчин јазик.

7. Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за измена на техничките податоци и карактеристики наведени во Анекс IV, со цел известување за развојот на технологијата.

Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за измена на списокот утврден во точки од (а) до (г) од вториот потстав од став 1 од овој член, кога развојот на технологијата допринесува продолжената употреба на исклучоци од користењето на електронски средства за комуникација да стане несоодветна или, особено, кога треба да се предвидат нови исклучоци поради развојот на технологијата.

За да се обезбеди интероперабилност на техничките формати, како и на стандардите за процеси и пораки, особено во прекугранично контекст, Комисијата се овластува да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за воведување на задолжително користење на такви специфични технички стандарди, особено во врска со користењето на можноста за електронско поднесување, електронски каталози и средства за електронска проверка на идентитетот, само кога техничките стандарди се целосно тестирани и користа од нив е докажана во пракса. Пред да наметне обврска за примена на одреден технички стандард, Комисијата треба внимателно да ги разгледа и придружните трошоци, особено во однос на приспособување кон постојните решенија за електронски набавки, вклучувајќи инфраструктура, процеси или софтвер.

Член 23

Номенклатури

1. Сите упатувања кон номенклатури во контекст на јавни набавки треба да се засноваат на „Општиот поимник за јавни набавки (ОПЈН/CPV)“ како што е усвоен со Регулатива (ЕЗ) бр. 2195/2002.

2. Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за прилагодување на ознаките на ОПЈН/CPV наведени во оваа директива, кога промените на ОПЈН/CPV номенклатурата мора да се одразат на оваа директива и тие промени не водат до измена на полето на примена на оваа директива.

Член 24

Судири на интереси

Земјите-членки обезбедуваат дека договорните органи ги преземаат потребните мерки за ефикасно спречување, откривање и отстранување на судирите на интереси кои се појавуваат при спроведување на постапките за набавки за да се избегне нарушувањето на конкуренцијата и да се обезбеди еднаквост на сите економски оператори.

Концептот за судир на интереси, најмалку, ја опфаќа секоја состојба во која членовите на договорниот орган или на давателот на услуги за набавка кој дејствува во име на договорниот орган, кои учествуваат во спроведување на постапката за набавка или кои

можат да влијаат на резултатот на таа постапка, имаат директен или индиректен финансиски, економски или друг личен интерес, за кој би можело да се претпостави дека влијае на нивната непристрасност и независност во врска со постапката за набавка.

НАСЛОВ II

ПРАВИЛА ЗА ЈАВНИ ДОГОВОРИ

ПОГЛАВЈЕ I

Постапки

Член 25

Услови поврзани со ГПА и други меѓународни договори

Доколку се опфатени со Анекси 1, 2, 4 и 5 и Општите забелешки кон Додаток I кон ГПА на Европската унија, како и со другите меѓународни договори со кои Унијата е обврзана, договорните органи не треба да постапуваат понеповолно со работите, добрата, услугите и економските оператори на потписниците на овие договори од начинот на кој се постапува со работите, добрата, услугите и економските оператори на Унијата.

Член 26

Избор на постапки

1. При доделувањето на јавни договори, договорните органи ги применуваат националните постапки приспособени во согласност со оваа директива, под услов да биде објавен повик за конкурс во согласност со оваа директива, без да е во спротивност со член 32.

2. Земјите-членки обезбедуваат дека договорните органи може да применуваат отворени или ограничени постапки, во согласност со она што е предвидено во оваа директива.

3. Земјите-членки обезбедуваат дека договорните органи може да применуваат партнерства за иновации, во согласност со она што е предвидено во оваа директива.

4. Земјите-членки обезбедуваат дека договорните органи може да применат конкурентна постапка со преговарање или конкурентен дијалог во следниве случаи:

(a) во однос на работи, добра или услуги кои исполнуваат еден или повеќе од следниве критериуми:

(i) потребите на договорниот орган не можат да бидат задоволени без приспособување на лесно достапни решенија;

(ii) тие вклучуваат проектни или иновативни решенија;

(iii) договорот не може да биде доделен без претходно преговарање заради посебни околности поврзани со карактерот, комплексноста или правната и финансиската рамка или поради придружните ризици;

(iv) техничките спецификации не можат да бидат утврдени со потребната прецизност од страна на договорниот орган со упатување на

стандард, од страна на Европската техничка проценка, заедничките технички спецификации или технички упатувања во рамките на значењето на точки од 2 до 5 кон Анекс VII;

(б) во однос на работи, добра или услуги за кои по отворена или ограничена постапка се поднесени само неправилни или неприфатливи понуди. Во такви случаи, не се бара договорните органи да објавуваат известување за договор, ако тие во постапката ги вклучуваат само сите понудувачи кои ги исполнуваат критериумите утврдени во членови од 57 до 64 и кои при претходното учество во отворениот или ограниченият повик доставиле понуди кои ги задоволуваат барањата на постапката за набавка.

Особено, за нерегуларни се сметаат понудите кои не се во согласност со документацијата за договорот, кои се добиени со задоцнување, за кои постои доказ за таен договор или корупција или кои договорниот орган ги смета за невообичаено ниски. За неприфатливи се сметаат особено понудите поднесени од понудувачите кои не ги поседуваат потребните квалификации и понудите чија цена го надминува буџетот на договорниот орган, како што е одредено и документирано пред започнување на постапката за набавка.

5. Повикот за конкуренција се објавува преку известување за договор во согласност со член 49.

Кога договорот се доделува со ограничена постапка или конкурентна постапка со преговарање, земјите-членки можат, независно од одредбите од првиот потстав од овој став, да предвидат децентрализираните договорни органи или одредени категории од нив да објавуваат повик за конкуренција со известување за првични информации според член 48(2).

Кога повикот се објавува со известување за првичните информации според член 48(2), економските оператори, кои изразиле интерес по објавувањето на известувањето за првичните информации, следствено треба да го потврдат својот интерес во писмена форма со „покана за потврдување на интерес“ во согласност со член 54.

6. Земјите-членки можат да обезбедат договорните органи да можат да применуваат постапка со преговарање без претходно објавување на повик за конкуренција само во посебните случаи и околности стриктно наведени во член 32. Земјите-членки не дозволуваат оваа постапка да биде применета во никакви други случаи, освен во оние наведени во член 32.

Член 27

Отворена постапка

1. Во отворени постапки, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда во одговор на повик за конкуренција.

Минималниот рок за прием на понудите треба да биде 35 дена, сметано од датумот на кој било испратено известувањето за договорот.

Договорниот орган бара со понудата да се испратат и информации за квалитативен избор.

2. Кога договорните органи објавиле известување за претходните информации, кое не се користи како повик за конкуренција, минималниот временски рок за прием на

понудите, како што е наведено во вториот потстав од став 1 од овој член, може да се скрати на 15 дена, ако се исполнети сите услови наведени подолу:

(а) известувањето за првичните информации кое ги содржи сите потребни информации за известувањето за договорот во оддел I, дел Б кон Анекс V, доколку тие информации биле на располагање во моментот на објавување на известувањето за претходните информации;

(б) известувањето за претходните информации е испратено за објавување помеѓу 35 дена и 12 месеци пред датумот на испраќање на известувањето за договорот.

3. Кога неодложни околности оправдани од договорниот орган го прават невозможно исполнувањето на рокот од вториот потстав од став 1, тој може да определи рок кој не е пократок од 15 дена од датумот на испраќање на известувањето за договорот.

4. Договорниот орган може со пет дена да го скрати рокот за прием на понудите, наведен во вториот потстав од став 1 од овој член, ако се прифати електронско поднесување на понудите во согласност со првиот потстав од член 22(1) и член 22(5) и (6).

Член 28

Ограничена постапка

1. При ограничени постапки, секој економски оператор може да поднесе барање за учество како одговор на повик за конкуренција кој ги содржи информациите утврдени во Анекс V, делови Б и В, во зависност од случајот, преку доставување на информациите за квалитативна селекција побарани од договорниот орган.

Минималниот рок за прием на барања за учество е 30 дена од датумот на испраќање на известувањето за договорот или, кога се користи известување за првичните информации како повик за конкуренција - од датумот на испраќање на повикот за потврдување на интерес.

2. Понуда може да поднесат само економските оператори кои се поканети од договорниот орган по негова оценка на доставените информации. Договорните органи можат да го ограничат бројот на способни кандидати кои ќе бидат поканети за учество во постапката во согласност со член 65.

Минималниот рок за прием на понудите треба да биде 30 дена, сметано од датумот на кој била испратена поканата за тендер.

3. Кога договорните органи објавиле известување за претходните информации, кое не се користи како повик за конкуренција, минималниот временски рок за прием на понудите, како што е наведено во вториот потстав од став 2 од овој член, може да се скрати на 10 дена, ако се исполнети сите услови наведени подолу:

(а) известувањето за првичните информации кое ги содржи сите информации потребни според оддел I, дел Б кон Анекс V, доколку тие информации биле на располагање во моментот на објавување на известувањето за претходните информации;

(б) известувањето за претходните информации е испратено за објавување помеѓу 35 дена и 12 месеци пред датумот на испраќање на известувањето за

договорот.

4. Земјите-членки може да обезбедат дека сите или одредени категории децентрализирани договорни органи може да го одредат рокот за добивање на понуди со заеднички договор помеѓу договорниот орган и избраните кандидати, доколку сите избрани кандидати имаат еднакво време да се подготват и да ги поднесат своите понуди. Во отсуство на договор за рокот за прием на понудите, рокот треба да биде барем 10 дена, сметано од датумот на кој била испратена поканата за тендер.

5. Рокот за прием на понудите наведен во став 2 од овој член може да се скрати со пет дена, ако договорниот орган прифати електронско поднесување на понудите во согласност со член 22(1), (5) и (6).

6. Кога неодложни околности оправдани од договорните органи ја направат непрактична примената на роковите наведени во овој член, договорните органи можат да одредат:

(а) минималниот рок за прием на понудите треба да биде 15 дена, сметано од датумот на кој било испратено известувањето за договорот.

(а) минималниот рок за прием на понудите треба да биде 10 дена, сметано од датумот на кој било испратено известувањето за договорот.

Член 29

Конкурентна постапка со преговарање

1. При конкурентни постапки со преговарање, секој економски оператор може да поднесе барање за учество како одговор на повик за конкуренција кој ги содржи информациите утврдени во Анекс V, делови Б и В, преку доставување на информациите за квалитативна селекција побарани од договорниот орган.

Во документацијата за набавка, договорните органи го одредуваат предметот на набавката преку опис на своите потреби и потребните карактеристики на добрата, работите или услугите кои треба да бидат доставени, и ги утврдуваат критериумите за доделување на договорот. Во нив се наведуваат и елементите од описот, кои ги дефинираат минималните барања што треба да ги исполнуваат сите понуди.

Обезбедените информации треба да се доволно точни за да можат економските оператори да го одредат карактерот и опсегот на набавката и да одлучат дали да поднесат барање за учество во постапката.

Минималниот рок за прием на барања за учество е 30 дена од датумот на испраќање на известувањето за договорот или, кога се користи известување за првичните информации како повик за конкуренција - од датумот на испраќање на повикот за потврдување на интерес. Минималниот рок за прием на првичните понуди треба да биде 30 дена, сметано од датумот на кој била испратена поканата. Се применува член 28 од (3) до (6).

2. Само економските оператори кои се поканети од договорниот орган по проценката на доставените информации можат да поднесат првична понуда која служи како основа за подоцнежните преговарања. Договорните органи можат да го ограничат бројот на способни кандидати кои ќе бидат поканети за учество во постапката во согласност со член 65.

3. Освен ако не е поинаку предвидено во став 4, договорните органи преговараат

со понудувачите во врска со првичните и сите последователни понуди поднесени од нив, со исклучок на конечните понуди во рамките на значењето на став 7, за да ја подобри нивната содржина.

Минималните барања и критериумите за доделување не се предмет на преговори.

4. Договорните органи може да доделуваат договори врз основа на првичните понуди без преговарање, кога тие навеле во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес дека ја задржуваат оваа можност.

5. За време на преговорите, договорните органи обезбедуваат еднаквост на сите понудувачи. За таа цел, тие не обезбедуваат информации на дискриминирачки начин кој може да даде предност на некои понудувачи за сметка на други. Тие писмено ги информираат сите понудувачи, чии понуди не се исклучени во согласност со став 6, за какви било промени во техничките спецификации или во други документи за набавка, различни од оние во кои се дефинираат минималните барања. По донесување на таквите промени, договорните органи им даваат доволно време на понудувачите за да ги променат и повторно да ги достават изменетите понуди, во зависност од случајот.

Во согласност со член 21, договорните органи не откриваат на други учесници доверливи информации доставени од кандидат или понудувач кој учествува во преговорите, без негова согласност. Оваа согласност не значи писмено откажување, туку се однесува на намерното проследување на конкретни информации.

6. Конкурентни постапки со преговарање може да се одржуваат во последователни фази за да се намали бројот на понудите за кои ќе се преговара, со примена на критериумите за доделување утврдени во известувањето за договорот, во повикот за потврдување на интерес или во друг документ поврзан со набавката. Во известувањето за договорот, повикот за потврдување на интерес или во друг документ поврзан со набавката, договорниот орган наведува дали ќе ја користи оваа можност.

7. Кога договорниот орган има намера да ги заврши преговорите, тој ги информира останатите понудувачи за тоа и утврдува општ рок за поднесување на какви било нови или ревидирани понуди. Тој потврдува дека конечните понуди ги исполнуваат минималните барања и се во согласност со член 56(1), ги проценува конечните понуди врз основа на критериумите за доделување и го доделува договорот во согласност со членовите од 66 до 69.

Член 30

Конкурентен дијалог

1. Во конкурентен дијалог, секој економски оператор може да поднесе барање за учество како одговор на известување за договор, преку доставување на информации за квалитативен избор кои се побарани од страна на договорниот орган.

Минималниот рок за прием на понудите треба да биде 30 дена, сметано од датумот на кој било испратено известувањето за договорот.

Во дијалогот може да учествуваат само економските оператори кои се поканети од договорниот орган по негова оценка на доставените информации. Договорните органи можат да го ограничат бројот на способни кандидати кои ќе бидат поканети за учество во постапката во согласност со член 65. Договорот се доделува исклучиво врз основа на критериумот за најдобар сооднос помеѓу цената и квалитетот, во согласност со член 67(2).

2. Договорните органи ги наведуваат и ги утврдуваат своите потреби и барања во известувањето за договорот и/или во описен документ. Истовремено, а и во истите документи, тие ги посочуваат и дефинираат избраните критериуми за доделување и утврдуваат индикативен распоред.

3. Договорните органи започнуваат дијалог со учесниците, избрани во согласност со соодветните одредби во членови од 56 до 66, чија цел е да се воспостават и дефинираат најсоодветните средства за задоволување на потребите на договорните органи. За време на дијалогот, тие можат да дискутираат за сите аспекти на договорот со избраните учесници.

За време на дијалогот, договорните органи гарантираат еднаков третман на сите учесници. За таа цел, тие не обезбедуваат информации на дискриминирачки начин кој може да даде предност на некои учесници за сметка на други.

Во согласност со член 21, договорните органи не ги откриваат на други учесници предложените решенија или други доверливи информации доставени од кандидат или понудувач кој учествува во дијалогот, без негова согласност. Оваа согласност не значи писмено откажување, туку се однесува на намерното проследување на конкретни информации.

4. Конкурентни дијалози можат да се одржуваат во последователни фази за да се намали бројот на решенијата за кои ќе се дидкутира за време на дијалог, преку примена на критериумите за доделување утврдени во известувањето за договор или во описниот документ. Во известувањето за договорот или во описниот документ, договорниот орган наведува дали ќе ја користи оваа можност.

5. Договорниот орган го продолжува дијалогот се додека не сè најде решение или решенија кои ќе ги задоволат потребите.

6. Откако ќе се објави дека дијалогот е завршен и ќе се информираат преостанатите учесници, договорните органи ги повикуваат да ги поднесат финални понуди врз основа на поднесеното/-ите решение/-ја утврдено/-и за време на дијалогот. Понудите треба да ги содржат сите елементи потребни за спроведување на проектот.

Понудите можат да се објаснат, прецизираат или оптимизираат на барање на договорниот орган. Сепак, таквото објаснување, прецизирање, оптимизирање или дополнителни информации не можат да ги сменат основните аспекти на понудата или на јавната набавка, вклучувајќи ги потребите и барањата утврдени во известувањето за договор или во описниот документ, кога промените во аспектите, потребите и барањата може да доведат до нарушување на конкуренцијата или до дискриминација.

7. Договорните органи ги оценуваат примените понуди врз основа на критериумите за доделување утврдени во известувањето за договор или во описниот документ.

На барање на договорниот орган може да се одржи преговарање со понудувачот за кој се смета дека поднел понуда со најдобар сооднос помеѓу цената и квалитетот, во согласност со член 67, за да се потврдат финансиските обврски или други услови содржани во понудата, под услов тоа да не води до измена во суштина на основни аспекти на понудата или на јавната набавка, вклучувајќи ги потребите и барањата наведени во известувањето за договор или во описниот документ, и дека нема опасност од нарушување на конкуренцијата или од дискриминација.

8. Договорните органи можат да предвидат награди или исплати за учесниците во дијалогот.

Член 31

Партнерство за иновации

1. Во партнерства за иновации, секој економски оператор може да поднесе барање за учество како одговор на известување за договор, преку доставување на информации за квалитативен избор кои се побарани од страна на договорниот орган.

Во документацијата за набавката, договорниот орган ја наведува потребата од иновативен производ, услуга или работа која не може да биде задоволена со купување на производи, услуги или работи кои се веќе достапни на пазарот. Во неа се наведува кои елементите од описот ги задоволуваат минималните барања што треба да ги исполнуваат сите понуди. Обезбедените информации треба да се доволно точни за да можат економските оператори да го одредат карактерот и опсегот на бараното решение и да одлучат дали да поднесат барање за учество во постапката.

Договорниот орган може да одлучи да воспостави партнерство за иновации со еден партнер или со повеќе партнери кои вршат посебни активности на истражување и развој.

Минималниот рок за прием на понудите треба да биде 30 дена, сметано од датумот на кој е испратено известувањето за договорот. Во постапката може да учествуваат само економските оператори кои се поканети од договорниот орган по негова оценка на доставените информации. Договорните органи можат да го ограничат бројот на способни кандидати кои ќе бидат поканети за учество во постапката во согласност со член 65. Договорите се доделуваат исклучиво врз основа на критериумот за најдобар сооднос помеѓу цената и квалитетот, во согласност со член 67.

2. Партнерството за иновации цели кон развојот на иновативни производи, услуги или работи и последователното купување на добрата, услугите или работите добиени како резултат на тоа, под услов тие да се во согласност со нивоата на спроведување и максималните трошоци договорени помеѓу договорните органи и учесниците.

Партнерството за иновации се структурира во последователни фази во согласност со редоследот на чекорите во процесот на истражување и иновации, што може да вклучува производството на производите, давањето на услуги или извршувањето на работите. Партнерството за иновации одредува привремени цели кои партнерите треба да ги постигнат и предвидува плаќање на надоместокот на соодветни рати.

Врз основа на овие цели, договорниот орган може по секоја фаза да одлучи да го прекине партнерството за иновации или, при партнерство за иновации со неколку партнери, да го намали бројот на партнерите преку прекин на одделни договори, ако договорниот орган ја навел оваа можност и условите за тоа во документацијата за договорот.

3. Освен ако не е поинаку предвидено во овој член, договорните органи преговараат со понудувачите во врска со првичните и сите последователни понуди поднесени од нив, со исклучок на конечната понуда за да ја подобри нивната содржина.

Минималните барања и критериумите за доделување не се предмет на преговори.

4. За време на преговорите, договорните органи обезбедуваат еднаквост на сите понудувачи. За таа цел, тие не обезбедуваат информации на дискриминирачки начин кој може да даде предност на некои понудувачи за сметка на други. Тие писмено ги

информираат сите понудувачи, чии понуди не се исклучени во согласност со став 5, за какви било промени во техничките спецификации или во други документи за набавка, различни од оние во кои се дефинираат минималните барања. По донесување на таквите промени, договорните органи им даваат доволно време на понудувачите за да ги променат и повторно да ги достават изменетите понуди, во зависност од случајот.

Во согласност со член 21, договорните органи не откриваат на други учесници доверливи информации доставени од кандидат или понудувач кој учествува во преговорите, без негова согласност. Оваа согласност не значи писмено откажување, туку се однесува на намерното проследување на конкретни информации.

5. Преговорите за време на постапките на партнерството за иновации може да се одржуваат во последователни фази за да се намали бројот на понудите за кои ќе се преговара, со примена на критериумите за доделување утврдени во известувањето за договорот, во повикот за потврдување на интерес или во документацијата за набавка. Во известувањето за договорот, повикот за потврдување на интерес или во документацијата за набавка, договорниот орган наведува дали ќе ја користи оваа можност.

6. При селекцијата на кандидатите, договорните органи особено ги применуваат критериумите во однос на капацитетот на кандидатите во областа на истражување и развој и развојот и употребата на иновативни решенија.

Само економските оператори кои се поканети од договорниот орган, по оценка на побараните информации, можат да поднесат проекти за истражување и иновации чија цел е задоволување на потребите, утврдени од договорниот орган, кои не можат да се задоволат од постојните решенија.

Во документацијата за набавка, договорниот орган ги определува правилата кои важат за правата на интелектуална сопственост. При партнерство за иновации со неколку партнери, договорниот орган не ги открива, во согласност со член 21, на другите партнери предложените решенија или други доверливи информации пренесени од даден партнер во рамките на партнерството, без согласност на тој партнер. Оваа согласност не значи писмено откажување, туку се однесува на намерното проследување на конкретни информации.

7. Договорниот орган гарантира дека структурата на партнерството и особено времетраењето и вредноста на различните фази го одразуваат степенот на иновација на предложеното решение и доследноста на истражувачки и иновациски активности потребни за развој на иновативно решение кое сè уште не е достапно на пазарот. Очекуваната вредност на добра, услуги или работи не треба да е прекумерна во однос на инвестицијата неопходна за нивното развивање.

Член 32

Користење на постапката со преговарање без претходно објавување

1. Во специјални случаи и околности наведени во ставови од 2 до 5, земјите-членки можат да обезбедат договорните органи да доделуваат јавни договори преку постапка со преговарање без претходно известување.

2. Постапката со преговарање без претходно известување може да се користи за договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги во секој од следниве случаи:

(а) кога како одговор на отворена или ограничена постапка не се поднесени понуди или соодветни понуди или не се поднесени пријави за учество или соодветни пријави за учество, доколку првично објавените услови на договорот не се значително променети и доколку е испратен извештај до Комисијата, кога таа го побарала тоа.

Се смета дека дадена понуда не е соодветна кога не одговара на договорот, бидејќи очигледно не може без значителни промени да одговори на потребите и барањата на договорниот орган, како што е наведено во документацијата за набавка. Се смета дека одредено барање за учество не е соодветно кога даденият економски оператор треба или може да биде исклучен во согласност со член 57 или не ги исполнува критериумите за избор утврдени од договорниот орган во согласност со член 58;

(б) кога работите, добрата или услугите можат да се обезбедат само од одреден економски оператор поради некоја од следниве причини:

(i) целта на набавката е создавање или стекнување на уникатно уметничко дело или уметничка изведба;

(ii) отсуство на конкуренција од технички причини;

(iii) заштита на ексклузивни права, вклучително и на права на интелектуална сопственост;

Исклучоците утврдени во точки (ii) и (iii) се применуваат само кога не постои доволно добра алтернатива или замена и отсуството на конкуренција не се должи на вештачко намалување на параметрите на набавката.

(в) доколку тоа е апсолутно неопходно, поради исклучителни итни околности предизвикани од настани кои не можат да бидат предвидени од договорниот орган, не можат да се почитуваат роковите за отворената или ограничената постапка или конкурентната постапка со преговарање. Околностите со кои се оправдува присуството на крајна итност, во никој случај не треба да се должат на договорниот орган.

3. Постапката со преговарање без претходно известување може да се користи за договори за јавни добра во следниве случаи:

(а) кога опфатените производи се произведуваат исклучиво со цел истражување, експеримент, студија или развој; сепак, договорите доделени во согласност со оваа точка не опфаќаат производство во количини кои овозможуваат да се обезбеди доволна пазарна реализација или да се покријат трошоците за истражување и развој;

(б) за дополнителни испораки од страна на првичниот доставувач, наменети за делумна замена на залихи или инсталации или за дополнување на постојните залихи или инсталации, каде што промената на добавувачот би го принудила договорниот орган да се стекне со поинакви технички карактеристики, што би резултирало со некомпатибилност или несразмерно технички тешкотии во работењето и одржувањето; времетраењето на ваквите договори, како и на привремените договори за набавки по правило не треба да надмине три години;

(в) за набавки кои се наведени и купени на стоковиот пазар;

(г) за купување на добра или услуги под особено поволни услови од снабдувач кој дефинитивно завршува со неговите деловни активности или од стечаен управник, при постоење на договор со доверители или слична постапка

според националните закони или подзаконски прописи.

4. Постапката со преговарање без претходно известување може да се користи за договори за јавни набавки, кога на предметниот договор му претходи проектен конкурс организиран во согласност со оваа директива и ќе се додели во согласност со правилата предвидени во проектниот конкурс на победникот или на еден од победниците на конкурсот; во вториот случај, сите добитници мора да бидат поканети да учествуваат во преговорите.

5. Постапката со преговарање без претходно известување може да се користи за нови работи или услуги кои се состојат од повторување на слични работи или услуги, доделени на економскиот оператор на кој истите договорни органи му го доделиле првичниот договор, доколку таквите дополнителни работи или услуги одговараат на основниот проект за кој е доделен првичниот договор според постапка утврдена во член 26(1). Во основниот проект се наведува големината на можните дополнителни работи или услуги и условите под кои тие ќе се доделуваат.

Штом започне првиот проект од постапката за тендер, се објавува можноста за примена на оваа постапка и вкупната проценета вредност на работи и услуги се зема предвид од страна на договорните органи при примена на член 4.

Оваа постапка може да се применува само за период од три години по склучувањето на првичниот договор.

ПОГЛАВЈЕ II

Техники и инструменти за електронски и комбинирани набавки

Член 33

Рамковни спогодби

1. Договорните органи можат да склучуваат рамковни спогодби, под услов да ги применуваат постапките утврдени во оваа директива.

„Рамковна спогодба“ значи спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори, чија цел е да се дефинираат условите на договорите што ќе се доделат во текот на определен период, а особено условите во однос на цени, и кога е соодветно, предвидените количини.

Рокот на рамковна спогодба не може да надминува четири години, освен во исклучителни оправдани случаи, особено според предметот на рамковната спогодба.

2. Договорите засновани на рамковна спогодба се доделуваат во согласност со постапките предвидени во овој став и во ставови 3 и 4.

Овие постапки може да се применуваат само помеѓу договорните органи кои се јасно означени за таа цел во повикот за учество во наддавањето или во повикот за потврдување на интерес, и економските оператори кои се страна во склучената рамковна спогодба.

Договорите засновани на рамковна спогодба, во никој случај не можат да водат до суштински измени на условите утврдени во рамковната спогодба, а особено во случајот наведен во став 3.

3. Кога се склучува рамковна спогодба со еден економски оператор, договорите засновани на оваа спогодба се доделуваат во рамки на условите утврдени во

рамковната спогодба.

При доделувањето на овие договори, договорните органи можат писмено да се обратат до економскиот оператор, кој е страна во рамковната спогодба, со барање да ја дополни својата понуда, ако е потребно.

4. Кога е склучена рамковна спогодба со повеќе од еден економски оператор, таа рамковна спогодба се спроведува на еден од следниве начини:

(а) се почитуваат условите на рамковната спогодба без да се обновува наддавањето, кога во него се наведени сите услови кои го регулираат спроведувањето на соодветната работи, услуги и добра, како и објективните услови за одредување на тоа кој од економските оператори, страни во рамковната спогодба, треба да ги исполни; вториот вид услови се наведуваат во документацијата за набавка за рамковната спогодба;

(б) кога во рамковната спогодба се наведени сите услови кои се регулира спроведувањето на работата, услугите и добрата, делумно без обновување на постапката за наддавање според точка (а) и делумно со обновување на постапката за наддавање меѓу економските оператори, страни во рамковната спогодба согласно точка (в), кога таа можност е предвидена од договорните органи во документацијата за набавка за рамковната спогодба. Изборот дали конкретни работи, добра или услуги ќе бидат стекнати по обновување на постапката за наддавање или директно под условите утврдени во рамковната спогодба, се прави според објективни критериуми кои се наведени во документацијата за набавка за рамковната спогодба. Во оваа документација за набавка, исто така се наведува и кои услови можат да бидат предмет на обновено наддавање.

Можностите предвидени во првиот потстав од оваа точка, се применуваат и за секој дел од рамковната спогодба, за која се назначени сите услови кои го регулираат спроведувањето на работата, услугите и добрата, без оглед на тоа дали во рамковната спогодба биле утврдени сите услови кои го регулираат спроведувањето на соодветните работа, услуги и добра според други делови.

(в) кога сите услови со кои се регулира спроведувањето на работата, услугите и добрата, не се наведени во рамковната спогодба, преку обновување на постапката за наддавање меѓу економските оператори кои се страна во рамковната спогодба.

5. Наддавањата наведени во точки (б) и (в) од став 4, се базираат на истите услови кои се применуваат за доделување на рамковната спогодба, а кога е потребно, на попрецизно формулирани услови и каде што е соодветно, други услови наведени во документацијата за набавка за рамковната спогодба, во согласност со следнава постапка:

(а) за секој договор кој треба да се додели, договорните органи писмено се консултираат со економските оператори, кои се во состојба да го исполнат;

(б) договорните органи определуваат доволно долг рок за доставување понуди за секој посебен договор, земајќи ги предвид факторите како што се сложеноста на предметот на договорот и времето потребно за испраќање на понудите;

(в) понудите се доставуваат во писмена форма и не се отвораат до истекот на предвидениот рок за одговор;

(г) договорните органи го доделуваат секој договор на понудувачот кој доставил најдобрата понуда врз основа на критериумите за доделување утврдени во документацијата за набавка за рамковната спогодба.

Член 34

Системи за динамично купување

1. Договорните органи можат да користат систем за динамично купување, за често спроведувани набавки, чии карактеристики како што најчесто се нудат на пазарот, ги исполнуваат барањата на договорните органи. Системот за динамично купување се одвива како целосно електронски процес и е отворен за секој економски оператор кој ги задоволува критериумите за избор, во текот на целиот период на важност на системот за купување. Тоа може да се подели на категории на производи, работи или услуги, објективно одредени врз основа на карактеристиките на јавната набавка која ќе биде извршена во соодветната категорија. Овие карактеристики можат да вклучуваат упатување на максимално дозволениот износ на следните специфични договори или на специфичната географска област, каде ќе се спроведуваат следните специфични договори.

2. За да набавуваат преку систем за динамично купување, договорните органи ги почитуваат правилата на ограничената постапка. Сите кандидати кои ги исполнуваат критериумите за избор се прифаќаат во системот, а бројот на кандидатите кои се прифатени во системот, не се ограничува во согласност со член 65. Кога договорните органи го поделиле системот на категории на производи, работи или услуги согласно став 1 од овој член, тие ги посочуваат применливите критериуми за избор за секоја категорија.

Независно од член 28, се применуваат следниве рокови:

(а) минималниот временски рок за прием на барања за учество е 30 дена од датумот на испраќање на известувањето за договорот или кога се користи известување за првични информации како повик за учество во наддавање, од датумот на испраќање на повикот за потврдување на интерес. Откако е испратена поканата за понуди за првата конкретна набавка во рамки на системот за динамично купување, не се предвидуваат други рокови за прием на барањата за учество;

(б) минималниот рок за прием на понудите е најмалку 10 дена од денот на испраќање на поканата за доставување на понуди. Каде што е соодветно, се применува член 28(4). Не се применува член 28(3) и (5).

3. Целата комуникација во контекст на системот за динамично купување се остварува само по електронски пат во согласност со член 22(1), (3), (5) и (6).

4. За целите на доделување договори според систем на динамично купување, договорните органи:

(а) објавуваат повик за учество во наддавање, според кој е јасно дека станува збор за систем за динамично купување;

(б) ги наведуваат во документацијата за набавка најмалку природата и проценетата количина на предвидените набавки, како и сите потребни информации за системот за динамично купување, вклучувајќи и како функционира системот за динамично купување, користената електронска опрема, организацијата и спецификациите на техничкото поврзување;

(в) ја посочуваат евентуалната поделба по категории на производи, работи или услуги и карактеристиките кои ги дефинираат;

(г) нудат неограничен и целосен директен пристап до документацијата за набавка во текот на целиот период на важност на системот во согласност со член 53.

5. Договорните органи му обезбедуваат на секој економски оператор во текот на целиот период на важност на системот за динамично купување, можност да побара учество во системот според условите наведени во став 2. Договорните органи ја подготвуваат нивната проценка на овие барања согласно критериумите за избор во рок од 10 работни дена по нивното добивање. Во одделни случаи, кога тоа е оправдано, овој рок може да биде продолжен на 15 работни дена, особено при потреба да се разгледаат дополнителни документи или да се провери на друг начин дали се исполнети критериумите за избор.

Независно од првиот потстав, додека нема испратено покана за доставување понуди за првата конкретна набавка во рамки на системот за динамично купување, договорните органи можат да го продолжат рокот за проценка, под услов во продолжениот рок за проценка да не се објавува повик за доставување понуди. Договорните органи го наведуваат во документацијата за набавка времетраењето на продолжениот рок што имаат намера да го спроведат.

Договорните органи го информираат соодветниот економски оператор што е можно порано за тоа дали бил примен во системот за динамично купување.

6. Договорните органи ги поканuваат сите примени учесници да достават понуда за секоја конкретна набавка во рамки на системот за динамично купување во согласност со член 54. Кога системот за динамично купување е поделен во категории за работа, производи или услуги, договорните органи ги поканuваат сите учесници, примени во соодветната категорија на конкретната набавка, да достават понуда.

Договорните органи го доделуваат договорот на понудувачот кој поднел најдобра понуда врз основа на критериумите за доделување утврдени во известувањето за договорот за системот за динамично купување, или кога известувањето за првичните информации се користи како покана за учество во повик за наддавање, во поканата за потврдување на интерес. Каде што е соодветно, овие критериуми можат да бидат точно формулирани во поканата за доставување понуди.

7. Договорните органи можат во секое време во текот на периодот на важност на системот за динамично купување, да побараат од примените учесници да достават обновени и ажурирани лични декларации согласно предвиденото во член 59(1), во рок од пет работни дена, сметано од датумот на кој е предадено барањето.

Член 59(4) до (6) се применуваат во текот на целиот период на важност на системот за динамично купување.

8. Договорните органи го наведуваат рокот на важност на системот за динамично купување во поканата за учество во повикот за наддавање. Тие ја информираат Комисијата за секоја промена на периодот на важност, користејќи ги следниве стандардни примероци:

(а) кога рокот на важност се менува без прекин во функционирањето на системот, модел првично употребен за повикот за наддавање во системот за динамично купување;

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

(б) кога функционирањето на системот се прекинува, известување за доделен договор согласно член 50.

9. Пред или за време на периодот на важност на системот за динамично купување не може да се наплаќаат такси на економските оператори кои се заинтересирани за системот за динамично купување или учествуваат во истиот.

Член 35

Електронски аукции

1. Договорните органи можат да користат електронски аукции, на кои се презентираат нови цени, разгледани во насока на намалување и/или нови вредности кои влијаат на одредени елементи во понудите.

За таа цел, договорните органи структурираат електронска аукција како повторлив електронски процес, кој започнува по првична целосна проценка на понудите, која им овозможува да бидат рангирани со помош на автоматски методи за проценка.

Не се организираат електронски аукции за одредени договори за јавни услуги или работи, кои како предмет имаат интелектуални активности, како што е дизајнирањето на работи, и кои не можат да бидат рангирани преку автоматски методи за проценка.

2. При отворен или ограничен повик или постапки за наддавање со преговарање, договорните органи може да одлучат на доделувањето на јавен договор да му претходи електронска аукција, кога содржината на документацијата за набавката, а особено техничките спецификации можат да бидат точно основани.

Под истите околности, електронска аукција може да се одржи на обновување на постапка на наддавање меѓу страните на рамковна спогодба согласно точки (б) или (в) од член 33(4), како и при започнување на постапка за наддавање за договори, кои ќе бидат доделувани во рамки на системот за динамично купување наведен во член 34.

3. Електронската аукција се заснова на еден од следниве елементи на понудите:

(а) единствено на цени кога договорот се доделува само врз основа на цена;

(б) на цените и/или на новите вредности на карактеристиките на понудите наведени во документацијата за набавка, кога договорот се доделува за најдобар сооднос на цена-квалитет или за понуда со најниски трошоци при користење на пристап за ефикасност.

4. Договорните органи кои одлучуваат да одржуваат електронска аукција го наведуваат овој факт во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес. Документацијата за набавка ги вклучува најмалку информациите наведени во Анекс VI.

5. Пред да пристапат кон електронска аукција, договорните органи вршат целосна првична проценка на понудите согласно критериумот(-ите) за доделување и согласно тежините дефинирани за нив.

Дадена понуда се смета за прифатлива, кога е поднесена од понудувач кој не е исклучен согласно член 57 и ги исполнува критериумите за избор и чија понуда одговара на техничките спецификации, без да е нередовна, неприфатлива или несоодветна.

За нередовни се сметаат особено понуди кои не се во согласност со документацијата за набавка, кои се добиени со задоцнување, за кои има податоци за заговор или корупција или кои договорниот орган ги смета за невообичаено ниски. За неприфатливи се

сметаат особено понуди поднесени од понудувачите кои не ги поседуваат потребните квалификации и понуди, чија цена ја надминува онаа од одредениот и документиран буџет на договорниот орган, пред започнување на постапката за доделување на набавка.

Се смета дека понудата е несоодветна, кога не соодветствува со договорот, бидејќи очигледно не може без значителни промени да одговори на потребите и барањата на договорниот орган наведени во документацијата за набавка. Се смета дека одредено барање за учество е несоодветно, кога соодветниот економски оператор треба или може да биде исклучен во согласност со член 57 или не ги исполнува критериумите за избор утврдени од договорниот орган во согласност со член 58.

Сите понудувачи кои доставиле прифатливи понуди истовремено се повикуваат преку електронски средства да учествуваат во електронска аукција, на наведениот датум и време, со користење на врски во согласност со упатствата дадени во поканата. Електронската аукција може да се одржи во неколку последователни фази. Таа не може да започне порано од два работни дена по датумот на испраќање на поканите.

6. Поканата е придружена со резултатот од целосната проценка на соодветната понуда, извршена во согласност со тежината наведена во првиот потстав од член 67(5).

Поканата ја содржи и математичката формула што ќе се користи во електронската аукција за автоматското ново рангирање врз основа на доставените нови цени и/или нови вредности. Освен кога економски најповолната понуда се дефинира само врз основа на цена, оваа формула треба да ја одразува тежината на сите критериуми пропишани со цел да се одреди економски најповолната понуда, како што е наведено во известувањето кое се користи како покана за учество во наддавање или во друг документ од документацијата за набавка. За таа цел, сепак секој опсег, претходно се намалува на одредена вредност.

Кога се дозволени варијанти, за секоја опција се обезбедува посебна формула.

7. За време на секоја фаза од електронската аукција, договорните органи веднаш ги доставуваат до сите понудувачи барем информациите потребни за да се утврди релативното рангирање во секој момент. Договорните органи можат, кога тоа е претходно наведено, да пренесат и други информации за други доставени цени или вредности. Тие исто така можат во секој момент да го објават бројот на учесници во тековната фаза од аукцијата. Сепак, во никој случај договорните органи не можат да го откријат идентитетот на понудувачите за време на било која фаза од електронската аукција.

8. Договорните органи ја завршуваат електронската аукција на еден или повеќе од следниве начини:

(а) во претходно наведените датум и време;

(б) кога повеќе не примаат нови цени или нови вредности кои ги задоволуваат барањата за минимални разлики, под услов претходно да посочиле колку време може да истече помеѓу добивање на последната понуда и завршувањето на електронската аукција; или

(в) кога е завршено спроведувањето на претходно наведениот број фази во аукцијата.

Кога договорните органи имаат намера да ја завршат електронската аукција во согласност со точка (в) од првиот потстав, евентуално во комбинација со спогодбите

утврдени во точка (б), во поканата за учество на аукцијата се наведува временскиот распоред за секоја фаза од аукцијата.

9. По завршувањето на електронската аукција, договорните органи го доделуваат договорот во согласност со член 67 врз основа на резултатите од електронската аукција.

Член 36

Електронски каталози

1. Кога се бара употреба на електронски средства за комуникација, договорните органи можат да побараат понудите да бидат претставени во форма на електронски каталог или да вклучат електронски каталог.

Земјите членки можат да предвидат дека употребата на електронски каталози е задолжително во врска со одредени видови набавки.

Понудите, претставени во форма на електронски каталог, можат да бидат придружени од други документи, кои ја дополнуваат понудата.

2. Електронските каталози се подготвуваат од кандидатите или понудувачите со цел учество во одредена постапка за доделување на набавка во согласност со техничките спецификации и форматот воспоставени од договорниот орган.

Покрај тоа, електронските каталози треба да се во согласност со барањата за електронски алатки за комуникација, како и со сите дополнителни барања утврдени од договорниот орган во согласност со член 22.

3. Кога преставувањето на понуди во форма на електронски каталози е прифатено или побарано, договорните органи:

(а) го посочуваат тоа во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес кога известувањето за првичните информации се користи како покана за учество во наддавање;

(б) ги наведуваат во документацијата за набавка сите потребни информации согласно член 22(6) за формата, употребената електронска опрема и организацијата и спецификациите на техничкото поврзување за каталогот.

4. Кога е склучена рамковна спогодба со повеќе од еден економски оператор по доставување на понуди во форма на електронски каталози, договорните органи можат да обезбедат обновување на постапката за наддавање за конкретни договори врз основа на ажурирани каталози. Во овој случај, договорните органи користат еден од следниве методи:

(а) ги поканuваат понудувачите повторно да ги испратат своите електронски каталози прилагодени на барањата на конкретниот договор; или

(б) ги информираат понудувачите дека планираат да ги соберат од веќе доставените електронски каталози потребните информации за составување понуди, усогласени со барањата на конкретниот договор, под услов користењето на овој метод да е доставен во документацијата за набавка за рамковната спогодба.

5. Кога договорните органи го обновуваат наддавањето за конкретни договори во согласност со точка (б) од став 4, тие ги известуваат понудувачите за датумот и времето кога планираат да ги соберат информациите потребни за составување на понуди, во согласност со барањата на конкретниот договор и им обезбедуваат на

понудувачите можност да одбијат такво собирање на информации.

Договорните органи обезбедуваат доволен период помеѓу известувањето и самото собирање на информации.

Пред да го доделат договорот, договорните органи ги обезбедуваат собраните информации на соодветниот понудувач, за да му дадат можност да го оспори или потврди отсуството на значајни грешки во понудата.

6. Договорните органи можат да доделуваат договори врз основа на систем за динамично купување, побарувајќи понудите за конкретниот договор да бидат претставени во форма на електронски каталог.

Договорните органи можат исто така да доделуваат договори во рамки на систем за динамично купување во согласност со точка (б) од став 4 и став 5, под услов барањето за учество во систем за динамично купување да е придружен од електронски каталог, во согласност со техничките спецификации и формат утврдени од договорниот орган. Овој каталог може подоцна кандидатите да го изменат, откако ќе бидат известени за намерата на договорниот орган да состават понуди преку постапката утврдена во точка (б) од став 4.

Член 37

Централизирани активности за купување и централизирани тела за купување

1. Земји-членки можат да одредат дека договорни органи можат да набавуваат добра и/или услуги од или преку централно тело за купување кое нуди централизирана активност за купување согласно точка (а) од точка 14 од член 2(1).

Земјите членки можат да обезбедат договорните органи да можат да добиваат работи, добра и услуги преку договори доделени од централен орган за купување, при користење на систем за динамично купување, кој е раководен од централен орган за купување, или, во рамки на предвиденото во вториот потстав од член 33(2), при користење на рамковна спогодба склучена од централен орган за купување, кој нуди централизирана активност за купување согласно точка (б) од точка 14 од член 2(1). Кога други договорни органи можат да користат систем за динамично купување, кој е раководен од централен орган за купување, тоа се наведува во поканата за учество во наддавање со која се утврдува систем за динамично купување.

Во однос на првиот и вториот потстав, земјите-членки можат да предвидат одредени набавки да се вршат преку централни тела за купување или преку еден или повеќе конкретни централни тела за купување.

2. Договорните органи ги извршуваат своите обврски според оваа директива, кога добиваат добра или услуги од централен орган за купување, кој нуди централизирана активност за купување согласно точка (а) од точка 14 од член 2(1).

Покрај тоа, договорните органи ги извршуваат своите обврски според оваа директива, кога добиваат работи, добра или услуги преку договори доделени од централен орган за купување, при употреба на системи за динамично купување, кои се управувани од централен орган за купување, или, во рамки на утврденото во вториот потстав од член 33(2), при користење на рамковна спогодба склучена од централен орган за купување, кој нуди централизирана активност за купување согласно точка (б) од точка (14) од член 2(1).

Сепак, соодветните договорни органи, одговорни за почитување на обврските според оваа директива во однос на деловите кои сами ги одржуваат, како што се:

(а) доделување на договор во рамки на динамичен систем на купување, кој е раководен од централен орган за купување;

(б) обновување на постапка за наддавање според рамковна спогодба склучена од централен орган за купување;

(в) одредување, согласно точки (а) или (б) од член 33(4), кој економски оператор од оние кои се страна во рамковната спогодба, ќе исполни одредена задача на рамковната спогодба склучена од централен орган за купување.

3. Сите постапки за набавки спроведени од централен орган за купување се спроведуваат со користење на електронски средства за комуникација во согласност со барањата од член 22.

4. Договорните органи можат, без да применуваат постапки утврдени во оваа директива, да му доделат на централен орган за купување договор за јавна услуга, за спроведување на централизирани активности за купување.

Таквите договори за јавни услуги можат да вклучат и помошни активности за купување.

Член 38

Повремени заеднички набавки

1. Два или повеќе договорни органи можат да се договорат за заедничко извршување на одредени набавки.

2. Кога постапката за доделување на набавка се спроведува целосно заеднички од името на и за сметка на сите засегнати договорни органи, тие имаат заедничка одговорност за исполнување на своите обврски според оваа директива. Ова важи и за случаи во кои една од договорните органи управува со постапката во свое име и за сметка на другите засегнати договорни органи.

Кога постапката за доделување на набавка не се спроведува целосно од името на сите засегнати договорни органи и за нивна сметка, овие органи имаат заедничка одговорност само за оние делови кои ги исполнуваат заеднички. Секој договорен орган има сопствена одговорност за спроведување на своите обврски според оваа директива во однос на деловите кои ги управува во свое име и за своја сметка.

Член 39

Набавка со учество на договорни органи од различни земји-членки

1. Без да е во спротивност со член 12, договорните органи од различни земји-членки можат заеднички да доделуваат јавни договори, користејќи некое од средствата утврдени во овој член.

Договорните органи не може да ги користат средствата предвидени во овој член за да ја избегнат примената на задолжителните одредби на јавното право во согласност со правото на Унијата кои се применуваат кон нив во нивната земја-членка.

2. Земјите-членки не им забрануваат на своите договорни органи да користат централизирани активности за купување понудени од централните органи за купување кои се лоцирани во друга земја-членка.

Во однос на централизираните активности за купување понудени од централен орган за купување, кој е основан во земја-членка различна од земјата на договорниот орган, земјите-членки можат по сопствен избор да одредат нивните договорни органи да ги

користат единствено централизираните активности за купување утврдени во точка (а) или во точка (б) од точка 14 од член 2(1).

3. Обезбедувањето на централизирани активности за купување од централен орган за купување, основан во друга земја-членка, се врши во согласност со националните одредби на земјата-членка во која е основан централниот орган за купување.

Националните одредби на земјата-членка во која е основан централниот орган за купување, се применува и во однос на:

(а) доделувањето договори преку систем за динамично купување;

(б) продолжувањето на постапка за наддавање според рамковна спогодба;

(в) одредувањето согласно точки (а) или (б) од член 33(4), кој од економските оператори кои се страна во рамковната спогодба, ќе исполни одредена задача.

4. Неколку договорни органи од различни земји-членки можат да доделуваат заеднички набавки, да склучуваат рамковни спогодби или да управуваат со систем за динамично купување. Тие можат, исто така, во рамки на предвиденото во вториот потстав од член 33(2), да доделуваат договори согласно рамковната спогодба или во рамки на системот за динамично купување. Освен ако потребните елементи не се регулирани со меѓународна спогодба склучена меѓу заинтересираните земји-членки, учесниците договорни органи склучуваат спогодба со која се утврдуваат:

(а) одговорностите на страните и соодветните применливи национални одредби;

(б) внатрешната организација на постапката за доделување набавка, вклучувајќи го и управувањето на постапката, распределба на работите, добрата или услугите кои се предмет на набавката, како и склучувањето на договори.

Учесникот договорен орган ги извршува своите обврски според оваа директива, кога купува работи, добра или услуги од договорен орган, кој е одговорен за постапката за доделување набавка. Кога ги дефинираат одговорностите и применливото национално право како што е наведено во точка (а), учесничките договорни органи можат да распределат конкретни одговорности меѓу себе и да ги дефинираат релевантните одредби од националното право на соодветните земји-членки. Распределувањето одговорности и применливото национално право се наведуваат во документацијата за набавка при заеднички јавни набавки.

5. Кога неколку договорни органи од различни земји-членки основаат заеднички субјект, вклучувајќи Европски групи за територијална соработка според Регулатива (ЕЗ) бр. 1082/2006 на Европскиот парламент и на Советот ([1]), или други субјекти основани според правото на Унијата, учесничките договорни органи се договорат со одлука на надлежниот орган на заедничкиот субјект за применливите национални правила за набавки на една од следниве земји-членки:

(а) националните одредби на земјата-членка во која се наоѓа седиштето на заедничкиот субјект;

(б) националните одредби на земјата-членка во која заедничкиот субјект ги извршува своите активности.

[1] Регулатива (ЕЗ) бр. 1082/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за Европската група за територијална соработка (ЕГТС) (Сл. весник L 210, 31.7.2006 година, стр. 19).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Спогодбите наведени во првиот потстав може да се применуваат за неограничен период, кога тоа е предвидено во основачкиот акт на заедничкиот субјект или да бидат ограничени за определен период, одредени видови договори или доделување на еден или повеќе посебни договори.

ПОГЛАВЈЕ III

Спроведување на постапката

Оддел 1

Подготовка

Член 40

Прелиминарни пазарни консултации

Пред да започне постапката за доделување набавка, договорните органи можат да одржат пазарни консултации со цел подготовка на набавката и информирање на економските оператори за плановите и барањата за набавката.

За таа цел, договорните органи можат на пример да побараат или прифатат совет од независни експерти или тела или од учесници на пазарот. Овие совети може да се користат при планирањето и спроведувањето на постапката за доделување набавка, под услов да не доведуваат до нарушување на конкуренцијата и на принципите на недискриминација и транспарентност.

Член 41

Претходно учество на кандидати или понудувачи

Кога кандидат или понудувач или претпријатие поврзано со кандидат или понудувач го советува договорниот орган, во однос на член 40 или во други случаи, или на друг начин кој учествува во подготовката на постапката за доделување набавка, договорниот орган донесува соодветни мерки за да се обезбеди дека учеството на овој кандидат или понудувач не ја нарушува конкуренцијата.

Овие мерки вклучуваат комуникација на другите кандидати и понудувачи на релевантни информации разменети во контекст на учеството на кандидатот или понудувачот во подготовката на постапката за доделување набавка и дефинирање на соодветни рокови за приемот на понуди. Кандидатот или понудувачот се исклучува од постапката само кога нема други начини да се обезбеди спроведување на обврската за почитување на принципот за еднаков третман.

Пред секое такво исклучување, на кандидатите или понудувачите задолжително им се дава можност да докажат дека нивното учество во подготовката на постапката за доделување набавка не може да ја наруши конкуренцијата. Преземените мерки се документираат во индивидуалниот извештај, кој се бара согласно член 84.

Член 42

Технички спецификации

1. Техничките спецификации дефинирани во Анекс VII, точка 1, се наведуваат во документацијата за набавка. Во техничките спецификации се дефинираат потребните карактеристики на работата, услугата или добрата.

Овие карактеристики можат да се однесуваат и на специфичниот процес или метод за производство или обезбедување на бараните работи, добра или услуги, или на специфичен процес за друга фаза од нивниот животен циклус, дури и кога овие

фактори не се дел од основните карактеристики, под услов да се поврзани со предметот на договорот и да се пропорционални на неговата вредност и цели.

Во техничките спецификации може, исто така, да се наведи дали ќе биде потребно пренесување на права на интелектуална сопственост.

За сите набавки кои се наменети за користење од страна на физички лица, без разлика дали станува збор општо за јавноста или за персоналот на договорниот орган, техничките спецификации се подготвуваат така што, освен во оправдани случаи, ќе бидат прилагодени на критериумите за пристапност за лица со инвалидитет или да бидат со наменети за сите корисници.

Кога задолжителни барања за пристапност се донесени со правен акт на Унијата, техничките спецификации се дефинираат со упатување на тие барања за критериуми за пристапност за лицата со инвалидитет или се наменети за сите корисници.

2. Техничките спецификации треба да обезбедат еднаков пристап на економските оператори до постапката за доделување набавка и да не доведуваат до создавање на неосновани пречки за отворање на наддавањето за јавни набавки.

3. Без да е во спротивност со задолжителните национални технички правила, доколку тие одговараат на правото на Унијата, техничките спецификации се дефинираат на еден од следниве начини:

(а) преку барања за извршување или функционални барања, вклучувајќи и еколошки карактеристики, под услов параметрите да се доволно прецизно дефинирани, за да им овозможат на понудувачите да го одредат предметот на договорот, а на договорните органи, да доделат договорот;

(б) со упатување на техничките спецификации според предност, на националните стандарди кои ги транспонираат европските стандарди, европските технички проценки, заедничките технички спецификации, меѓународните стандарди, други технички референтни системи воспоставени од европските тела за стандардизација, или кога нема такви, со упатување кон националните стандарди, националните технички одобренија или националните технички спецификации во врска со идејното решение, пресметката и извршувањето на работите и употребата на добрата; при секое упатување се додаваат зборовите „или еквивалентно (-и)“;

(в) во однос на барањата за извршување или функционални барања наведени во точка (а), со упатување на техничките спецификации наведени во точка (б), како средство да се воведе претпоставка за согласност со овие барања за извршување или функционални барања;

(г) со упатување на техничките спецификации наведени во точка (б), за одредени карактеристики, а за други, со упатување на барањата за извршување или функционални барања наведени во точка (а).

4. Освен ако тоа не е оправдано со предметот на договорот, во техничките спецификации не се наведува одреден модел или извор или посебен процес кој ги карактеризира производите или услугите понудени од конкретен економски оператор, ниту трговска марка, патент, видови или конкретно потекло или производство, што би довело до фаворизирање или отстранување на одредени претпријатија или производи. Слично упатување е дозволено во исклучителни случаи, кога е невозможно предметот на договорот да се опише доволно прецизно и разбирливо согласно став 3. Кон тоа упатување се додаваат зборовите „или еквивалент(-и)“.

5. Кога договорен орган ја користи можноста за упатување на техничките спецификации наведени во точка (б) од став 3, тој не може да одбие понуда врз основа на тоа дека работите, добрата или услугите не одговараат на техничките спецификации на кои се однесува, откако понудувачот докаже во својата понуда на каков и да било соодветен начин, вклучувајќи преку доказите од член 44, дека понудените решенија ги задоволуваат на еквивалентен начин барањата дефинирани од техничките спецификации.

6. Кога договорен орган ја користи можноста утврдена во точка (а) од став 3 да формулира технички спецификации во однос на барања за извршувањето или функционални барања, тој не може да одбие понуда за работи, добра или услуги кои одговараат на националните стандарди за транспонирање европски стандард, на европското техничко одобрение, општата техничка спецификација, меѓународниот стандард или техничко упатување воспоставен од европски орган за стандардизација ако овие спецификации се однесуваат на одредени барања за извршување и функционални барања.

Во својата понуда, понудувачот докажува на соодветен начин, вклучувајќи ги и предвидените во член 44, дека се усогласени со стандардот работа, добра или услуга исполнувајќи ги барањата за извршување или функционалните барања на договорниот орган.

Член 43

Ознаки

1. Кога договорните органи имаат намера да купат работи, добра или услуги со конкретни еколошки, социјални или други карактеристики во техничките спецификации, критериумите за доделување или условите за извршување на договорот, можат да бараат одредена ознака како доказ дека работите, услугите или добрата одговараат на бараните карактеристики, под услов да се исполнети сите подолу наведени услови:

(а) барањата за означување се однесуваат само на критериуми поврзани со предметот на договорот, и се погодни за одредување на карактеристиките на работите, добрата или услугите кои се предмет на договорот;

(б) барањата за означување се базираат на објективно проверливи и недискриминирачки критериуми;

(в) ознаките се основани согласно отворена и транспарентна постапка, во која може да учествуваат сите заинтересирани страни, вклучувајќи владини тела, потрошувачи, социјални партнери, производители, дистрибутери и невладини организации;

(г) ознаките се достапни за сите заинтересирани страни;

(д) барањата за означување се одредуваат од трета страна, над која економскиот оператор, кој се пријавува за обележување, не може да има одлучувачко влијание.

Кога договорните органи не бараат работите, добрата или услугите да ги исполнуваат сите барања за обележување, тие одредуваат кон кои барања за означување се доставува.

Договорните органи кои бараат одредена ознака ги прифаќаат сите ознаки, кои ги потврдуваат работите, добрата или услугите кои одговараат на еквивалентни барања за

означување.

Кога економскиот оператор очигледно не може да добие одредена ознака, определена од договорниот орган, или еквивалентна ознака во соодветниот период надвор од неговите причини, договорниот орган прифаќа други соодветни докази, кои можат да вклучуваат техничко досие на производителот, под услов соодветниот економски оператор да докаже дека работите, добрата или услугите кои треба да испорача, ги задоволуваат барањата на конкретната ознака или на конкретните барања наведени од договорниот орган.

2. Кога одредена ознака ги исполнува условите предвидени во точки (б), (в), (г) и (д) од став 1, но исто така и ги утврдува барања, кои не се поврзани со предметот на договорот, договорните органи не ја бараат ознаката а можат да утврдат технички спецификации, како упатување само кон оние детални спецификации на ознаките или, кога е потребно, кон делови од нив, кои се поврзани со предметот на договорот и се погодни за одредување на карактеристиките на овој предмет.

Член 44

Извештаи од тестирања, сертификација и други докази

1. Договорните органи можат да бараат од економските оператори да достават извештај од тестирањето од тело за оценување на усогласеноста или сертификат издаден од такво тело, како доказ за усогласеност со барањата или критериумите наведени во техничките спецификации, во критериумите за доделување или во условите за извршување на договорот.

Кога договорните органи бараат сертификат издаден од конкретен орган за оценување на усогласеност, тие прифаќаат и сертификати од други еквивалентни органи за оценување на усогласеноста.

За целите на овој став, тело за оценување на усогласеноста е тело, кое извршува активности за оценување на усогласеност, вклучувајќи калибрација, тестирање, сертификација и инспекција, и е акредитирано според Регулатива (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот парламент и на Советот ([1]).

2. Договорните органи прифаќаат други соодветни докази освен оние наведени во став 1, како техничко досие на производителот, кога заинтересираните економски оператори нема пристап до сертификатите или извештаи од тестирање наведено во став 1 или нема можност да ги постигне соодветните рокови, под услов да нема пристап до нив надвор од неговите причини и под услов заинтересираните економски оператори да докажат дека работите, добрата и услугите одговараат на барањата или критериумите утврдени во техничките спецификации, критериумите за доделување или условите за извршување на договорот.

3. Земјите-членки им ги обезбедуваат на други земји-членки на барање сите информација поврзани со доказите и документите доставени во согласност со член 42(6), член 43 и ставови 1 и 2 од овој член. Надлежните органи на земјата-членка во која е основан економскиот оператор, ја обезбедуваат оваа информација во согласност со член 86.

Член 45

[1] Регулатива (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 9 јули 2008 година за утврдување на барањата за акредитација и надзор на пазарот во однос на понудата на пазарот на производи и за укинување на Регулатива (ЕЕЗ) бр. 339/93 (Сл. весник L 218, 13.8.2008 година, стр. 30).

Варијанти

1. Договорните органи можат да им одобрат на понудувачите или да бараат од нив да достават варијанти. Тие наведуваат дали дозволуваат или бараат варијанти во известувањето за договор или кога известување за првичните информации се користи како покана за учество во постапка за наддавање, во повикот за потврдување на интерес. Презентацијата на варијанти не е дозволена без такво наведување. Варијантите треба да се поврзани со предметот на договорот.

2. Договорните субјекти кои дозволуваат или бараат варијанти ги наведуваат во документацијата за набавка минималните барања што треба да ги исполнат варијантите, како и сите конкретни барања за нивно претставување, особено дали можат да се достават варијанти само кога се доставува понуда која не е варијанта. Тие гарантираат исто така, дека избраните критериуми за доделување може да се применат како кон варијантите кои ги исполнуваат овие минимални барања, така и кон редовните понуди кои не се варијанти.

3. Се земаат предвид само варијанти кои ги исполнуваат минималните барања утврдени од договорните органи.

Во постапки за доделување на договори за јавни добра или услуги, договорните органи кои дозволиле или бараат варијанти не можат да одбијат варијанта само врз основа на тоа дека нивниот избор би довел до склучување на договор за услуги наместо на договор за јавни добра или на договор за добра наместо на договор за услуги.

Член 46

Поделба на договорите на делови

1. Договорните органи можат да одлучат да доделат договор во форма на посебни делови и можат да ја одредат големината и предметот на овие делови.

Освен кај договорите чија поделба е задолжителна согласно став 4 од овој член, договорните органи ги посочуваат главните причини за нивната одлука да не ги делат на делови, кои ќе бидат вклучени во документацијата за набавка или во индивидуалниот извештај наведен во член 84.

2. Договорните органи наведуваат во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес дали понудите можат да се достават за една, за неколку или за сите делови.

Договорните органи можат, дури и кога е дозволено понуди да се поднесуваат за неколку или за сите делови, да го ограничат бројот на делови, кои можат да бидат доделени на еден понудувач, под услов максималниот број делови на понудувач да е наведен во известувањето за договорот или во повикот за потврдување на интерес. Кога примената на критериумите за доделување би можела да доведе до доделување на повеќе од максималниот број на делови на еден понудувач, договорните органи ги наведуваат во документацијата за набавка објективните и недискриминирачки критериуми или правила кои имаат намера да ги применуваат за да се утврди кои делови ќе се доделуваат.

3. Кога е можно повеќе од еден дел да се додели на еден понудувач, земјите-членки можат да им обезбедат на договорните органи можност да доделуваат договори комбинирајќи неколку или сите делови, под услов во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес да посочиле дека ја задржуваат оваа можност и ги посочиле деловите или групите од деловите кои можат да се комбинираат.

4. Земјите-членки можат да го применуваат вториот потстав од став 1, како задолжителен при доделување договори во форма на посебни делови според услови кои се наведуваат во согласност со нивното национално право и имајќи го предвид правото на Унијата. Во таков случај исто така се применува првиот потстав од став 2 и каде што е соодветно, став 3.

Член 47

Дефинирање на рокови

1. При утврдување на роковите за прием на понуди и барања за учество, договорните органи водат сметка за сложеноста на договорот и времето потребно за составување понуди, без да е во спротивност со минималните рокови утврдени во членови 27 до 31.

2. Кога понудите можат да се состават само по посетата на објектот или по проверка на место на документите, придружната документација за набавка, роковите за прием на понуди кои не можат да бидат подолги од минималните рокови наведени во членови 27 до 31, се определуваат така што сите заинтересирани економски оператори ќе можат да се запознаат со сите информации потребни за подготвување на понуди.

3. Договорните органи ги продолжуваат роковите за прием на понуди, за сите заинтересирани економски оператори да можат да се запознаат со сите информации потребни за подготвување на понуди, во следниве случаи:

(а) кога без разлика од кои причини, дополнителните информации, иако побарани навреме од економскиот оператор не се претставени најдоцна шест дена пред истекот на рокот за примање на понуди. Во случај на забрзана постапка како што е наведено во член 27(3) и член 28(6), овој период е четири дена;

(б) кога се прават значителни промени во документацијата за набавката.

Продолжувањето на рокот мора да е пропорционално на релевантноста на информациите или промената.

Од договорните органи не се бара да ги продолжуваат роковите кога дополнителните информации не биле побарани навреме или кога нивното значење за подготвување на понуди е незначително.

Оддел 2

Објавување и транспарентност

Член 48

Известувања за прелиминарни информации

1. Договорните органи можат да ги објавуваат своите намери за планирани јавни набавки преку објавување на известување за првични информации. Овие известувања ги содржат информациите наведени во Дел Б, оддел I од Анекс V. Тие се објавуваат од страна на Канцеларијата за публикации на Европската унија или од договорните органи на нивните профили на купувачи во согласност со точка 2(б) од Анекс VIII. Кога известувањето за првичните информации е објавено од договорните органи на нивниот профил на купувач, тие го испраќаат на Канцеларијата за публикации на Европската унија известувањето за објавување на нивниот профил на купувач во согласност со Анекс VIII. Овие известувања треба да ги содржат информациите наведени во Анекс V дел А.

2. За ограничени и постапки за наддавање со преговарање, договорните органи кои се надвор од центарот можат да користат известување за првични информации како покана за учество во постапка за наддавање утврдена во член 26(5), под услов известувањето да ги исполнува сите подолу наведени услови:

(а) да се однесува токму на добрата, работите или услугите кои ќе бидат предмет на договорот што ќе се додели;

(б) да посочува дека договорот ќе биде доделен преку ограничен повик или постапка за наддавање со преговарање без понатамошно објавување на покана за учество во постапка за наддавање и да поканува заинтересирани економски оператори да го изразат својот интерес;

(в) да ги содржи, во прилог на информациите наведени во Дел Б, оддел I од Анекс V, информациите наведени во Дел Б, оддел II од Анекс V;

(г) да е испратено за објавување помеѓу 35 дена и 12 месеци пред датумот на испраќање на поканата наведен во член 54(1).

Вакви известувања не се објавуваат на профилот на купувачот. Сепак, дополнителното објавување на национално ниво според член 52, ако има, може да се врши на профилот на купувач.

Периодот опфатен со известувањето за првичните информации, продолжува најмногу 12 месеци од датумот на испраќање на известувањето за објавување. Сепак, во случај на јавни набавки за социјални и други специфични услуги, известувањето за првичните информации, наведено во точка (б) од член 75(1), може да опфаќа период подолг од 12 месеци.

Член 49

Известувања за договори

Известувањата за договори се користат како покана за учество во постапки за наддавање во однос на сите постапки, без да е во спротивност со вториот потстав од член 26(5) и член 32. Известувањата за договори треба да ги содржи информациите утврдени во Анекс V, дел В и се објавуваат во согласност со член 51.

Член 50

Известувања за доделување договори

1. Не подоцна од 30 дена по склучувањето на договор или рамковна спогодба, по одлуката за доделување или склучување, договорните органи испраќаат известување за доделување договор за резултатите од постапката за набвака.

Ова известување треба да ги содржи информациите утврдени во Анекс V, дел Г и се објавува во согласност со член 51.

2. Кога поканата за учество во постапка за наддавање за соодветниот договор е направена во форма на известување за првичните информации и договорниот орган одлучил да не додели други договори за време на периодот опфатен со известувањето за првичните информации, тоа се наведува во известувањето за доделен договор.

Во случај на рамковни спогодби склучени во согласност со член 33, договорните органи не се обврзани да испратат известување за резултатите од постапката за набавка за секој договор заснован на таква спогодба. Земјите-членки можат да предвидат договорните органи да ги групираат на квартална основа известувањата за резултати од постапката за набавка за договори засновани на рамковна спогодба. Во тој случај

договорните страни испраќаат групирани известувања во рок од 30 дена по истекот на секој квартал.

3. Договорните органи испраќаат известување за доделување на договори во рок од 30 дена од доделување на секој договор кој е врз основа на систем за динамично купување. Тие сепак можат да ги групираат овие известувања на квартална основа. Во тој случај, тие испраќаат групирани известувања во рок од 30 дена по истекот на секој квартал.

4. Одредени информации за доделување на договор или склучување на рамковна спогодба може да не бидат објавени кога нивното откривање би попречило спроведување на законот или би било во спротивност со јавниот интерес поради други причини, би му наштетиле на легитимните комерцијални интереси на одреден јавен или приватен економски оператор или би ја загрозила лојалната конкуренција меѓу економските оператори.

Член 51

Форма и начин на објавување на известувањата

1. Известувањата наведени во членови 48, 49 и 50 треба да ги содржат информациите утврдени во Анекс V, во форма на стандардни обрасци, вклучувајќи стандардни форми за коригендуми.

Комисијата ги утврдува тие стандардни обрасци преку акти за спроведување. Овие акти за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во член 89(2).

2. Известувањата наведени во членови 48, 49 и 50 се подготвуваат, преку електронски средства се пренесуваат на Канцеларијата за публикации на Европската унија и се објавуваат во согласност со Анекс VIII. Известувањата се објавуваат не подоцна од пет дена по нивното испраќање. Трошоците за објавување на известувањата од страна на Канцеларијата за публикации на Европската унија се на товар на Унијата.

3. Известувањата наведени во членови 48, 49 и 50 се објавуваат во целост на службениот(-те) јазик(-ци) на институциите на Унијата, избрани од договорниот орган. Таа јазична верзија или тие јазични верзии го/ги претставува(-ат) единствениот автентичен текст(-ови). Резиме на важните елементи од секое известување се објавува на другите службени јазици на институциите на Унијата.

4. Канцеларијата за публикации на Европската унија гарантира дека целиот текст и резиме на известувањата за првичните информации според член 48(2) и поканите за учество во постапки за наддавање, воведуваат систем за динамично купување, како што е наведено во точка (а) од член 34(4) продолжуваат да се објавуваат:

(а) во случај на известувања за првични информации, за 12 месеци или до добивање на известување за доделување договор како што е предвидено во член 50, во кое се наведува дека во текот на 12 месечниот период опфатен со поканата за учество во постапката за наддавање, нема да се доделуваат други договори. Сепак, во случај на јавни договори за социјални и други специфични услуги известувањето за првичните информации, наведено во точка (б) од член 75(1), ќе продолжи да се објавува до крајот на првично наведениот рок на важност или до приемот на известување за доделување договор како што е предвидено во член 50, во кое се наведува дека за време на периодот опфатен со поканата за учество во постапки за наддавање, нема да се доделуваат други

договори;

(б) во случај на покани за учество во постапки за наддавање, воведување систем за динамично купување, за периодот на важност на системот за динамично купување.

5. Договорните органи треба да се во можност да докажат на кои датуми биле испратени известувањата.

Канцеларијата за публикации на Европската унија на договорниот орган им испраќа потврда за прием на известувањето и за објавувањето на испратените информации, наведувајќи го датумот на тоа објавување. Таквата потврда претставува доказ за објавувањето.

6. Договорните органи можат да објавуваат известувања за јавни договори, за кои не важи условот за објавување утврден во оваа директива, под услов таквите известувања да се испратени до Канцеларијата за публикации на Европската унија по електронски пат во согласност со форматот и постапката за пренос, наведени во Анекс VIII.

Член 52

Објавување на национално ниво

1. Известувањата наведени во членови 48, 49 и 50 и информациите кои се наоѓаат во нив не се објавуваат на национално ниво пред објавувањето на член 51. Сепак, објавувањето може да се изврши на национално ниво, кога договорните органи не биле известени за објавувањето во рок од 48 часа по потврдувањето на приемот на известувањето во согласност со член 51.

2. Известувањата објавени на национално ниво не може да содржат информации освен информациите кои се содржат во известувањата испратени до Канцеларијата за публикации на Европската унија или оние објавени на профилот на купувачот, но во нив се наведува датумот на испраќање на известувањето до Канцеларијата за публикации на Европската унија или објавувањето на профилот на купувачот.

3. Известувањата за првични информации не се објавуваат на профилот на купувачот пред да биде испратено известување за нивно објавување во таа форма до Канцеларијата за публикации на Европската унија. Во нив се наведува датумот на испраќање.

Член 53

Пристап до документацијата за набавки по електронски пат

1. Договорните органи нудат неограничен и целосен бесплатен директен пристап по електронски пат до документацијата за набавката од денот на објавување на известувањето во согласност со член 51 или датумот на испраќање на повикот за потврдување на интерес. Во текстот на известувањето или поканите за потврдување на интерес се наведува интернет адресата на која е достапна документацијата за набавки.

Кога за една од причините наведени во вториот потстав од член 22(1), не може да се обезбеди неограничен и целосен бесплатен директен пристап по електронски пат до одредена документација за соодветната набавка, договорните органи можат да наведат во известувањето или поканата за потврдување на интерес дека соодветната документација за набавката ќе биде испратена на друг начин, а не по електронски пат, во согласност со став 2 од овој член. Во таков случај рокот за доставување понуди е

продолжен за пет дена, освен во оправдани итни околности согласно наведеното во член 27(3), член 28(6) и четвртиот потстав од член 29(1).

Кога не може да се обезбеди неограничен и целосен бесплатен директен пристап по електронски пат до одредена документација за набавка, бидејќи договорните органи планираат да го применуваат член 21(2) од оваа директива, тие наведуваат во известувањето или поканата за потврдување на интерес какви мерки насочени кон заштита на доверливоста на информациите, е неопходно да се преземат и како може да се добие пристап до соодветната документација. Во таков случај рокот за доставување понуди е продолжен за пет дена, освен во оправдани итни околности согласно наведеното во член 27(3), член 28(6) и четвртиот потстав од член 29(1).

2. Доколку тоа е побарано навреме, договорните органи на сите понудувачи кои учествуваат во постапката за набавка им обезбедуваат дополнителни информации кои се однесуваат на инструкции и дополнителна документација, не подоцна од шест дена пред утврдениот рок за прием на понудите. Во случај на забрзана постапка како што е наведено во член 27(3) и член 28(6), овој период е четири дена.

Член 54

Покани за кандидати

1. Во ограничени постапки, со конкурентен дијалог, партнерствата за иновации и постапки за наддавање со преговарање, договорните органи повикуваат истовремено и во писмена форма избраните кандидати да ги достават своите понуди или, во случај на конкурентен дијалог, да земат учество во дијалогот.

Кога известување за првичните информации се користи како покана за учество во наддавање согласно член 48(2), договорните органи ги повикуваат истовремено и во писмена форма економските оператори кои изразиле интерес да го потврдат својот интерес.

2. Во поканите од став 1 од овој член се наведува електронската адреса, на која е доставен директен пристап по електронски пат до документацијата за набавката. Поканите се придружени со документација за набавката, кога до оваа документација не е обезбеден неограничен и целосен, бесплатен, директен пристап заради причините наведени во вториот или третиот потстав од член 53(1) и не биле веќе обезбедени на друг начин. Покрај тоа, поканите наведени во став 1 од овој член ги содржат информациите утврдени во Анекс IX.

Член 55

Информирање на кандидатите и понудувачите

1. Договорните органи треба што е можно побрзо да го информираат секој кандидат и понудувач за одлуките донесени во врска со склучувањето на рамковна спогодба, доделувањето на договор или прием во систем за динамично купување, вклучувајќи и за причините за секоја одлука да не се склучи рамковна спогодба, да не се додели договор за кој имало покана за учество во наддавање, да се почне повторно постапка или да не се воведува систем за динамично купување.

2. На барање на соодветниот кандидат или понудувач, договорниот орган треба што е можно побрзо и во сите случаи не подоцна од 15 дена по приемот на писменото барање, да информира:

(а) за секој неуспешен кандидат за причините за одбивање на неговата пријава за учество,

(б) за секој неуспешен понудувач за причините за отфрлање на неговата понуда, вклучувајќи и во случаите наведени во член 42(5) и (6), причините за неговата одлука да не ја смета понудата за еквивалентна или неговата одлука дека работите, добрата или услугите не ги исполнуваат барањата за извршување или функционалните барања,

(в) за секој понудувач кој поднел прифатлива понуда, за карактеристиките и релативните предности на избраната понуда, како и за името на успешниот понудувач или страните во рамковната спогодба,

(г) за секој понудувач кој поднел прифатлива понуда, за спроведувањето и текот на преговорите и дијалогот со понудувачите.

3. Договорните органи може да одлучат да одбијат пристап до одредени информации наведени во ставови 1 и 2, во однос на доделувањето договор, заклучокот од рамковните спогодби или прием во систем за динамично купување, кога објавувањето на тие информации би го попречило спроведувањето на законот или би било во спротивност со јавниот интерес, би им наштетило на законските трговски интереси на одреден јавен или приватен економски оператор, или би ја довело во прашање праведната конкуренција меѓу економските оператори.

Оддел 3

Избор на учесници и доделување договори

Член 56

Општи начела

1. Договорите се доделуваат врз основа на критериумите утврдени во согласност со членови 67 до 69, под услов договорниот орган да потврдил во согласност со членови 59 до 61, дека се исполнети сите услови наведени подолу:

(а) понудата одговара на барањата, условите и критериумите наведени во известувањето за договор или поканата за потврдување на интерес и во документацијата за набавка, земајќи го предвид, каде што е применливо, член 45;

(б) понудата е поднесена од понудувач кој не е исклучен во согласност со член 57 и кој ги задоволува критериумите за избор утврдени од договорниот орган во согласност со член 58 и каде што е применливо, недискриминирачките правила и критериуми од член 65.

Договорните органи можат да одлучат да не го доделуваат договорот на понудувачот кој поднел економски најповолна понуда, кога утврдиле дека понудата не одговара на важечките обврски наведени во член 18(2).

2. Во отворени постапки, договорните органи можат да одлучат да ги разгледаат понудите, пред да се потврди недостатокот на основи за исклучување и исполнувањето на критериумите за избор во согласност со членови 57 до 64. Кога ја користите оваа можност, тие гарантираат дека проверката за недостаток на основи за исклучување и за исполнувањето на критериуми за избор се врши на непристрасен и транспарентен начин, така што ниту еден договор не се доделува на понудувач кој би требало да е исклучен согласно член 57 или кој не ги исполнува критериумите за избор, идентификувани од страна на договорниот орган.

Земјите-членки можат да го исклучат користењето на постапката од првиот потстав,

или да го ограничат, за одредени видови набавки или посебни околности.

3. Кога информациите или документација, која треба да биде доставена од економски оператори, или изгледа нецелосни или погрешна или кога недостигаат конкретни документи, договорните органи можат, освен ако националното право во согласност со оваа директива, не предвидува поинаку, да побараат соодветни економски оператори да достават, дополнат, појаснат или пополнат релевантни информации или документација во соодветен рок, под услов барањата за ова да се упатени во целосна согласност со принципите на еднаквост и транспарентност.

4. Комисијата е овластена да донесува делегирани акти во согласност со член 87 за измена на списокот во Анекс X, кога е потребно, за додавање на нови меѓународни договори ратификувани од сите земји-членки, или кога наведените постојни меѓународни договори веќе не се ратификувани од сите земји-членки или претрпеле други измени, на пример во однос на нивното поле на примена, содржина или назив.

Пододдел 1

Критериуми за квалитетен избор

Член 57

Основи за исклучување

1. Договорните органи го исклучуваат економскиот оператор од учество во постапка за доделување на набавка, кога утврдуваат преку проверка во согласност со членови 59, 60 и 61, или кога дознале на друг начин, дека овој економски оператор е осуден со конечна пресуда за една од следниве причини:

(а) учество во криминална организација како што е дефинирано во член 2 од Рамковната одлука 2008/841/ПВР на Советот ([1]);

(б) корупција, како што е дефинирано во член 3 од Конвенцијата за борба против корупцијата во која учествуваат службени лица на Европските заедници или службени лица на земјите-членки на Европската унија ([2]), и член 2(1) од Рамковната одлука 2003/568/ПВР на Советот ([3]), како и корупција како што е дефинирано во националното право на договорниот орган или договорниот субјект или на економскиот оператор;

(в) измама во рамки на значењето на член 1 од Конвенцијата за заштита на финансиските интереси на Европските заедници ([4]);

(г) терористички кривични дела или кривични дела поврзани со терористичките активности, како што е дефинирано во членови 1 и 3 од Рамковна одлука 2002/475/ПВР на Советот ([5]) соодветно, или предизвикување, помагање или соучество или обид за извршување на кривично дело, како што е наведено во член 4 од истата Рамковна одлука;

(д) перење пари или финансирање на тероризам, како што е дефинирано во

[1] Рамковна одлука 2008/841/ПВР на Советот од 24 октомври 2008 година за борба против организираниот криминал (Сл. весник L 300, 11.11.2008 година, стр. 42).
[2] Сл. весник C 195, 25.6.1997 година, стр. 1.
[3] Рамковна одлука 2003/568/ПВР на Советот од 22 јули 2003 година за борба против корупција во приватниот сектор (Сл. весник L 192, 31.7.2003 година, стр. 54).
[4] Сл. весник C 316, 27.11.1995 година, стр. 48.
[5] Рамковна одлука 2002/475/ПВР на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризмот (Сл. весник L 164, 22.6.2002 година, стр. 3).

член 1 од Директива 2005/60/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([1]);

(ѓ) детски труд и други форми на трговија со луѓе како што е дефинирано во член 2 од Директива 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот ([2]).

Обврската за исклучување на економскиот оператор се применува и кога лицето осудено со конечна пресуда е член на административниот, управниот или надзорниот орган на овој економски оператор или има овластувања да претставува, да донесува одлуки или да контролира во рамките на овие органи.

2 Економски оператор се исклучува од учество во постапка за набавка, кога договорниот орган знае дека овој економски оператор ги прекршил своите обврски во однос на плаќањето на даноци или социјални придонеси и тоа е утврдено со судска или административна одлука со конечен и обврзувачки карактер во согласност со правните норми на државата во која тој е основан, или со оние на земјата-членка на договорниот орган или договорниот субјект.

Покрај тоа, договорните органи можат, по сопствена иницијатива или на барање на земјите-членки, да исклучат од учество во постапка за доделување набавка економски оператор кога договорниот орган може да докаже со соодветни средства дека тој економски оператор ги прекршил своите обврски во однос на плаќањето на даноци или социјални придонеси.

Овој став престанува да се применува кога економскиот оператор ги исполнил своите обврски за плаќање или откако ќе склопи обврзувачка обврска за плаќање даноци или социјални придонеси, вклучувајќи, кога е применливо, сите настанати камати или казни.

3. Земјите-членки може да предвидат исклучок од задолжителното исклучување во ставовите 1 и 2, во исклучителни случаи, поради важни причини од јавен интерес, како што се јавното здравје или заштитата на животната средина.

Земјите-членки, исто така, можат да предвидат исклучок од задолжителното исклучување предвидено во став 2, кога исклучувањето би било очигледно непропорционално, особено кога не се платени само незначителни износи на даноци или социјални придонеси или кога економскиот оператор е известен за точниот износ како последица на прекршувањето на обврските во однос на плаќањето на даноци или социјални придонеси, во момент во кој не бил во можност да ги преземе мерките предвидени во третиот потстав од став 2, пред истекот на рокот за побарување на учество, или во отворени постапки, пред истекот на рокот за поднесување на пријавата.

4. Договорните органи можат, по сопствена иницијатива или по барање на земјите-членки, да исклучат од учество во набавка даден економски оператор кој се наоѓа во една од следниве ситуации:

(а) кога договорниот орган може да докаже, на каков и да е соодветен начин, дека се прекршени применливите обврски наведени во член 18(2);

(б) кога економскиот оператор е во стечај или е предмет на постапка за стечај или ликвидација, кога средствата му се управувани од ликвидатор или од судот

[1] Директива 2005/60/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 октомври 2005 година за спречување на користењето на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник L 309, 25.11.2005 година, стр. 15).

[2] Директива 2011/36/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштитата на жртвите од него и за замена на Рамковната одлука 2002/629/ПВР на Советот (Сл. весник L 101, 15.4.2011 година, стр. 1).

кога има договор со доверители, кога неговите деловни активности се одземени или се во слична ситуација која произлегува од слична постапка според националните закони и одредби;

(в) кога договорниот орган може да покаже на соодветен начин дека економскиот оператор е виновен за сериозна професионална злоупотреба на службена должност, што го доведува во прашање неговиот интегритет;

(г) кога договорниот орган има доволно убедливи докази дека економскиот оператор има склучено договори со други економски оператори насочени кон нарушување на конкуренцијата;

(д) кога конфликтот на интереси во рамки на значењето на член 24, не може да биде ефикасно решен со други помалку наметливи мерки;

(ѓ) кога прекршувањето на конкуренцијата поради претходното учество на економските оператори во подготовката на постапката за набавки, согласно наведеното во член 41, не може да биде поправено со други помалку наметливи мерки;

(е) кога економскиот оператор дозволил значителни или трајни недостатоци при исполнувањето на основните услови во претходен јавен договор, претходен договор со договорен субјект или претходен договор за концесија, да доведат до предвремено раскинување на овој претходен договор, исплата на надомест или други слични санкции;

(ж) кога економскиот оператор е виновен за сериозно погрешно наведување при обезбедување на информациите потребни за проверка на недостатокот на основи за исклучување или за исполнување на критериумите за избор, ако ги затаил таквите информации или не е во состојба да ги достави потребните документи како поддршка за тие информации согласно член 59; или

(з) кога економскиот оператор се обидел да изврши недозволено влијание врз процесот на донесување на одлуки од договорниот орган, да добие доверливи информации кои можат да му дадат неоправдана предност во постапката за набавка, или поради небрежност да обезбеди лажни информации кои може да имаат значајно влијание врз одлуките во однос на исклучувањето, изборот или доделувањето;

Независно од точка (б) од првиот потстав, земјите-членки можат да бараат или да предвидат можност договорниот орган да не го исклучува економскиот оператор, кој се наоѓа во една од ситуациите наведени во таа точка, кога договорниот орган утврдил дека соодветниот економски оператор ќе биде во состојба да го изврши договорот, земајќи ги предвид важечките национални правила и мерки за продолжување на деловните активности во ситуациите наведени во точка (б).

5. Договорните органи во кое било време на постапката можат да исклучат економски оператор, ако се покаже дека соодветниот економски оператор, поради свои дејства или пропусти пред или во текот на постапката, се наоѓа во една од ситуациите наведени во ставови 1 и 2.

Во секој момент од постапката, договорните органи можат, по сопствена иницијатива или на барање на земјите-членки, да исклучат економски оператор ако се покаже дека економскиот оператор, поради свои дејства или пропусти пред или во текот на постапката, се наоѓа во една од ситуациите наведени во став 4.

6. Секој економски оператор кој се наоѓа во една од ситуациите наведени во ставови 1 и 4, може да достави докази за тоа дека мерките кои ги презел економскиот оператор се доволни за докажување на неговата сигурност и покрај постоењето на соодветната основа за исклучување. Ако тие докази се сметаат како доволни, соодветниот економски оператор нема да биде исклучен од постапката за набавка.

За таа цел, економскиот оператор докажува дека платил или е во процес на исплата на надомест за сите штети настанати како резултат од кривичното дело или прекршокот, дека целосно ги разјаснил фактите и околностите во активна соработка со истражните органи и има дека преземено конкретни технички, организациски и кадровски мерки кои се соодветни за спречување на нови кривични дела или прекршоци.

Мерките кои ги преземаат економските оператори се оценуваат земајќи ги предвид сериозноста и посебните околности на кривичното дело или прекршокот. Кога мерките се смета дека не се доволни, соодветниот економски оператор добива изјава со причините за таа одлука.

Економски оператор кој бил исклучен со конечна пресуда за учество во постапки за набавки или концесии, нема право да ја користи можноста предвидена во овој став за време на траењето на исклучувањето, што произлегува од таа пресуда во земјата-членка во која е ефективна пресудата.

7. Земјите-членки ги утврдуваат условите за примена на овој член со закони, регулативи или административни одредби, почитувајќи го правото на Унијата. Тие, особено го утврдуваат максималниот период на исклучување во случај кога економскиот оператор не ги презел мерките наведени во став 6, за да ја докаже својата сигурност. Кога рокот на исклучување не е определен со конечна пресуда, тој не може да надмине пет години од датумот на осудувањето со конечна пресуда во случаите наведени во став 1 и три години од денот на односниот настан во случаите наведени во став 4.

Член 58

Критериуми за избор

1. Критериумите за избор може да се однесуваат на:

(а) соодветноста за извршување на професионалната активност;

(б) економската и финансиска состојба;

(в) техничките и професионални способности.

Договорните органи можат да им ги наметнат критериумите на економските оператори наведени во ставови 2, 3 и 4 само како барања за учество. Тие ги ограничуваат условите само на оние кои се соодветни за да се осигурат дека кандидатот или понудувачот има како правни и финансиски можности, така и технички и професионални способности да ги исполни договорите. Сите барања треба да се пропорционални на предметот на договорот и да се поврзани со него.

2. Во однос на погодноста за вршење на професионалната активност, договорните органи можат да бараат од економските оператори да бидат внесени во еден од професионалните или трговски регистри во нивната земја-членка на регистрирано седиште, како што е опишано во Анекс XI, или да го исполнат секое друго барање, наведено во тој анекс.

Во постапките за доделување набавка за услуги, кога економските оператори треба да

имаат конкретно овластување или да бидат членови на одредена организација за да можат да вршат соодветната услуга во својата земја на потекло, договорниот орган може да побара од нив да докажат дека имаат такво овластување или членство.

3. Во однос на економската и финансиска состојба, договорните органи можат да воведуваат барања со кои ќе се осигурат дека економските оператори го поседуваат потребниот економски и финансиски капацитет за извршување на договорот. За таа цел, договорните органи можат да бараат, особено економските оператори да имаат одреден минимален годишен обрт, вклучувајќи одреден минимален обрт во областа опфатена со договорот. Покрај тоа, договорните органи можат да побараат економските оператори да обезбедат информации за годишните извештаи кои го покажуваат на пример односот меѓу активата и пасивата. Тие исто така можат да бараат соодветно ниво на осигурување за ризикот „професионална одговорност“.

Бараат од економските оператори минимален годишен обрт кој не може да надмине најмногу двапати проценета вредност на договорот, освен во оправдани случаи кои се однесуваат на пример до конкретните ризици поврзани со природата на работите, услугите или добрата. Договорниот орган ги наведува главните причини за ова барање во документацијата за набавка или во индивидуалниот извештај од член 84.

Така на пример, односот меѓу активата и пасивата може да се земе предвид кога договорниот орган ги прецизира методите и критериумите за тоа во документацијата за набавката. Овие методи и критериуми треба да бидат транспарентни, објективни и недискриминирачки.

Кога договорот е поделена на делови, овој член се однесува на секој дел. Договорниот орган може да одредува минимален годишен обрт кој е потребен за економските оператори, во однос на групи од делови, во случај на успешниот понудувач да му се доделат неколку делови за истовремено извршување.

Кога договори се доделуваат врз основа на рамковна спогодба по обновување на постапка за наддавање, максималниот услов за годишен обрт во вториот потстав од овој став се пресметува врз основа на очекуваниот максимален износ на конкретните договори кои ќе се спроведуваат истовремено, или кога тој не е познат, врз основа на проценетата вредност на рамковната спогодба. При системи за динамично купување максималниот годишен обрт наведен во вториот потстав се пресметува врз основа на очекуваниот максимален износ на конкретните договори доделени според тој систем.

4. Во однос на техничките и професионални способности, договорните органи можат да наметнат барања со кои ќе се осигура дека економските оператори ги поседуваат потребните човечки и технички ресурси и искуство за извршување на договорот според соодветен стандард за квалитет.

Договорните органи можат особено да бараат економските оператори да поседуваат доволно искуство, прикажано преку соодветни препораки за извршени договори во минатото. Договорниот орган може да прифати дека економскиот оператор не ги поседува потребните професионални способности кога утврдил дека економскиот оператор има конфликт на интереси, кој може да влијае негативно на извршувањето на договорот.

Во постапките за доделување набавки за добра за кои се бара истражување на терен или инсталација, услуги или работи, професионалната способност на економските оператори да ја обезбедат услугата или да ја извршат инсталацијата или работата можат да бидат оценети во однос на нивните вештини, ефикасност, искуство и сигурност.

5. Договорните органи ги наведуваат потребните услови за учество, кои можат да бидат изразени како минимални барања за способност, заедно со соодветните докази во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес.

Член 59

Единствен европски документ за набавка

1. При доставување на барања за учество или понуди, договорните органи го прифаќаат единствениот европски документ за набавка (ЕЕДН), кој се состои од ажурирани лични изјави како прелиминарни докази наместо сертификати издадени од јавни тела или трети лица, со кои се потврдува дека соодветниот економски оператор одговара на кој и да е од следниве услови:

(а) не се наоѓа во една од ситуациите од член 57, во кои економските оператори е задолжително или можно да бидат исклучени;

(б) ги исполнува релевантните критериуми за избор утврдени во согласност со член 58;

(в) кога е применливо, ги исполнува објективните правила и критериуми утврдени во согласност со член 65.

Кога економскиот оператор ги користи капацитетите на други субјекти во согласност со член 63, ЕЕДН исто така ги содржи информациите наведени во првиот потстав од овој став во однос на овие субјекти.

Во ЕЕДН се содржи официјална изјава на економскиот оператор дека соодветната основа за исклучување не се применува и/или дека соодветниот критериум за избор е исполнет, и се обезбедуваат релевантни информации што се бараат од договорниот орган. Во ЕЕДН се наведува јавниот орган или третото лице, одговорно за подготовка на придружните документи и содржи официјална изјава дека по барање, економскиот оператор ќе може веднаш да ги достави овие придружни документи.

Кога договорниот орган може да ги добие придружните документи преку директен пристап до база на податоци согласно став 5, ЕЕДН исто така ги содржи информациите потребни за таа цел, како интернет адреса на базата на податоци, сите податоци за идентификација и, каде што е применливо, потребната изјава за согласност.

Економските оператори можат повторно да користат ЕЕДН, кој веќе бил употребен при претходни постапки за набавки, под услов да се потврди дека информациите кои ги содржи се точни.

2. ЕЕДН се подготвува врз основа на стандарден образец. Комисијата го утврдува стандардниот образец преку акти за спроведување. Овие акти за спроведување се донесуваат во согласност со постапката за проверка наведена во член 89(3).

ЕЕДН се обезбедува само во електронска форма.

3. По исклучок од член 92, Комисијата прави преглед на спроведувањето на ЕЕДН, земајќи го предвид техничкиот развој на базите на податоци во земјите-членки, и извештај во врска со тоа пред Европскиот парламент и Советот до 18 април 2017 година.

Кога е соодветно, Комисијата дава предлози за решенија со цел подобрување на прекуграничниот пристап до овие бази на податоци и употреба на сертификати и уверенија на внатрешниот пазар.

4. Договорниот орган може да побара од понудувачите и кандидатите во секој

момент од постапката да ги достават сите или дел од придружните документи, кога тоа е неопходно за обезбедување на правилното спроведување на постапката.

Пред да го додели договорот, договорниот орган бара од понудувачот, на кого решил да го додели, освен во случај на договори врз основа на рамковни спогодби, кога договорите се склучени во согласност со член 33(3) или точка (а) од член 33(4), да ги достави ажурираните придружни документи во согласност со член 60 и каде што е соодветно, член 62. Договорниот орган може да ги покани економските оператори да ги дополнат или појаснат сертификатите добиени согласно членови 60 и 62.

5. По исклучок од став 4, од економските оператори не се бара да достават придружни документи или други документарни докази, кога и колку договорниот орган има можност да добие сертификатите или релевантни информации преку директен и бесплатен пристап до национална база на податоци во секоја земја-членка, како национален регистар на набавки, виртуелни досиеја на претпријатија, електронски систем за чување на документи или систем за предквалификација.

Независно од став 4 не може да се бара од економските оператори да ги достават придружните документи кога договорниот орган, кој го доделил договорот или ја склучил рамковната спогодба, веќе ги поседува овие документи.

За целите на првиот потстав, земјите-членки гарантираат дека базите на податоци кои содржат релевантни информации за економските оператори и за кои може да се консултираат со нивните договорни органи, може да се консултираат под истите услови како и со договорните органи на други земји-членки.

6. Земјите-членки обезбедуваат во e-Certis ажурирана и комплетна листа на бази на податоци кои содржат релевантни информации за економските оператори, во кои можат да се консултираат договорните органи од други земји-членки. На барање, земјите-членки им ја обезбедуваат на други земји-членки секоја релевантна информација до базите на податоци наведени во овој член.

Член 60

Докази

1. Договорните органи можат да бараат сертификатите, изјавите и другите докази наведени во ставови 2, 3 и 4 од овој член и во Анекс XII, како доказ за недостатокот на основи за исклучување на член 57 и за исполнување на критериумите за избор во согласност со член 58.

Договорните органи не бараат други докази, освен оние наведени во овој член и во член 62. Во однос на член 63, економските оператори можат да ги користат сите соодветни средства, за да му докажат на договорниот орган дека ќе ги имаат потребните ресурси на располагање.

2. Договорните органи го прифаќаат следново како доволен доказ за тоа дека ниту еден од случаите наведени во член 57 не се однесува на економскиот оператор:

(а) во однос на став 1 од тој член, извод од соодветниот регистар, како судски регистар, или ако тоа е невозможно, еквивалентен документ издаден од надлежен судски или административен орган во земја-членка или земја на потекло или земјата каде е воспоставен економскиот оператор и кој покажува дека овие барања се исполнети;

(б) во однос на став 2 и точка (б) од став 4 од наведениот член, сертификат издаден од надлежниот орган во соодветната земја-членка или друга земја.

Кога соодветна земја-членка или земја не издава такви документи или сертификати или кога тие не ги опфаќаат сите случаи наведени во ставови 1 и 2 и точка (б) од став 4 од член 57, тие можат да се заменат со заверена изјава, или во земјите-членки или во земјите во кои не постојат одредби за заверена изјава, со изјава дадена од лицето пред надлежен судски или административен орган, нотар или надлежно професионално или трговско тело, во земјата-членка или земјата на потекло или во земјата-членка или земјата каде е воспоставен економскиот оператор.

Каде што е соодветно, земјата-членка обезбедува официјална изјава во која се наведува дека документите или сертификатите наведени во овој став не се издаваат или дека не ги опфаќаат сите случаи наведени во ставови 1 и 2 и точка (б) од став 4 од член 57. Овие официјални изјави треба да се на располагање преку онлајн архивата за сертификати (e-Certis), наведено во член 61.

3. Економската и финансиската состојба на економскиот оператор како по правило може да биде претставена преку еден или повеќе од следниве документи наведени во Дел I од Анекс XII.

Кога од која било оправдана причина, економскиот оператор не е во можност да ги обезбеди препораките побарани од договорниот орган, тој може да ја докаже својата економска и финансиска состојба, со помош на кој било друг документ за кој договорниот орган го смета за соодветен.

4. Доказот за техничките способности на економските оператори може да биде претставен на еден или неколку од начините наведени во Дел II од Анекс XII, според природата, количината или значењето и употребата на работите, добрата или услугите.

5. На барање, земјите-членки им ја обезбедуваат на други земји-членки секоја информација поврзана со причините за исклучување наведени во член 57, соодветноста за вршење на професионалната дејност и финансискиот и технички капацитет на понудувачите наведени во член 58, како и секоја информација поврзана со доказите наведени во овој член.

Член 61

Онлајн архива за сертификати (e-Certis)

1. За олеснување на прекуграничното наддавање, земјите-членки обезбедуваат постојано ажурирање на информациите во однос на сертификати и други форми на документарни докази, на онлајн архивата за сертификати (e-Certis) формирана од Комисијата.

2. Договорните органи го користат e-Certis и бараат претежно такви видови сертификати или форми на документирани докази кои се опфатени со e-Certis.

3. Комисијата ги обезбедува во e-Certis верзиите на сите јазици на ЕЕДН.

Член 62

Стандарди за обезбедување на квалитет и стандарди за управување со животна средина

1. Кога договорните органи бараат сертификати издадени од независни органи и докажување дека економскиот оператор исполнува одредени стандарди за гаранција на квалитет, вклучувајќи ги и оние за пристапност за лицата со посебни потреби, тие се повикуваат на системите за обезбедување на квалитет, засновани на соодветните серии европски стандарди, сертифицирани од акредитирани тела. Тие признаваат

еквивалентни сертификати издадени од телата основани во други земји-членки. Договорните органи прифаќаат и други докази за еквивалентни мерки за обезбедување на квалитет, кога соодветниот економски оператор немал можност да добие такви сертификати во соодветните рокови надвор од неговите причини, под услов економскиот оператор да докаже дека предложените мерки за обезбедување на квалитет ги задоволуваат потребните стандарди за обезбедување на квалитет.

2. Кога договорните органи бараат сертификати издадени од независни тела и докажување дека економскиот оператор исполнува одредени системи или стандарди за управување со животната средина, тие се повикуваат на Шемата за управување со животна средина и ревизија (ЕМАС) на Унијата или на други системи за управување со животната средина, признати во согласност со член 45 од Регулатива (ЕЗ) бр. 1221/2009 или други стандарди за управување со животната средина засновани на релевантните европски или меѓународни стандарди на акредитирани тела. Тие признаваат еквивалентни сертификати издадени од телата основани во други земји-членки.

Договорниот орган прифаќа и други докази за мерки за управување со животната средина, кога економскиот оператор очигледно немал пристап до такви сертификати или немал можност да ги добие во соодветните рокови од причини кои не се поврзани со него, под услов економскиот оператор да докаже дека овие мерки се еквивалентни на потребните според применливиот систем или стандард за еколошко управување.

3. На барање, земјите-членки им обезбедуваат на други земји-членки, во согласност со член 86, какви било информации кои се однесуваат на документите презентирани како доказ за согласност со стандардите за квалитет и еколошките стандарди наведени во ставови 1 и 2.

Член 63

Користење на капацитетите на други субјекти

1. Во однос на критериумите поврзани со економската и финансиска состојба, утврдени согласно член 58(3) и критериумите поврзани со техничките и професионални способности утврдени согласно член 58(4), економски оператор, кога е соодветно и за одреден договор, може да користи го капацитетот на други субјекти, без оглед на правната природа на неговиот однос со нив. Во однос на критериумите поврзани со образованието и професионалните квалификации утврдени во точка (ѓ) од Анекс XII Дел II, или со релевантно работно искуство, економските оператори можат сепак да се потпрат на капацитетот на други субјекти само кога другите субјекти би ги извршувале работите или услугите за кои е потребен овој капацитет. Кога економски оператор сака да ги користи капацитетите на други субјекти, тој мора да му докаже на договорниот орган дека ќе располага со потребните ресурси, на пример со доставување на обврска на тие субјекти за таа цел.

Договорниот орган проверува во согласност со членови 59, 60 и 61 дали другите субјекти, на чиј капацитет економскиот оператор има намера да се потпре ги исполнуваат релевантните критериуми за избор и дали има основи за исклучување согласно член 57. Договорниот орган бара од економскиот оператор да го замени субјект, кој не одговара на соодветниот критериум за избор или во однос на кој има задолжителни основи за исклучување. Договорниот орган може, по сопствена иницијатива или на барање на земја-членка, да побара од економскиот оператор да го замени субјектот во однос на кој има незадолжителни основи за исклучување.

Кога економскиот оператор се потпира на капацитетот на други субјекти во однос на

критериумите поврзани со економската и финансиска состојба, договорниот орган може да бара економскиот оператор и тие субјекти да имаат заедничка одговорност за извршувањето на договорот.

Под истите услови, група економски оператори како што е наведено во член 19(2) може да ги користи капацитетите на учесниците во групата или на други субјекти.

2. Во договори за работи, договори за услуги и операции поврзани со истражување на терен или инсталирање во контекст на договор за добра, договорните органи можат да бараат одредени критични задачи да бидат извршени директно од самиот понудувач или кога понудата е доставена од група на економски оператори во член 19(2), од учесник во оваа група.

Член 64

Официјални листи на одобрени економски оператори и сертификација од тела, основани во согласност со јавното или приватно право

1. Земјите-членки можат да формираат или одржуваат официјални листи на одобрени изведувачи, добавувачи на стоки или услуги или да обезбедат сертификација од тела за сертификација во согласност со европските стандарди за сертификација во рамки на значењето од Анекс VII.

Тие ја известуваат Комисијата и другите земји-членки за адресата на телото за сертификација или телото одговорно за официјалните листи, на кој се испраќаат барањата.

2. Земјите-членки ги усогласуваат условите за регистрација на официјалните листи наведени во став 1 и за издавање на сертификати од тела за сертификација со одредбите на овој пододдел.

Земјите-членки исто така се прилагодуваат на овие услови од член 63 во однос на барања за регистрација доставени од економски оператори кои се дел од група и ги користат ресурсите кои им се достапни од другите компании во групата. Во такви случаи, овие оператори докажуваат пред органот кој ја подготвува официјалната листа дека ќе располагаат со ресурси во текот на целиот период на важност на сертификатот, потврдувајќи го нивното регистрирање во официјалната листа и дека во истиот период наведените компании ќе продолжат да ги исполнуваат условите за квалитативен избор, вклучени во официјалната листа или сертификатот, на кои економските оператори се потпираат за нивната регистрација.

3. Економските оператори регистрирани во официјалните листи или кои имаат сертификат можат за секој договор да му достават на договорниот орган сертификат за регистрација издаден од надлежен орган, или сертификатот издаден од надлежниот орган за сертификација.

Во овие сертификати се посочуваат препораките кои им дале можност на економските оператори да бидат регистрирани во официјалната листа или да бидат сертифицирани, како и класификацијата дадена на таа листа.

4. Сертифицираната регистрација во официјалните листи од надлежните тела или сертификатот издаден од телото, создаваат претпоставка за сообразност со барањата за квалитативен избор утврдени од официјалната листа или сертификатот.

5. Информациите кои може да бидат извлечени од регистрација во официјални листи или сертификацијата, не може да бидат оспорувани без оправдување. Во однос на доделувањето на договорот, од секој регистриран економски оператор може да се

бара дополнителен сертификат, за плаќањето на социјални придонеси и даноци.

Договорните органи на другите земји-членки го применуваат став 3 и првиот потстав од овој став само во корист на економските оператори основани во земјата-членка која ја поддржува официјалната листа.

6. Барањата за докажување на критериумите за квалитативен избор вклучени во официјалната листа или сертификат треба да одговараат на одредбите од член 60 и каде што е соодветно, член 62. За секоја регистрација на економските оператори од други земји-членки во официјална листа или за нивна сертификација не се бараат дополнителни докази или изјави, различни од бараните од националните економски оператори.

Економските оператори можат да побараат во секој момент да бидат регистрирани во официјална листа или да им се издаде сертификат. Тие се информирани во разумен краток период за одлуката на органот кој ја подготвува официјалната листа или надлежното тело за сертификација.

7. Економските оператори од други земји-членки не се обврзани да поминат низ процесот на регистрација или сертификација за да учествуваат во јавен договор. Договорните органи ги признаваат еквивалентните сертификати издадени од телата основани во други земји-членки. Тие исто така, прифаќаат други еквивалентни докази.

8. На барање, земјите-членки им ги обезбедуваат на други земји-членки сите информации кои се однесуваат на документите презентирани како доказ дека економските оператори ги исполнуваат условите за регистрирање на официјалната листа на одобрени економски оператори, или како доказ дека економските оператори од друга земја-членка поседуваат еквивалентен сертификат.

Пододдел 2

Намалување на бројот на кандидати, понуди и решенија

Член 65

Намалување на бројот на инаку квалификувани кандидати кои ќе бидат поканети за учество

1. При ограничени постапки, постапки за наддавање со преговарање, постапката на конкурентен дијалог и партнерства за иновации, договорните органи можат да го ограничат бројот на кандидати кои ги исполнуваат критериумите за избор, кои ќе ги поканат за поднесување на понуди или за спроведување на дијалог, под услов да постои минималниот број квалификувани кандидати според став 2.

2. Во известувањето за договор или во поканата за потврдување на интерес, договорните органи ги посочуваат објективните и недискриминирачки критериуми или правила кои имаат намера да ги применуваат, минималниот број кандидати кои планираат да ги поканат и, каде што е соодветно, максималниот број кандидати.

Кај ограничената постапка минималниот број на кандидати е пет. При постапка за наддавање со преговарање, постапка на конкурентен дијалог и партнерство за иновации минималниот број кандидати е тројца. Во секој случај, бројот на поканетите кандидати за учество треба да е доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција.

Договорните органи го поканууваат најмалку минималниот број кандидати. Меѓутоа, кога бројот на кандидати кои ги исполнуваат критериумите за избор и минималните барања за подобност наведени во член 58(5), е под минималниот број, договорниот

орган може да ја продолжи постапката за да ги покани кандидатите кои ги поседуваат бараните капацитети. Во контекст на истата постапка, договорниот орган не вклучува други економски оператори кои не побарале да учествуваат или кандидати кои не ги поседуваат бараните капацитети.

Член 66

Намалување на бројот на понуди и решенија

Кога договорните органи ја користат можноста за намалување на бројот на понуди кои се предмет на преговарање согласно член 29(6), или на одлуките кои треба да бидат разгледани во согласност со член 30(4), тие го прават тоа применувајќи ги критериумите за доделување утврдени во документацијата за набавка. Во завршната фаза, добиениот број треба да обезбеди вистинска конкуренција, доколку има доволно понуди, решенија или квалификувани кандидати.

Пододдел 3

Доделување на договори

Член 67

Критериуми за доделување договори

1. Без да е во спротивност со националните закони, регулативи или административни одредби за цената на одредени добра или надоместувањето за одредени услуги, договорните органи ги доделуваат јавните договори врз основа на критериумот за економски најповолна понуда.

2. Економски најповолната понуда од гледна точка на договорниот орган се утврдува врз основа на цената или трошоците, користејќи пристап на цена-ефикасност, на пример трошоците за целиот животен циклус во согласност со член 68, и може да вклучува критериуми за најдобар сооднос квалитет/цена, што се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитетни, еколошки и/или социјални аспекти поврзани со предметот на соодветната јавна набавка. Овие критериуми може да вклучуваат, на пример:

(а) квалитет, вклучувајќи технички параметри, естетски и функционални карактеристики, достапност, намена за сите корисници, социјални, еколошки и иновативни карактеристики и трговија и нејзините услови;

(б) организација, квалификации и искуство на персоналот, кој има задача извршување на договорот, кога квалитетот на назначениот персонал може да има значително влијание врз нивото на реализација на договорот; или

(в) по продажба и техничка помош, услови за испорака како датум на испорака, процес и рок на испорака или период за завршување.

Елементот цена, исто така може да биде во форма на фиксна цена или трошоци, врз основа на што економските оператори ќе се натпреваруваат само во однос на критериумите за квалитет.

Земјите-членки можат да предвидат дека договорните органи не можат да го користат само критериумот „цена“ или само критериумот „трошок“ како единствен критериум за доделување или ограничување на нивната употреба на одредени категории договорни органи или одредени видови договори.

3. Се претпоставува дека критериумите за доделување се поврзани со предметот на јавниот договор, кога се однесуваат на работите, добрата или услугите кои треба да

бидат обезбедени во рамки на овој договор во сите погледи и во секоја фаза од нивниот животен циклус, вклучувајќи и факторите поврзани со:

(а) специфичниот процес на производство, обезбедување или трговија на овие работи, добра или услуги; или

(б) специфичен процес, поврзан со друга фаза од животниот циклус, дури и кога овие фактори не се дел од основните карактеристики.

4. Критериумите за доделување не смеат да водат до давање неограничена слобода на избор на договорниот орган. Тие треба да гарантираат дека е можна вистинска конкуренција и да се придружени со спецификации кои овозможуваат ефикасна проверка на информациите презентирани од понудувачите со цел да се процени колку понудите одговараат на критериумите за доделување. При сомневање, договорните органи ефикасно ја проверуваат точноста на информациите и доказите обезбедени од понудувачите.

5. Договорниот орган ја наведува во документацијата за набавка, релативната тежина која ја дава секој од критериумите избрани за утврдување на економски најповолната понуда, освен кога тоа е определено само врз основа на цената.

Овие коефициенти може да се изразат обезбедувајќи опсег со соодветна максимална разлика.

Кога мерењето не е можно од објективни причини, договорниот орган ги степенува критериумите по значење почнувајќи од најмалку важното.

Член 68

Проценка на трошоци за цел животен циклус

1. Проценката на трошоците за целиот животен циклус вклучува во потребна мера дел или сите од долунаведените трошоци во рамки на целиот животен циклус на производот, услуга или работа:

(а) трошоци кои се на товар на договорниот орган или други корисници, како што се:

(i) трошоци за стекнување,

(ii) трошоци за користење, како потрошувачка на енергија и други ресурси,

(iii) трошоци за одржување,

(iv) трошоци на крајот на работниот период, како трошоци за собирање и рециклирање.

(б) трошоци, поради надворешни еколошки фактори кои се поврзани со производот, услугата или работата во текот на целиот негов животен циклус, под услов неговата монетарна вредност да биде одредена и проверена; таквите трошоци може да вклучуваат трошоците поврзани со емисиите на стаклени гасови и други штетни гасови, како и други трошоци поврзани со ублажување на последиците од климатските промени.

2. Кога договорните органи ги оценуваат трошоците преку пристапот на проценката на трошоци за целиот животен циклус, тие ги наведуваат во документацијата за набавка податоците кои треба да бидат доставени од понудувачите и методот кој ќе се користи за одредување на трошоците за целиот животен циклус врз

основа на овие податоци.

Употребениот метод за проценка на трошоци, поради надворешни еколошки фактори, треба да ги исполнува сите подолу наведени услови:

(а) се заснова на објективна проверка и недискриминирачки критериуми. Особено кога не е утврден за редовна или продолжена примена, не треба да се дава неоправдана предност или да се стават во неповолна положба одредени економски оператори;

(б) достапен е за сите заинтересирани лица;

(в) потребните податоци можат да бидат обезбедени со приложување разумни напори од нормално совесни економски оператори, вклучувајќи економски оператори од трети земји, кои се потписнички на ГПА или други меѓународни спогодби, со кои е обврзана Унијата.

3. Кога општ метод за пресметување на трошоците за целиот животен циклус е обврзувачки согласно законодавен акт на Унијата, овој општ метод се применува за проценката на трошоците во текот на животниот циклус.

Листа на такви законски акти и, кога е потребно, на делегирани акти со кои тие се надополнуваат, се содржи во Анекс XIII. Комисијата има моќ да донесува делегирани акти во согласност со член 87 во врска со ажурирање на оваа листа, кога се наметнува нејзино ажурирање поради донесување на ново законодавство, со што се дава обврзувачки заеднички метод, или поради укинувањето или измената на постојните правни акти.

Член 69

Невообичаено ниски понуди

1. Договорните органи бараат од економските оператори да ги објаснат во понудата предложените цени или трошоци, кога понудите изгледаат невообичаено ниски во однос на работите, добрата или услугите.

2. Објаснувањата наведени во став 1 може да се однесуваат особено на:

(а) економските карактеристики на производниот процес, на обезбедените услуги или на градежниот метод;

(б) избраните технички решенија или достапноста на исклучително поволни услови за понудувачот за обезбедување на производите или услугите или за спроведување на работата;

(в) оригиналното решение предложено од понудувачот за работите, добрата или услугите;

(г) почитување на обврските наведени во член 18(2);

(д) почитување на обврските наведени во член 71;

(ѓ) можноста понудувачот да добие државна помош.

3. Договорниот орган прави проценка на доставените информации, консултирајќи се со понудувачот. Тој може да ја отфрли понудата само кога презентираните докази не сочинуваат доволна основа за предложените ниски цени или трошоци, земајќи ги предвид елементите наведени во став 2.

Договорните органи ја отфрлат понудата кога утврдиле дека таа е невообичаено ниска,

бидејќи не одговара на важечките обврски наведени во член 18(2).

4. Кога договорен орган ќе утврди дека понудата е невообичаено ниска, бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде отфрлена само поради оваа причина, само по консултација со понудувачот, кога понудувачот не може да докаже во доволен рок определен од договорниот орган дека соодветната помош е компатибилна со внатрешниот пазар во рамки на член 107 од ДФЕУ. Кога договорниот орган ќе одбие понуда во овие околности, тој ја информира Комисијата за тоа.

5. На барање, земјите-членки им ги обезбедуваат на други земји-членки сите информации со кои располагаат во однос на административна соработка, како законски и подзаконски одредби, општи колективни спогодби или национални технички стандарди кои се однесуваат на доказите и документите поднесени во врска со податоците наведени во став 2.

ПОГЛАВЈЕ IV

Спроведување на договори

Член 70

Услови за спроведување на договорите

Договорните органи можат да утврдат посебни услови во однос на спроведувањето на договорот, под услов тие да се поврзани со предметот на договорот во рамки на значењето на член 67(3) и се наведени во поканата за учество во постапка за наддавање или во документацијата за набавката. Овие услови можат да вклучуваат економски, иновациски, еколошки, социјални или размислувања поврзани со вработување.

Член 71

Подизведување

1. Надлежните национални органи постапувајќи во рамки на својата одговорност и надлежност, осигуруваат почитување на обврските од член 18(2) од страна на подизведувачи преку соодветни активности.

2. Во документите за набавка, договорниот орган може, по сопствена иницијатива или по барање на земја-членка, да побара од понудувачот да го наведе во својата понуда секој дел од договорот кој има намера да го даде на поддоговор на трети страни и сите предложени подизведувачи.

3. Земјите-членки можат да предвидат дека на барање на подизведувачот и кога природата на договорот го дозволува тоа, договорниот орган ги префрла долговите директно на подизведувачот за услуги, добра или работи обезбедени на економскиот оператор на кој му е доделен јавниот договор (во понатамошниот текст „главен изведувач“). Овие мерки може да вклучуваат соодветни механизми кои овозможуваат главниот изведувач да оспори несоодветни исплати. Правилата во врска со овој режим на плаќање се наведуваат во документацијата за набавката.

4. Ставови од 1 до 3 не се во спротивност со прашањето за одговорноста на главниот изведувач.

5. Во случај на договори за работи и во однос на услуги кои треба да се обезбедат во објекти под директен надзор на договорниот орган, по доделувањето на договорот, а најдоцна при започнување на извршувањето на договорот, договорниот орган бара од главниот изведувач да ги наведе името, податоците за контакт и правните претставници на своите подизведувачи, вклучени во тие работи или услуги, доколку се

познати во тој момент. Договорниот орган бара од главниот изведувач да го извести за какви било промени на тие информации во текот на спроведувањето на договорот, како и да му ги обезбеди потребните информации за сите нови подизведувачи кои се последователно вклучени во тие работи или услуги.

Независно од првиот потстав, земјите-членки можат директно на главниот изведувач да му наметнат обврска да ги обезбеди потребните информации.

Кога тоа е неопходно за целите на точка (б) од став 6 од овој член, побараните информации се придружени од лични декларации на подизведувачи според предвиденото во член 59. Мерките за спроведување во согласност со став 8 од овој член може да предвидуваат дека подизведувачи кои се вклучуваат по доделувањето на договорот доставуваат сертификати и други придружни документи наместо личните декларации.

Првиот потстав не се применува за добавувачи.

Договорните органи можат, по сопствена иницијатива или по барање на некоја земја-членка, да ја прошират примената на обврските предвидени во првиот потстав, на пример кон:

(а) договори за добра, договори за јавни услуги, различни од оние кои се однесуваат на услуги кои се обезбедуваат на објекти под директен надзор на договорниот орган или на добавувачи кои се вклучени во концесии за работи или услуги;

(б) подизведувачи на подизведувачите на главниот изведувач или уште подолу од синџирот на подизведувачите.

6. За да се избегнат прекршувања на обврските наведени во член 18(2), можат да се преземат соодветни мерки, на пример:

(а) Кога националното право на земјата-членка предвидува механизам за заедничка одговорност меѓу подизведувачи и главниот изведувач, соодветната земја-членка гарантира дека релевантните правила се применуваат во согласност со условите утврдени во член 18(2).

(б) Договорните органи можат, во согласност со членови 59, 60 и 61, по сопствена иницијатива или на барање на земјите-членки, да проверат дали има основа за исклучување на подизведувачи во согласност со член 57. Во таков случај, договорниот орган бара од економскиот оператор да го замени подизведувачот во однос на кој проверката покажала дека има задолжителни основи за исклучување. Договорниот орган може, по сопствена иницијатива или на барање на земја-членка, да побара од економскиот оператор да го замени подизведувачот во однос на кој проверката покажала дека има незадолжителни основи за исклучување.

7. Земјите-членки можат да предвидат построги правила за одговорност според националното право или да преземат дополнителни мерки во рамки на националното право во однос на директните плаќања за подизведувачи, на пример со обезбедување директни плаќања за подизведувачи, без да е потребно тие да прават барање за такво директно плаќање.

8. Земјите-членки кои одлучуваат да воведат мерки согласно ставови 3, 5 и 6, ги прецизираат условите за примена на овие мерки со закони, регулативи или административни одредби во согласност со правото на Унијата. При тоа, земјите-

членки можат да ја ограничат нивната употреба, на пример, во однос на одредени видови договори, одредени категории на договорните органи или економски оператори или на определени износи.

Член 72

Измена на договорите во текот на нивното траење

1. Договорите и рамковните спогодби може да се изменат без нова постапка за доделување на набавка во согласност со оваа директива во следниве случаи:

(а) кога измените, независно од нивната монетарна вредност, се предвидени во првичната документација за набавка преку јасни, прецизни и недвосмислени одредби за ревизија, кои можат да вклучат клаузули за измена на цената или опции. Во тие клаузули се наведуваат обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои тие може да се користат. Тие не предвидуваат измени или опции кои би го промениле целокупниот карактер на договорот или рамковната спогодба;

(б) за дополнителни работи, добра или услуги од првичниот изведувач, кои станале неопходни и не се вклучени во првичната набавка, каде промената на изведувачот:

(i) не може да се изврши поради економски или технички причини, како што се барања за заменливост или интероперабилност со постојната опрема, услуги или инсталации, доделени со првичната набавка; и

(ii) би предизвикала значителна непријатност или суштинско удвојување на трошоците на договорниот орган.

Сепак, секое зголемување на цената не треба да надминува повеќе од 50% од вредноста на првичниот договор. Кога се прават неколку последователни измени, тоа ограничување се применува за вредноста на секоја измена. Овие последователни измени не треба да се насочени кон заобиколување на оваа директива;

(в) кога се исполнети сите услови наведени подолу:

(i) потребата од измена е предизвикана од околности кои ажурен договорен орган не би можел да ги предвиди;

(ii) измената не го менува целокупниот карактер на договорот;

(iii) секое зголемување на цената не надминува повеќе од 50% од вредноста на првичниот договор или рамковна спогодба. Кога се прават неколку последователни измени, тоа ограничување се применува за вредноста на секоја измена. Овие последователни измени не треба да се насочени кон заобиколување на оваа директива;

(г) кога нов изведувач го заменува оној на кој договорниот орган првично му го доделил договорот, поради:

(i) недвосмислена клаузула за ревизија или опција во согласност со точка (а);

(ii) општо или делумно наследување на првичниот изведувач по реструктурирање на претпријатието, вклучувајќи преправки, спојувања, преземања или стечај, на друг економски оператор кој ги исполнува првично утврдените критериуми за квалитативен избор, под услов тоа да не води до други суштински измени на договорот и не цели кон

заобиколување на примената на оваа директива; или

(iii) кога договорниот орган сам ги презема обврските на главниот изведувач во однос на неговите подизведувачи, ако оваа можност е предвидена во националното законодавство согласно член 71;

(д) кога измените, независно од нивната вредност, не се значајни во рамки на значењето на став 4.

Договорните органи кои измениле дадена договор во случаите наведени во точки (б) и (в) од овој став, објавуваат известување за таа цел во *Службениот весник на Европската унија*. Ова известување треба да ги содржи информациите утврдени во Анекс V, дел Е и се објавува во согласност со член 51.

2. Освен тоа и без да е потребна проверка дали се исполнети условите утврдени во точки од (а) до (г) од став 4, договорите може да се изменат без да е потребно спроведување на нова постапка за набавка во согласност со оваа директива кога вредноста на измената е под следните две вредности:

(i) прагот утврден во член 4; и

(ii) 10% од вредноста на првичниот договор за договори за услуги и добра и под 15% од вредноста на првичниот договор за договори за работи.

Сепак, измената може да не го менува целокупниот карактер на договорот или рамковната спогодба. Кога се прават неколку последователни измени, вредноста се пресметува врз основа на нето збирната вредност на последователните измени.

3. За целите на пресметување на цената наведена во став 2 и точки (б) и (в) од став 1, ажурираната цена е референтната вредност кога договорот содржи клаузула за индексација.

4. Измената на договорот или рамковната спогодба во рамки на нејзиниот рок на изведба се смета за суштинска во рамки на значењето на точка (д) од став 1, ако со неа договорот или рамковната спогодба стануваат суштински различни од првично склучените. Во сите случаи, без да е во спротивност со ставовите 1 и 2, дадена измена се смета за суштинска кога е исполнет еден или повеќе од следните услови:

(а) измената воведува услови кои ако биле дел од првичната постапка за доделување набавка би овозможиле прием на кандидати различни од првично избраните или би овозможиле прифаќање на понуда која е различна од првично прифатената или би привлекле дополнителни учесници во постапката за набавка;

(б) измената го менува економскиот баланс на договорот или рамковната спогодба во корист на изведувачот на начин кој не бил предвиден во првичниот договор или рамковна спогодба;

(в) измената значително го проширува полето на примена на договорот или рамковната спогодба;

(г) кога нов изведувач го заменува оној на кој договорниот орган првично му го доделил договорот во случаи различни од оние предвидени во точка (г) од став 1.

5. Потребна е нова постапка за набавка во согласност со оваа директива за други измени на одредбите од јавниот договор или рамковната спогодба за време на рокот на

извршување различни од оние предвидени во ставови 1 и 2.

Член 73

Престанок на договорите

Земјите-членки им обезбедуваат на договорните органи можност, барем според следниве околности и под услови утврдени со применливото национално право, да го прекинат договорот за јавна набавка за време на неговиот рок, кога:

(а) договорот претрпел значителна промена која бара спроведување на нова постапка за доделување на набавка согласно член 72;

(б) за време на доделувањето на договорот, изведувачот се наоѓал во една од ситуациите наведени во член 57(1) и затоа би требало да биде исклучен од постапката за доделување на набавка;

(в) договорот не треба да се додели на изведувачот поради тешка повреда на обврските според договорите и оваа директива, што е утврдено од страна на Судот на Европската унија во постапка утврдена во член 258 од ДФЕУ.

НАСЛОВ III

ПОСЕБНИ РЕЖИМИ ЗА НАБАВКИ

ПОГЛАВЈЕ I

Социјални и други посебни услуги

Член 74

Доделување договори за социјални и други специфични услуги

Јавните договори за социјални и други специфични услуги наведени во Анекс XIV, се доделуваат во согласност со ова поглавје, кога вредноста на договорите е поголема од или еднаква на прагот утврден во член 4(г).

Член 75

Објавување на известувањата

1. Договорните органи кои имаат намера да доделат договор за услугите наведени во член 74, ја објавуваат својата намера на еден од следниве начини:

(а) преку известување за договор во кое се содржат информациите наведени во дел Ж од Анекс V, во согласност со стандардните примероци наведени во член 51; или

(б) преку известување за првичните информации што се објавуваат редовно и во кое се содржат информациите наведени во дел З од Анекс V. Во известувањето за првичните информации експлицитно се наведуваат видовите на услуги кои ќе бидат предмет на договорите. Во него се наведува дека наредбите ќе се доделуваат без дополнително објавување и заинтересираните економски оператори се поканети писмено да го искажат својот интерес.

Првиот потстав не се применува кога во согласност со член 32 за доделување на договор за јавни услуги, можно е да се користи постапка со преговарање без претходно објавување.

2. Договорните органи кои доделиле јавен договор за услуги наведени во член 74,

ги објавуваат резултатите од постапката за набавка преку известување за доделен договор, во кој се содржат информациите наведени во дел S од Анекс V, во согласност со стандардните примероци наведени во член 51. Тие сепак можат да ги групираат овие известувања на квартална основа. Во тој случај, тие испраќаат групирани известувања во рок од 30 дена по истекот на секој квартал.

3. Комисијата ги утврдува стандардните формулари наведени во ставови 1 и 2 од овој член преку акти за спроведување. Овие акти за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во член 89(2).

4. Наведените известувања во овој член се објавуваат во согласност со член 51.

Член 76

Принципи на доделување на договори

1. Земјите-членки воведуваат национални правила за доделување договори согласно ова поглавје со цел да се осигурат дека договорните органи ги почитуваат принципите на транспарентност и еднаков третман на економските оператори. Земјите-членки го задржуваат правото да ги утврдуваат применливите процедурални правила, доколку овие правила им дозволуваат на договорните органи да ги земат предвид специфичните карактеристики на соодветните услуги.

2. Земјите-членки гарантираат дека договорните органи можат да ја земат предвид потребата од обезбедување на квалитет, континуитет, пристапност, прифатлива цена, достапност и вклученост на услугите, посебните потреби на различните категории корисници, вклучувајќи ги и маргинализираните и ранливи групи, вклученоста и обезбедување на можности за корисниците, како и иновациите. Земјите-членки исто така можат да предвидат дека изборот на давателот на услуги се врши врз основа на понудата, се карактеризира со најдобар сооднос квалитет/цена, земајќи ги предвид критериумите за квалитет и отпорност на социјалните услуги.

Член 77

Резервирани договори за одредени услуги

1. Земјите-членки можат да предвидат договорните органи да го задржат правото организации да учествуваат во постапка за доделување на јавни договор исклучиво за оние здравствени, социјални и културни услуги наведени во член 74, кои се опфатени со ОПЈН/CPV ознаки 75121000-0, 75122000-7, 75123000-4, 79622000-0, 79624000-4, 79625000-1, 80110000-8, 80300000-7, 80420000-4, 80430000-7, 80511000-9, 80520000-5, 80590000-6, од 85000000-9 до 85323000-9, 92500000-6, 92600000-7, 98133000-4, 98133110-8.

2. Секоја организација наведена во став 1 треба да ги исполнува сите услови наведени подолу:

(а) нејзината цел е обезбедување на јавна услуга во врска со испораката на услугите наведени во став 1;

(б) профитот се реинвестира во поглед на остварување на целта на организацијата. Кога профитот се дистрибуира или редистрибуира, тоа треба да се врши во согласност со учеството;

(в) структурите на управување или сопственост на организацијата која го извршува договорот, се базираат на принципите на сопственост или учество на вработените или бара активно учество на вработените, потрошувачите или

засегнатите страни; и

(г) соодветниот договорен орган не и доделил договор на организацијата за соодветните услуги согласно овој член во последните три години.

3. Максималното времетраење на договорот не надминува три години.

4. Поканата за учество во постапка за наддавање содржи упатување кон овој член.

5. По исклучок од член 92, Комисијата прави проценка на последиците од овој член и извештај на Европскиот парламент и на Советот од 18 април 2019 година.

ПОГЛАВЈЕ II

Правила за спроведување на конкурси за идејни решенија

Член 78

Опсег

Ова поглавје се применува за:

(а) конкурси за идејни решенија, кои се организирани како дел од постапката за доделување на договор за јавни услуги;

(б) конкурси за идејни решенија со награди или исплати за учесниците.

Во случаите наведени во точка (а) од првиот потстав од овој член, прагот наведен во член 4 се пресметува врз основа на проценетата вредност без ДДВ на договорот за услуги, вклучувајќи ги и сите евентуални награди или исплати за учесниците.

Во случаите наведени во точка (б) од првиот потстав од овој член, прагот се однесува на вкупниот износ на наградите и плаќањата, вклучувајќи ја проценетата вредност без ДДВ на договорот за услуги кој може да биде склучен последователно според член 32(4), ако договорниот орган ја објавил својата намера да додели таков договор во известувањето за конкурс за идејно решение.

Член 79

Известувања

1. Договорните органи кои имаат намера да одржат конкурс за идејно решение ја објавуваат својата намера по пат на известување за конкурс за идејно решение.

Кога имаат намера последователно да доделат договор за услуги согласно член 32(4), ова се наведува во известувањето за конкурс за идејно решение.

2. Договорните органи кои одржале конкурс за идејно решение, испраќаат известување за резултатите од него во согласност со член 51 на начин кој им овозможува да го докажат датумот на испраќање.

Кога откривањето информации за резултатот од конкурсот би го попречило спроведувањето на законот, би било во спротивност со јавниот интерес или би му наштетило на легитимните комерцијални интереси на конкретно јавно или приватно претпријатие, или би влијаело на праведната конкуренција меѓу вршителите на услуги, овие информации може да не се објавуваат.

3. Известувањата наведени во ставови 1 и 2 од овој член се објавуваат во согласност со член 51(2) до (6) и член 52. Тие ги вклучуваат информациите наведени соодветно во делови Д и Ѓ од Анекс V, во форма на стандардни примероци.

Комисијата ги утврдува стандардните обрасци преку акти за спроведување. Овие акти

за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во член 89(2).

Член 80

Правила за организирање на конкурси за идејни решенија и избор на учесниците

1. Кога се организираат конкурси за идејни решенија, договорните органи ги применуваат постапките кои се во согласност со одредбите од Наслов I и ова поглавје.

2. Приемот на учесници во конкурсите за идејни не може да се ограничува:

(а) со наведување на територијата или дел од територијата на земјата-членка;

(б) врз основа на тоа што според законот на земјата-членка во која се организира конкурсот, за нив би постоело барање да бидат физички или правни лица.

3. Кога конкурсите за идејни решенија се со ограничен број учесници, договорните органи пропишуваат јасни и недискриминирачки критериуми за избор. Во секој случај, бројот на поканетите кандидати за учество треба да е доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција.

Член 81

Состав на жири

Жирито се состои само од физички лица кои се независни учесниците на конкурсот. Кога од учесниците на конкурсот се бара посебна стручна квалификација, најмалку една третина од членовите на жирито мора да ја имаат истата квалификација или еквивалентна.

Член 82

Одлука на жирито

1. Жирито е независно во своите одлуки или мислења.

2. Жирито ги разгледува плановите и проекти доставени од кандидатите анонимно и единствено врз основа на критериумите наведени во известувањето за конкурсот.

3. Жирито ги евидентира своите рангирања на проектите согласно критериумите за секој проект во извештај, потпишан од членовите на жирито, заедно со нивните забелешки и секакви прашања, кои имаат потреба од разјаснување.

4. Анонимноста мора да се почитува сè додека жирито не постигне свое мислење или одлука.

5. Доколку е потребно кандидатите можат да бидат поканети да одговорат на прашања кои жирито ги евидентирало во записникот за појаснување на сите аспекти на проектите.

6. Се составува целосен протокол на дијалогот меѓу членовите на жирито и кандидатите.

НАСЛОВ IV

УПРАВУВАЊЕ

Член 83

Спроведување

1. За ефективно обезбедување на правилно и ефикасно спроведување, земјите-

членки гарантираат дека барем задачите утврдени во овој член се извршуваат од страна на еден или повеќе органи, тела или структури. Тие на Комисијата и ги посочуваат сите органи, тела или структури надлежни за извршување на тие задачи.

2. Земјите-членки обезбедуваат следење на примената на правилата за јавни набавки.

Кога органите или структурите констатираат конкретни прекршоци, по сопствена иницијатива или по добивање на информации, конкретни прекршувања или системски проблеми, тие се овластени да ги пријават овие проблеми на националните ревизорски органи, судови или трибуналите или други соодветни органи или структури како што се народниот правобранител, националните парламенти или нивни комитети.

3. Резултатите од активностите заследење во согласност со став 2 се стават на располагање на јавноста преку соодветни средства за информации. Овие резултати и се достапни на Комисијата. Тие можат, на пример да бидат вклучени во извештаите од мониторингот, наведен во вториот потстав од овој став.

До 18 април 2017 година и на секои три години потоа, земјите-членки доставуваат до Комисијата извештај од мониторингот во кој, кога е соодветно, се вклучени информации за најчестите причини за неправилно спроведување или правна несигурност, вклучувајќи можни структурни или повторувачки проблеми при примена на правилата за степенот на учество на МСП во јавните набавки, како и за превенција, откривање и известување на соодветен начин на случаите на измама, корупција, конфликт на интереси и други сериозни неправилности во областа на набавките.

Комисијата може, најмногу на секои три години, да бара од земјите-членки да обезбедат информации за практичната примена на националните стратешки политики во областа на набавки.

За целите на овој став и став 4 од овој член, „МСП“ се толкува како што е дефинирано во Препорака 2003/361/ЕЗ на Комисијата ([1]).

Врз основа на податоците добиени според овој став, Комисијата редовно изготвува извештај за спроведувањето и за најдобрите практики поврзани со националните политики во областа на набавки во рамки на внатрешниот пазар.

4. Земјите-членки гарантираат дека:

(а) информациите и насоките во врска со толкувањето и примената на правото на Унијата во областа на јавните набавки се обезбедуваат бесплатно, за да им се помогне на договорните органи и економските оператори, особено МСП при правилна примена на правилата на Унијата за јавни набавки; и

(б) договорните органи располагаат со поддршка во однос на планирање и спроведување на постапките за набавки.

5. Без да е во спротивност со општите постапки и работните методи утврдени од Комисијата за нејзината комуникација и контакти со земјите-членки, тие одредуваат референтни точки за соработка со Комисијата во однос на примена на законодавството во областа на јавните набавки.

6. Договорните органи, најмалку за времетраењето на договорот, чуваат копии од сите склучени договори со вредност поголема или еднаква на:

[1] Препорака на Комисијата од 6 мај 2003 година за дефинирање на микро, мали и средни претпријатија, (Сл. весник L 124, 20.5.2003 година, стр. 36).

(а) 1 000 000 евра при договори за јавни добра или договори за јавни услуги;

(б) 10 000 000 евра при договори за јавни работи.

Договорните органи обезбедуваат пристап до овие договори; сепак пристапот до одредени документи или информации може да биде одбиен во степенот и според условите утврдени во применливите национални или правила на Унијата за пристап до документи и заштитата на податоци.

Член 84

Индивидуални извештаи за постапките за доделување на договор

1. За секој договор или рамковна спогодба, опфатени со оваа директива и за секој случај на воведување на систем за динамично купување, договорните органи составуваат писмен извештај кој ги вклучува најмалку следниве информации:

(а) името и адресата на договорниот орган, предметот и вредноста на договорот, рамковната спогодба или системот за динамично купување;

(б) кога е применливо, резултатите од квалитативниот избор и/или намалување на бројот согласно членови 65 и 66, имено:

(i) имињата на избраните кандидати или понудувачи и причините за нивниот избор;

(ii) имињата на одбиените кандидати или понудувачи и причините за нивното одбивање;

(в) причините за одбивање на понудите, кои се сметаат за исклучително ниски;

(г) името на успешниот понудувач и причините за избор на неговата понуда, и ако е познат, делот од договорот или рамковната спогодба, кој успешниот понудувач има намера да го довери на трети лица; и ако се познати во оваа фаза, имињата на подизведувачите на главниот изведувач, ако има такви;

(д) за постапки за наддавање со преговарање и конкурентен дијалог, околностите утврдени во член 26 кои ја оправдуваат употребата на овие постапки;

(ѓ) за постапки со преговарање без претходно известување, околностите наведени во член 32 кои го оправдуваат користењето на оваа постапка;

(е) кога е применливо, причините на договорниот орган за неговата одлука да не додели договор или рамковна спогодба или да не воведе систем за динамично купување;

(ж) кога е применливо, причините за употреба на други средства за комуникација, кои не се електронски при доставувањето на понуди;

(з) кога е применливо, утврдените конфликти на интереси и последователно донесените мерки.

Извештајот не се бара во однос на договори врз основа на рамковни спогодби, кога тие се склучени во согласност со член 33(3) или точка (а) од член 33(4).

Договорните органи можат да упатуваат кон тоа известување, кога доделен договор, подготвен согласно член 50 или член 75(2) содржи информации кои се бараат во овој став.

2. Договорните органи го документираат текот на сите постапки за набавка, без

оглед на тоа дали тие се одржуваат со помош на електронски средства. За таа цел, тие обезбедуваат чување на доволно документација за оправдување на одлуките донесени во сите фази од постапката за доделување на набавка, како документација за комуникацијата со економските оператори и внатрешни распрашувања, подготовка на документацијата за набавката, дијалогот или преговарањето, ако има такви, избор и доделување на договорот. Документацијата се чува за период од најмалку три години од датумот на доделување на договорот.

3. Извештајот или неговите основни елементи се соопштуваат на Комисијата или на надлежните органи, тела или структури наведени во член 83, на барање од нивна страна.

Член 85

Национални извештаи и статистички информации

1. Комисијата врши преглед на квалитетот и комплетноста на податоците, кои можат да бидат извлечени од известувањата, наведени во член 48, 49, 50, 75 и 79, кои се објавуваат во согласност со Анекс VIII.

Кога квалитетот и комплетноста на податоците наведени во првиот потстав од овој став не одговараат на обврските од член 48(1), член 49, член 50(1), член 75(2) и член 79(3), Комисијата бара дополнителни информации од засегнатата земја-членка. Во разумен рок, засегнатата земја-членка ги обезбедува неопходните статистички информации побарани од Комисијата.

National School of Government
Northern Ireland Assembly Commission
Northern Ireland Court Service

Coroners Courts

County Courts

Court of Appeal and High Court of Justice in Northern Ireland

Crown Court

Enforcement of Judgements Office

Legal Aid Fund

Magistrates' Courts

Pensions Appeals Tribunals

Northern Ireland, Department for Employment and Learning

Northern Ireland, Department for Regional Development

Northern Ireland, Department for Social Development

Northern Ireland, Department of Agriculture and Rural Development

Northern Ireland, Department of Culture, Arts and Leisure

Northern Ireland, Department of Education

Northern Ireland, Department of Enterprise, Trade and Investment

Northern Ireland, Department of the Environment

Northern Ireland, Department of Finance and Personnel

Northern Ireland, Department of Health, Social Services and Public Safety

Northern Ireland, Office of the First Minister and Deputy First Minister

Northern Ireland Office

Crown Solicitor's Office

Department of the Director of Public Prosecutions for Northern Ireland

Forensic Science Laboratory of Northern Ireland

Office of the Chief Electoral Officer for Northern Ireland

Police Service of Northern Ireland

Probation Board for Northern Ireland

State Pathologist Service Office of Fair Trading Office for National Statistics

National Health Service Central Register

Office of the Parliamentary Commissioner for Administration and Health Service Commissioners

Paymaster General's Office

Postal Business of the Post Office

Privy Council Office

Public Record Office

HM Revenue and Customs

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

The Revenue and Customs Prosecutions Office
Royal Hospital, Chelsea
Royal Mint
Rural Payments Agency
Scotland, Auditor-General
Scotland, Crown Office and Procurator Fiscal Service
Scotland, General Register Office
Scotland, Queen’s and Lord Treasurer’s Remembrancer
Scotland, Registers of Scotland
The Scotland Office
The Scottish Ministers
Architecture and Design Scotland
Crofters Commission
Deer Commission for Scotland
Lands Tribunal for Scotland
National Galleries of Scotland
National Library of Scotland
National Museums of Scotland
Royal Botanic Garden, Edinburgh
Royal Commission on the Ancient and Historical Monuments of Scotland
Scottish Further and Higher Education Funding Council
Scottish Law Commission
Community Health Partnerships
Special Health Boards
Health Boards
The Office of the Accountant of Court
High Court of Justiciary
Court of Session
HM Inspectorate of Constabulary
Parole Board for Scotland
Pensions Appeal Tribunals
Scottish Land Court
Sheriff Courts
Scottish Police Services Authority
Office of the Social Security Commissioners

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

The Private Rented Housing Panel and Private Rented Housing Committees
Keeper of the Records of Scotland
The Scottish Parliamentary Body Corporate HM Treasury
Office of Government Commerce
United Kingdom Debt Management Office
The Wales Office (Office of the Secretary of State for Wales)
The Welsh Ministers
Higher Education Funding Council for Wales
Local Government Boundary Commission for Wales
The Royal Commission on the Ancient and Historical Monuments of Wales
Valuation Tribunals (Wales)
Welsh National Health Service Trusts and Local Health Boards
Welsh Rent Assessment Panels

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС II

ЛИСТА НА АКТИВНОСТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА (6)(а) ОД ЧЛЕН 2(1)

Во случај на разлика во толкувањето меѓу ОПЈН/CPV и НАЦЕ, се применува ОПЈН/CPV - номенклатурата.

НАЦЕ Рев. 1 ([1])					ОПЈН/CPV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
45			Градежништво	Овој оддел вклучува: - изградба на нови згради и работи, реконструкција на објекти и вообичаени поправки.	45000000
	45.1		Подготовка на локацијата		45100000
		45.11	Уривање згради; поместување земјиште	Оваа класа вклучува: — уривање згради и други структури, — расчистување градежни локации, — поместување земјиште: ископување, пополнување, порамнување на нивоа на земјиште и класифицирање на градежните локации, копање ровови, отстранување карпи, минирање, итн., — подготовка на терен за минирање, — отстранување на вишокот на материјал и друго уредување и подготовка на локации со минерални богатства. Оваа класа, исто така вклучува и: — одводнување на теренот на градежни локации, — одводнување на земјоделско и шумско земјиште.	45110000

		45.12	Пробно дупчење и пробивање	Оваа класа вклучува: — пробно дупчење, пробно пробивање и земање примерок од почвата за градежни, геофизички, геолошки и слични цели. Оваа класа исклучува: — дупчење бунари за нафта и гас, види 11.20, — дупчење бунари за вода, види 45.25, — вметнување прстени, види 45.25, — истражување нафтени и гасни полиња, геофизички, геолошки и сеизмички премери, види 74.20.	45120000
	45.2		Изградба на комплетни конструкции или делови од нив, градежништво		45200000
НАЦЕ Рев. 1 ([1])					ОПЈН/СРV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	

		45.21	Општа изградба на згради и градежни работи	Оваа класа вклучува: - изградба на сите видови згради изградба на градежни конструкции, — мостови, вклучувајќи и мостови за надвозници, виј адукти, тунели и подземни железници, — цевководи, далноводи и телефонски водови, комуникациски линии, — урбани цевководи, урбани далноводи и комуникациски линии, — дополнителни урбани работи, — монтажа и подигнување на префабрикувани конструкции на локацијата. Оваа класа исклучува: — услужни активности поврзани за екстракција на нафта и гас, види 11.20, — подигнување на префабрикувани конструкции од небетонски делови направени од страна на изведувачот, види оддели 20, 26 и 28, — градежни работи, освен згради, за стадиони, базени, спортски сали, тениски игралишта, голф-терени и други спортски инсталации, види 45.23, — инсталација на згради, види 45.3, — завршување на згради, види 45.4, — архитектонски и инженерски активности, види 74.20, — управување со градежни проекти, види 74.20.	45210000 Освен: _ 45213316 45220000 45231000 45232000
		45.22	Ставање покриви и рамки	Оваа класа вклучува: — подигнување на покриви, — конструкции на покриви, — хидроизолација.	45261000

		45.23	Изградба на автопати, патишта, аеродромски писти и спортски објекти	Оваа класа вклучува: — изградба на автопатишта, улици, патишта, други возни и пешачки патеки, — изградба на железнички конструкции, — изградба на авионски писти, — градежни работи, покрај згради, за стадиони, базени, гимнастички сали, тениски игралишта, терени за голф и други спортски инсталации, — бојосување на ознаки на површината на патот и на паркинзите. Оваа класа исклучува: — прелиминарно поместување на земјиштето, види 45.11.	45212212 и DA03 45230000 освен: _ 45231000 _ 45232000 _ 45234115
НАЦЕ Рев. 1 ([1])					ОПЈН/CPV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
		45.24	Изградба на проекти за вода	Оваа класа вклучува: — изградба на: — водени патишта, пристанишни и речни работи, пристаништа (марини), системи за заклучување итн., — брани и насипи, — ископување, — површински работи.	45240000

		45.25	Други градежни работи што вклучуваат конкретни занаети	Оваа класа вклучува: — градежни активности што се специјализирани за еден аспект што е заеднички за различни видови структури и кои бараат специјализирани квалификации или опрема, — изградба на темели, вклучувајќи набивање на земјиштето, — дупчење и изградба на бунари за вода, вметнување прстени, — подигнување челични елементи што не се самостојно произведени, — свиткување челик, — редење тули и камења, — подигнување и демонтирање скелиња и работни платформи, вклучувајќи најмување скелиња и работни платформи, — подигнување оџаци и индустриски печки. Оваа класа исклучува: — најмување скелиња без подигнување и расклопување, види 71.32.	45250000 45262000
	45.3		Инсталации во згради		45300000
НАЦЕ Рев. 1 ([1])					
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		ОПЈН/CPV-ознака
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	

		45.31	Инсталација на електрични кабли и елементи	Оваа класа вклучува: инсталација во згради или други градежни проекти на: — електрични водови и приклучоци, — телекомуникациски системи, — електрични системи за греење, — станбени антени и воздушни антени, — противпожарни аларми, — аларми против кражби, — лифтови и ескалатори, — громобрани итн.	45213316 45310000 Освен: – 45316000
		45.32	Изолациски работи	Оваа класа вклучува: — инсталација на термичка, звучна и вибрациска изолација во згради или други градежни проекти. Оваа класа исклучува: — поставување системи за водоотпорност, види 45.22.	45320000
		45.33	Водоводна инсталација	Оваа класа вклучува: — инсталација во згради или други градежни проекти на: — водоводна и санитарна опрема, — приклучоци за гас, — опрема и цевки за греење, вентилација, ладење или климатизирање, — системи за прскање. Оваа класа исклучува: — инсталација на електрични системи за греење, види 45.31.	45330000
		45.34	Други инсталации во згради	Оваа класа вклучува: — инсталација на системи за осветлување и сигнализација за патишта, пруги, аеродроми и пристаништа, — инсталација во згради или други градежни проекти за приклучоци и	45234115 45316000 45340000

				уреди кои не се посебно наведени:	
	45.4		Завршување на изградбата		45400000
НАЦЕ Рев. 1 ([1])					ОПЈН/CPV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
		45.41	Малтерисување	Оваа класа вклучува: — нанесување внатрешен и надворешен малтер или гипс во згради или во други градежни проекти, вклучувајќи поврзани стругарски материјали.	45410000
		45.42	Инсталација на столарија	Оваа класа вклучува: — инсталација на врати, прозорци, рамки за врати и прозорци, монтирани кујни, скалила, приклучоци и слично кои не се направени од страна на изведувачот, од дрво и други материјали, — довршување на внатрешен простор, како што се тавани, дрвени sидни облоги, мобилни прегради итн. Оваа класа исклучува: — поставување паркети и други дрвени подни облоги, види 45.43.	45420000

		45.43	Подни и sидни облоги	Оваа класа вклучува: — поставување, поплочување, закачување или вклопување на следново во згради или други градежни проекти: — керамички, бетонски sидни или подни плочки, или sидни и подни плочки од режан камен, — паркет и други дрвени подни облоги, теписи и подни облоги од линолеум, — вклучувајќи од гума или пластика, — подни или sидни облоги од терацо, мермер, гранит или чакал, — тапети.	45430000
		45.44	Бојосување и застаклување	Оваа класа вклучува: — внатрешно и надворешно бојосување згради, — бојосување градежни структури, — поставување стакла, огледала итн. Оваа класа исклучува: — поставување прозорци, види 45.42.	45440000
НАЦЕ Рев. 1 ([1])					ОПЈН/CPV-ознака
ДЕЛ Ѓ			ГРАДЕЖНИШТВО		
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
		45.45	Друго довршување на зграда	Оваа класа вклучува: — поставување приватни базени, — чистење со пареа, чистење со песочен млаз и слични активности за екстериери, — друго довршување на зграда и завршни работи кои не се посебно наведени. Оваа класа исклучува: — внатрешно чистење на згради и	45212212 и DA04 45450000

				други објекти, види 74.70	
	45.5		Најмување градежна опрема или опрема за уривање со оператор		45500000
		45.50	Најмување градежна опрема или опрема за уривање со оператор	Оваа класа исклучува: — најмување градежни машини или машини за уривање и опрема без оператори, види 71.32.	45500000

([1]) Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3037/90 на Советот од 9 октомври 1990 година за статистичка класификација на економски активности во Европската заедница (Сл. весник L 293, 24.10.1990 година, стр. 1).

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС III

ЛИСТА НА ПРОИЗВОДИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4(б) ВО ВРСКА СО ДОГОВОРИТЕ ДОДЕЛЕНИ ОД ДОГОВОРНИ ОРГАНИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА

Единствениот применлив текст за целите на оваа директива е содржан во Анекс 1, точка 3 од ГПА, на кој се базира следнава наведена листа на производи:

Поглавје 25:	Сол, сулфур, земја и камен, гипс, вар и цемент
Поглавје 26:	Руди, згури и пепели
Поглавје 27:	Минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци освен: ex 27.10: посебни моторни горива
Поглавје 28:	Неорганski хемиски производи, органски и неорганski соединенија од благородни метали, од метали на ретка земја, од радиоактивни елементи и од изотопи освен: ex 28.09: експлозиви ex 28.13: експлозиви ex 28.14: солзавец ex 28.28: експлозиви ex 28.32: експлозиви ex 28.39: експлозиви ex 28.50: токсични производи ex 28.51: токсични производи ex 28.54: експлозиви
Поглавје 29:	Органски хемиски производи освен: ex 29.03: експлозиви ex 29.04: експлозиви

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

	ex 29.07: експлозиви ex 29.08: експлозиви ex 29.11: експлозиви ex 29.12: експлозиви ex 29.13: токсични производи ex 29.14: токсични производи ex 29.15: токсични производи ex 29.21: токсични производи ex 29.22: токсични производи ex 29.23: токсични производи ex 29.26: експлозиви ex 29.27: токсични производи ex 29.29: експлозиви
Поглавје 30:	Фармацевтски производи
Поглавје 31:	Ѓубрива
Поглавје 32:	Екстракти за штавење или бојосување, танини и нивни деривативи, фарби, бои за текстил, пигменти и други материи за бојосување, приготвени премачкувачки средства и лакови, китови и други затиначки маси, печатарски бои и мастила
Поглавје 33:	Етерични масла и резиноиди, парфимериски, козметички или тоалетни препарати
Поглавје 34:	Сапун, органски површински активни средства, препарати за перење, препарати за подмачкување, вештачки восоци, приготвени восоци, препарати за полирање или чистење, свеќи и слични производи, пасти за моделирање, „забарски восоци“ и забарски препарати врз база на гипс
Поглавје 35:	Белтачинести материи, лепила, ензими
Поглавје 37:	Производи за фотографски и кинематографски цели

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Поглавје 38:	Разни производи на хемиската индустрија, освен: ex 38.19: токсични производи
Поглавје 39:	Вештачки смоли и пластични маси, целулоза, естери и етери, производи од нив освен: ex 39.03: експлозиви
Поглавје 40:	Каучук, синтетички каучук и производи од нив, освен: ex 40.11: блиндирани гуми
Поглавје 41:	Сурова крупна и ситна кожа (освен животинско крзно) и штавена кожа
Поглавје 42:	Производи од кожа, седларски и сарачки производи, предмети за патување, рачни торби и слични контејнери, производи од животински црева
Поглавје 43:	Природно и вештачко крзно, производи од крзно
Поглавје 44:	Дрво и производи од дрво, дрвен јаглен
Поглавје 45:	Плута и производи од плута
Поглавје 46:	Производи од слама, еспарт и од други материјали за плетарија, кошничарски и плетарски работи
Поглавје 47:	Материјали за производство на хартија
Поглавје 48:	Хартија и картон, производи од хартиена маса, од хартија или од картон
Поглавје 49:	Печатени книги, весници, слики и други производи на графичката индустрија индустрија, ракописи, чукани текстови и планови
Поглавје 65:	Шешири, капи и други покривки за глава и нивни делови
Поглавје 66:	Чадори, сонцобрани, стапови, стапови-столови, камшици, корбачи и нивни делови
Поглавје 67:	Перје и пердув, препарати и производи изработени од перје и пердув, вештачко цвеќе, производи од човечка коса
Поглавје 68:	Производи од камен, од гипс, од цемент, од азбест, од лискун и

	од слични материјали
Поглавје 69:	Керамички производи
Поглавје 70:	Стакло и производи од стакло
Поглавје 71:	Бисери, скапоцени и полускапоцени камења, благородни метали, валани благородни метали и производи од нив, имитации на накит
Поглавје 73:	Производи од железо и челик
Поглавје 74:	Бакар и производи од бакар
Поглавје 75:	Никел и производи од никел
Поглавје 76:	Алуминиум и производи од алуминиум
Поглавје 77:	Магнезиум и берилиум и производи од нив
Поглавје 78:	Олово и производи од олово
Поглавје 79:	Цинк и производи од цинк
Поглавје 80:	Калај и производи од калај
Поглавје 81:	Други прости метали што се употребуваат во металургијата и производи од нив
Поглавје 82:	Алати, ножарски делови, прибор за јадење, лажици и вилушки од прости метали, нивни делови, освен: ex 82.05: алати ex 82.07: алати, делови
Поглавје 83:	Разни предмети од прости метали

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Поглавје 84:	Котли, машини и механички уреди, нивни делови, освен: ex 84.06: мотори ex 84.08: други мотори ex 84.45: машинерија ex 84.53: машини за автоматска обработка на податоци ex 84.55: делови од машини под наслов бр. 84.53 ex 84.59: нуклеарни реактори
Поглавје 85:	Електрични машини и опрема, нивни делови, освен: ex 85.13: телекомуникациска опрема ex 85.15: апаратура за трансмисија
Поглавје 86:	Локомотиви за возови и трамваи, шински возила и нивни делови, елементи и спојки за железнички и трамвајски шини, опрема за сигнализација на сообраќајот од сите видови (без електрично напојување), освен: ex 86.02: блиндирани локомотиви, електрични ex 86.03: други блиндирани локомотиви ex 86.05: блиндирани вагони ex 86.06: вагони за поправка ex 86.07: вагони
Поглавје 87:	Возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови, освен: ex 87.08: тенкови и други оклопни возила ex 87.01: трактори ex 87.02: воени возила

	ex 87.03: камиони ex 87.09: моторцикли ex 87.14: приколки
Поглавје 89:	Бродови, чамци и пловечки конструкции, освен: ex 89.01A: воени бродови
Поглавје 90:	Оптички, фотографски, кинематографски, мерни, контролни, прецизни, медицински и хируршки инструменти и апарати, нивни делови, освен: ex 90.05: двогледи ex 90.13: разни инструменти, ласери ex 90.14: телеметри ex 90.28: електрични и електронски мерни инструменти ex 90.11: микроскопи ex 90.17: медицински инструменти ex 90.18: механички терапевтски апарати ex 90.19: ортопедски апарати ex 90.20: рентген-апаратура
Поглавје 91:	Часовници и рачни часовници
Поглавје 92:	Музички инструменти, апарати за снимање или репродукција на звук, телевизиска слика и звук, делови и прибор на такви производи
Поглавје 94:	Мебел и делови од мебел, постелнина, мадраци, носачи на мадраци, перници и слични полнети предмети, освен: ex 94.01A: седишта за авиони

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

Поглавје 95:	Предмети и производи од материјал за резбарство или моделирање
Поглавје 96:	Метли, четки, сита и средства за расфрлање прав
Поглавје 98:	Разни производи

АНЕКС IV

БАРАЊА КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ УРЕДИТЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИЕМ НА ПОНУДИ, БАРАЊА ЗА УЧЕСТВО НА ПОНУДИ И ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО КОНКУРСИ ЗА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

Средствата за електронски прием на понуди, барања за учество и планови и проекти во конкурсите мора да гарантираат, технички и преку соодветни постапки, дека:

(а) може прецизно да се утврди точното време на прием на понудите, барања за учество и поднесувањето планови и проекти;

(б) може разумно да се обезбеди дека, пред пропишаните временски рокови, никој не може да има пристап до податоците што се пренесени под овие барања;

(в) само овластени лица можат да ги одредат или менуваат датумите за отворање на добиените податоци;

(г) во различни фази од постапката за набавка или конкурсот, пристапот до сите поднесени податоци или до дел од нив е можен само преку истовремена активност на овластени лица;

(д) истовремената активност на овластените лица мора да овозможи пристап до пренесените податоци само по пропишаниот датум;

(ѓ) добиените и отворени податоци во согласност со овие барања мора да бидат достапни само за лицата кои се овластени да се запознаат со нив;

(е) во случај да се прекршат или да постои обид за прекршување на забраните за пристап или условите наведени во точки (б), (в), (г), (д) и (ѓ), може разумно да се обезбеди дека прекршувањата или обидите јасно може да се откријат.

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

АНЕКС V

ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖАТ ИЗВЕСТУВАЊАТА

ДЕЛ А

Информации кои треба да ги содржат известувањата за објавување претходни информации за профилот на купувачот

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. Вид на договорниот орган и основна дејност.

3. Каде е соодветно, се наведува дека договорниот орган е централно тело за набавки, или дека постои или може да постои друга форма на заеднички набавки.

4. ОПЈН/CPV - ознаки.

5. Интернет-адреса на „профилот на купувачот“ (URL).

6. Датум на испраќање на објавувањето на известувањето за првичните информации за профилот на купувачот.

ДЕЛ Б

Информации кои треба да ги содржат известувањата за претходни информации

(како што е наведено во член 48)

I. **Информации кои треба да бидат вклучени во сите случаи**

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. Електронска пошта или интернет адреса на кои ќе биде достапен неограничен и целосен директен слободен пристап до документите за набавка.

Кога не е достапен неограничен и целосен, директен слободен пристап во случаите утврдени во вториот и третиот потстав од член 53(1), назнака за начинот на кој може да се добие пристап до документацијата за набавка.

3. Вид на договорниот орган и основна дејност.

4. Каде е соодветно, се наведува дека договорниот орган е централно тело за набавки, или дека постои или може да постои друга форма на заеднички набавки.

5. ОПЈН/CPV - ознаки; во случај кога договорот е поделен на делови, оваа информација се дава за секој дел.

6. НУТС ознака за главното место на работи при договори за работи или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување на договори за добра и услуги; кога договорот е поделен на посебни делови, оваа информација се дава за секој дел.

7. Краток опис на набавката: природа и обем на работите, природа и количина или вредност на добра, природа и обем на услугите.

8. Кога ова известување не се користи како покана за учество во постапка за наддавање, проценетиот датум(-и) за објавување на известувањето(-ата) за договор во

однос на договорот(-ите) наведени во известувањето за првичните информации.

9. Датум на испраќање на известувањето.

10. Сите други важни информации.

11. Наведување дали договорот е предмет на ГПА.

II. **Дополнителни информации кои треба да се обезбедат кога известувањето се користи како повик за наддавање (член 48(2))**

1. Наведување на фактот дека заинтересираните економски оператори треба да го известат договорниот орган за нивниот интерес за договорот или договорите.

2. Вид на постапка за доделување (ограничени постапки, без разлика дали во нив е вклучен систем за динамично купување или постапки за наддавање со преговарање).

3. Кога е соодветно, наведување дали:

(а) постои рамковна спогодба,

(б) постои систем за динамично купување.

4. Како што е веќе познато, распоред за испорака или обезбедување на производи, работи или услуги и рок на важност на договорот.

5. Кога се веќе познати, услови за учество, вклучувајќи:

(а) каде што е соодветно, се наведува дали јавниот договор е ограничен за заштитени работилници или дали неговото спроведување е ограничено во рамки на програми за создавање на заштитени работни места,

(б) каде што е соодветно, се наведува дали обезбедувањето на услугата е резервирано согласно законска, подзаконска или административна одредба само за одредена професија,

(в) краток опис на критериумите за избор.

6. Како што е веќе познато, краток опис на критериумите кои ќе се користат за доделување договор.

7. Како што е веќе познато, вкупниот предвиден износ на договорот(-ите);кога договорот е поделен на делови, оваа информација се дава за секој дел.

8. Рок за прием на комуникации за изразување на интерес.

9. Адреса на која треба да се испраќаат пораки за изразување на интерес.

10. Јазик или јазици дозволени за претставување на кандидатурите или понудите.

11. Кога е соодветно, наведување дали:

(а) ќе се бара/прифаќа електронско доставување на понуди или барања за учество,

(б) ќе се користи електронско нарачување,

(в) ќе се користи електронско фактурирање,

(г) ќе се прифаќа електронско плаќање.

12. Информации дали договорот е поврзан со проект и/или програма финансирана со средства од фондовите на Унијата.

13. Име и адреса на органот одговорен за преглед, и каде што е соодветно, за

постапките на посредување. Точни информации за временските рокови за постапки за преглед или, по потреба, името, адресата, телефонскиот број, бројот на факс и електронската пошта на службата од која може да се добијат тие информации.

ДЕЛ В

Информации кои треба да ги содржат известувањата за договор

(како што е наведено во член 49)

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. Електронска пошта или интернет адреса на кои ќе биде достапен неограничен и целосен директен слободен пристап до документите за набавка.

Кога не е достапен неограничен и целосен, директен слободен пристап во случаите утврдени во вториот и третиот потстав од член 53(1), назнака за начинот на кој може да се добие пристап до документацијата за набавка.

3. Вид на договорниот орган и основна дејност.

4. Каде е соодветно, се наведува дека договорниот орган е централно тело за набавки, или дека постои или може да постои друга форма на заеднички набавки.

5. ОПЈН/CPV - ознаки; во случај кога договорот е поделен на делови, оваа информација се дава за секој дел.

6. НУТС ознака за главното место на работи при договори за работи или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување на договори за добра и услуги; кога договорот е поделен на посебни делови, оваа информација се дава за секој дел.

7. Опис на набавката: природа и обем на работите, природа и количина или вредност на добра, природа и обем на услугите. Кога договорот е поделен на посебни делови, оваа информација се дава за секој дел. Каде што е соодветно, опис на опциите.

8. Вкупен предвиден износ на договорот(-ите); кога договорот е поделен на делови, оваа информација се дава за секој дел.

9. Одобрување или забранување на варијанти.

10. Распоред за обезбедување или извршување на добра, работи или услуги и колку што е можно, времетраење на договорот.

(а) Во случај на рамковна спогодба, напомена за планираното времетраење на рамковната спогодба, кога е соодветно се наведуваат причините за рокот кои надминуваат четири години; кога е можно, се наведува вредноста или големината и зачестеноста на договорите, кои треба да се доделат, бројот на вклучени економски оператори и кога е соодветно, предложениот максимален број.

(б) Во случај на систем за динамично купување се наведува планираното времетраење на тој систем; кога е можно, се наведува вредноста или големината и зачестеноста на договорите кои треба да се доделат.

11. Услови за учество, вклучувајќи:

(а) каде што е соодветно, се наведува дали јавниот договор е ограничен за

заштитени работилници или дали неговото спроведување е ограничено во рамки на програми за создавање на заштитени работни места,

(б) каде што е соодветно, се наведува дали обезбедувањето на услугата е резервирано согласно законска, подзаконска или административна одредба само за одредена професија; упатување кон соодветниот закон, регулатива или административна одредба,

(в) листа и краток опис на критериумите за личната состојба на економските оператори, што би можело да доведе до исклучување и на критериумите за избор; минимално(-и) ниво(-а) на можно побарани стандарди; наведување на бараните информации (лични декларации, документација).

12. Вид на постапка за доделување; каде е соодветно, причини за употреба на забрзана постапка (во случај на отворени, ограничени постапки и постапки за наддавање со преговарање).

13. Кога е соодветно, наведување дали:

(а) постои рамковна спогодба,

(б) постои систем за динамично купување,

(в) постои електронска аукција (во случај на отворена или ограничена постапка или на постапки за наддавање со преговарање).

14. Кога договор треба да се подели на делови, се наведува можноста учесниците да поднесат понуди за еден, за неколку или за сите делови; наведување за евентуално ограничување на бројот на делови кои можат да се доделат на еден понудувач. Кога договорот не е поделен на делови, се наведуваат причините за тоа, освен ако оваа информација е обезбедена во индивидуалниот извештај.

15. Во ограничена постапка, постапка за наддавање со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации, кога се користи можноста за намалување на бројот на кандидати кои ќе бидат поканети да поднесат понуда, да учествуваат во преговори или во дијалог, минималниот и каде што е соодветно, предложениот максимален број кандидати и објективни критериуми за избор на предметните кандидати.

16. Во случај на постапка за наддавање со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации, кога е соодветно, се наведува околноста дека се користи етапна постапка, за постепено да се намали бројот на понудите кои треба да се преговараат, или одлуките кои треба да се дискутираат.

17. Каде што е соодветно, посебни услови на кои подлежи спроведувањето на договорот.

18. Критериуми кои треба да се применуваат при доделување на договорот или договорите. Освен во случаите во кои економски најповолната понуда се дефинира само врз основа на цената, се наведуваат критериумите за економски најповолната понуда, како и нивната релативна тежина, кога не се наведени во спецификациите или во случај на конкурентен дијалог, во описниот документ.

19. Рок за прием на понуди (во отворени постапки) или барања за учество (во ограничени постапки, постапки за наддавање со преговарање, системи за динамично купување, конкурентни дијалози и партнерства за иновации).

20. Адреса на која се доставуваат понудите или барањата за учество.

21. Во случај на отворени постапки:

(а) рок во кој понудувачот мора да ја поддржува понуда,

(б) датум, час и место на отворање на понудите,

(в) лица кои се овластени да присуствуваат на отворањето.

22. Јазик или јазици на кои треба да бидат составени понудите или барањата за учество.

23. Кога е соодветно, наведување дали:

(а) ќе се прифати електронско доставување на понуди или барања за учество,

(б) ќе се користи електронско нарачување,

(в) ќе се прифати електронско фактурирање,

(г) ќе се користи електронско плаќање.

24. Информации дали договорот е поврзан со проект и/или програма финансирана со средства од фондовите на Унијата.

25. Име и адреса на органот одговорен за преглед, и каде што е соодветно, за постапките на посредување. Точни информации за временските рокови за постапки за преглед или, по потреба, името, адресата, телефонскиот број, бројот на факс и електронската пошта на службата од која може да се добијат тие информации.

26. Датум(-и) и референтна(-и) информација(-и) за претходните објавувања во *Службениот весник на Европската унија* во однос на договорот(-ите) наведен(-и) во ова известување.

27. Во случај на повторувачка набавка, предвиден распоред за објавување на следните известувања.

28. Датум на испраќање на известувањето.

29. Наведување дали договорот е предмет на ГПА.

30. Сите други важни информации.

ДЕЛ Г

Информации кои треба да ги содржат известувањата за доделување договор

(како што е наведено во член 50)

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. Вид на договорниот орган и основна дејност.

3. Каде е соодветно, се наведува дека договорниот орган е централно тело за набавки, или дека постои или може да постои друга форма на заеднички набавки.

4. ОПЈН/CPV - ознаки.

5. НУТС ознака за главното место на работи во случај на договори за работи или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување во случај на договори за добра и услуги.

6. Опис на набавката: природа и обем на работите, природа и количина или вредност на добра, природа и обем на услугите. Кога договорот е поделен на посебни делови, оваа информација се дава за секој дел. Каде што е соодветно, опис на опциите.

7. Видот на користена постапка за доделување; во случај на постапка со преговарање без претходно објавување, оправдување за тоа.

8. Кога е соодветно, наведување дали:

(а) постоела рамковна спогодба,

(б) постоел систем за динамично купување.

9. Критериумите наведени во член 67, кои биле користени за доделување на договор или договори. Кога е соодветно, напомена дали постоела електронска аукција (во случај на отворени или ограничени постапки или постапки за наддавање со преговарање).

10. Датум на склучување на договорот(-ите) или рамковната(-ите) спогодба(-и) по донесување на одлуката за доделување или за склучување на договорот(-ите).

11. Број на примените понуди за секоја доделена концесија, вклучувајќи:

(а) број на понудите поднесени од економски оператори кои се мали и средни претпријатија;

(б) број на понудите доставени од друга земја-членка или од трета земја;

(в) број на понуди добиени по електронски пат.

12. За секое доделување, име, адреса, вклучувајќи НУТС ознака, и каде што е применливо, број на телефон, број на факс, електронска пошта и интернет адреса на успешниот понудувач(-и), вклучувајќи:

(а) информации дали успешниот понудувач е мало и средно претпријатие;

(б) информации дали договорот е доделен на група економски оператори (заедничко вложување, конзорциум или друго).

13. Вредност на успешната понуда (понуди) или на највисоката и најниската понуда земени предвид при доделувањето или доделувањата на договорот.

14. Каде што е соодветно, при секое доделување се наведува вредноста и делот од договорот што најверојатно ќе биде доделен на подизведувачи, трети лица.

15. Информации дали договорот е поврзан со проект и/или програма финансирана со средства од фондовите на Унијата.

16. Име и адреса на органот одговорен за преглед, и каде што е соодветно, за постапките на посредување. Точни информации за временските рокови за постапки за преглед или, по потреба, името, адресата, телефонскиот број, бројот на факс и електронската пошта на службата од која може да се добијат тие информации.

17. Датум(-и) и референтна(-и) информација(-и) за претходните објавувања во *Службениот весник на Европската унија* во однос на договорот(-ите) наведен(-и) во ова известување.

18. Датум на испраќање на известувањето.

19. Сите други важни информации.

ДЕЛ Д

Информации кои треба да ги содржат известувањата за конкурси за идејни решенија

(како што е наведено во член 79(1))

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. Електронска пошта или интернет адреса на кои ќе биде достапен неограничен и целосен директен слободен пристап до документите за набавка.

Кога не е достапен неограничен и целосен, директен слободен пристап во случаите утврдени во вториот и третиот потстав од член 53(1), назнака за начинот на кој може да се добие пристап до документацијата за набавка.

3. Вид на договорниот орган и основна дејност.

4. Каде е соодветно, се наведува дека договорниот орган е централно тело за набавки, или дека постои или може да постои друга форма на заеднички набавки.

5. ОПЈН/CPV - ознаки; во случај кога договорот е поделен на делови, оваа информација се дава за секој дел.

6. Опис на главните карактеристики на проектот.

7. Број и вредност на наградите.

8. Вид на конкурсот за идејно решение (отворена или ограничена постапка).

9. Во случај на отворена постапка на конкурсот за идејни решенија, рок за доставување на проекти. 10. Во ограничена постапка на конкурсот за идејно решение:

(а) планиран број учесници,

(б) имињата на веќе избраните учесници, доколку има такви,

(в) критериуми за избор на учесниците,

(г) рок за пријави за учество.

11. Каде што е соодветно, се наведува дека учеството е ограничено до одредена професија.

12. Критериуми кои се применуваат при проценка на проектите.

13. Информации дали одлуката на жирито е обврзувачка за договорниот орган.

14. Плаќања, кои треба да се извршат во корист на сите учесници, ако се предвидени.

15. Напомена дали конкурсот за идејно решение ќе биде или не проследен со договори, кои ќе се доделат на победникот или победници на конкурсот за идејно решение.

16. Датум на испраќање на известувањето.

17. Сите други важни информации.

ДЕЛ Ѓ

Информации, која треба да се вклучат во известувањата за резултатите од конкурсот

Преводот на актот е изработен како прва верзија на превод од Секретаријатот за европски прашања.

(како што е наведено во член 79(2))

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. Вид на договорниот орган и основна дејност.

3. Каде е соодветно, се наведува дека договорниот орган е централно тело за набавки, или дека постои или може да постои друга форма на заеднички набавки.

4. ОПЈН/CPV - ознаки.

5. Опис на главните карактеристики на проектот.

6. Вредност на наградите.

7. Вид на конкурсот за идејно решение (отворена или ограничена постапка).

8. Критериуми кои се применувале при проценка на проектите.

9. Датум на одлуката на жирито.

10. Број на учесници.

(а) Број на учесници, кои се МСП.

(б) Број на учесници од странство.

11. Име, адреса, вклучувајќи НУТС ознака, број на телефон и факс, електронска пошта и интернет адреса на победникот(-ците) на конкурсот, како и наведување дали победникот(-ците) се мали или средни претпријатија.

12. Информации дали конкурсот за идејно решение е поврзан со проект или програма финансирана со средства на Унијата.

13. Датум(-и) и референтна(-и) информација(-и) за претходните објавувања во *Службениот весник на Европската унија* во однос на проектот(-ите) наведен(-и) во ова известување.

14. Датум на испраќање на известувањето.

15. Сите други важни информации.

ДЕЛ Е

Информации кои треба да се вклучат во известувања за измени на договори во текот на нивното траење

(како што е наведено во член 72(1))

1. Име, идентификациски број (кога предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС код, број на телефон и факс, адреса на електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган, а кога се разликуваат, податоци за службата од која може да се добијат дополнителни информации.

2. ОПЈН/CPV - ознаки.

3. НУТС ознака за главното место на работи во случај на договори за работи или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување во случај на договори за добра и услуги;

4. Опис на набавката пред и по измената: природа и обем на работите, природа и

количина или вредност на добра, природа и обем на услугите.

5. Кога е применливо, зголемување на цената предизвикано од промените.

6. Опис на околностите што доведоа до потребата од измена.

7. Датум на одлуката за доделување на договор.

8. Каде што е применливо, името, адресата вклучувајќи НУТС ознака, бројот на телефон, бројот на факс, електронската пошта и интернет адреса на новиот економски оператор или оператори.

9. Информации дали договорот е поврзан со проект и/или програма финансирана со средства од фондовите на Унијата.

10. Име и адреса на надзорниот орган и органот одговорен за преглед, и каде што е соодветно, за постапките на посредување. Точни информации за временските рокови за постапки за преглед или, по потреба, името, адресата, телефонскиот број, бројот на факс и електронската пошта на службата од која може да се добијат тие информации.

11. Датум(-и) и референтна(-и) информација(-и) за претходните објавувања во *Службениот весник на Европската унија* во однос на договорот(-ите) наведен(-и) во ова известување.

12. Датум на испраќање на известувањето.

13. Сите други важни информации.

ДЕЛ Ж

Информации кои треба да бидат вклучени во известувањата за договори за социјални и други специфични услуги

(како што е наведено во член 75(1))

1. Име, идентификациски број (кога таков предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган.

2. НУТС ознака за главното место на работи во случај на договори за работи или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување во случај на договори за добра и услуги.

3. Краток опис на соодветниот договор, вклучувајќи ОПЈН/CPV ознаки.

4. Услови за учество, вклучувајќи:

(а) каде што е соодветно, се наведува дали договорот е ограничен за заштитени работилници или дали неговото спроведување е ограничено во рамки на програми за создавање на заштитени работни места;

(б) каде што е соодветно, се наведува дали обезбедувањето на услугата е резервирано согласно законска, подзаконска или административна одредба само за одредена професија.

5. Рок(-ови) за воспоставување на контакт со договорниот орган во поглед на учеството.

6. Краток опис на главните карактеристики на постапката за доделување која ќе се применува.

ДЕЛ З

Информации кои треба да бидат вклучени во првичните известувања за социјални и други специфични услуги

(како што е наведено во член 75(1))

1. Име, идентификациски број (кога таков предвидува националното законодавство), адреса, вклучувајќи НУТС ознака, електронска пошта и интернет адреса на договорниот орган.

2. Краток опис на соодветниот договор, вклучувајќи ја проценетата вкупна вредност на договорот и ОПЈН/CPV ознаки.

3. Доколку се веќе познати:

(а) НУТС ознака за главното место на работи во случај на договори за работи или НУТС ознака за главното место на испорака или извршување во случај на договори за добра и услуги.

(б) распоред за обезбедување или извршување на добра, работи или услуги и времетраење на договорот.

(в) услови за учество, вклучувајќи:

- каде што е соодветно, се наведува дали јавниот договор е ограничен за заштитени работилници или дали неговото спроведување е ограничено во рамки на програми за создавање на заштитени работни места,

- каде што е соодветно, се наведува дали обезбедувањето на услугата е резервирано согласно законска, подзаконска или административна одредба само за одредена професија,

(г) краток опис на главните карактеристики на постапката за доделување која ќе се применува.

